**Публикација на текстови од група индивидуални автори и претставници на институции вклучени во спроведувањето на проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа (ПРЕЦЕДЕ)"**

# МИРОТ СЕ ГРАДИ ОД НАЈРАНА ВОЗРАСТ



**Проектот е финансиран од Европската унија Инструмент за претпристапна помош (ИПА) Инструмент за граѓанско општество (СЦФ)**

**Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.**

# PRECEDE

**Partnership for Reconciliation through Early Childhood Education and Development in Europe**

# МИРОТ СЕ ГРАДИ ОД НАЈРАНА ВОЗРАСТ

Публикација на текстови од група индивидуални автори и претставници на институции вклучени во спроведувањето на проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа (ПРЕЦЕДЕ)“

Проектот е финансиран од Европската Унија. Инструмент за претпристапна помош (ИПА)
Инструмент за граѓанско општество (СЦФ)
Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.

**Издавач:**
Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“

**Извршен директор и основач:**
м-р Драги Змијанац

**Уредници/редакциски одбор:**
Катерина Конеска и Ана Битољану

**Лектура:**
Марина Геческа-Василевска

**Графичка подготовка и печатење:**
„Инвенто“

**Адреса на издавачот:**
Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“
Ул. „Коста Новаковиќ“, бр. 22 а, 1 000 Скопје
Тел./факс: +389 2 2465 316
E-mail: info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“.

Оваа публикација е подготвена во рамките на Проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа“ (Partnership for Reconciliation through Early Childhood Education and Development in Europe). Проектот е финансиран од Европската унија. Инструмент за претпристапна помош (ИПА), Инструмент за граѓанско општество (СЦФ).

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.

## СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР**

Катерина Конеска, раководител на програми во Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“

**1. МОЌТА НА РАНИОТ ДЕТСКИ РАЗВОЈ ВО ГРАДЕЊЕТО НА МИРОТ**

1.1. М-р Драги Змијанац, извршен директор и основач на Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“,
„Градење култура за мир од најрана возраст“ ........ 10

1.2. Проф. д-р Лена Дамовска, Филозофски факултет, Институт за педагогија, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје
Проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование“ понуди нови стратегии за работа на воспитувачите во детските градинки ........ 11

1.3. Д-р Калина Сотироска-Иваноска, доктор по психолошки науки
„Програмата ПРЕЦЕДЕ: клуч кон подобра иднина на зедницата“ ........ 12

1.4. Доц. д-р Сашо Кочанковски, претседател на Центар за човекови права АМОС - Битола
„Потреба за мировно образование во раниот детски период“ ........ 14

1.5. Даниела Трајковска, наставник по одделенска настава, Гешталт психотерапевт
„Важноста на родителот, воспитувачот и секоја возрасна личност во растот и развојот на секое дете“ ........ 16

1.6. Валентина Димовска, психолог/семеен советник; Советодавен центар за родители и деца –Гази Баба, СОС Детско село - Скопје
„Образование за мир“ ........ 18

**2. ЛАБОРАТОРИИ НА АКЦИОНО ИСТРАЖУВАЊЕ; МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И НИВНА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА (ТЕКСТОВИТЕ СЕ НАРЕДЕНИ ПО СЛУЧАЕН РЕДОСЛЕД)**

2.1. Д-р Габриела Дурчевска-Георгиева - советник во Бирото за развој на образованието и Сања Ливринска – педагог во детската градинка „Фидани“, Општина Чаир - Скопје
„Модел на инструмент за интерен мониторинг на воспитно-образовните активности во детските градинки“ ........ 21

2.2. Виолета Стошевска - педагог и Даниела Бојовиќ – логопед во ЈОУДГ „Ангел Шајче“ – Куманово
„Развој на поврзан говор“ ........ 26

2.3. Радмила Стојковска-Алексова, дефектолог и раководителка на Центарот за асистивна технологија во „Отворете ги прозорците“
Истражување: Процесот на инклузија во предучилишните установи во Општина Карпош ........ 47

2.4. ЈОУДГ Астибо – Штип
„Куклите во мојата градинка“ ........ 69

2.5. Славица Благоеска, психолог, ЈУДГ „Детска радост“
Општина Гази Баба, Скопје
„Култура за мир“ ........ 73

**3. ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ЈА ОЖИВОТВОРУВААТ ПРЕЦЕДЕ ПРОГРАМАТА И ГО ПОДДРЖУВААТ ГРАДЕЊЕТО НА МИРОТ ПРЕКУ АКТИВНО СЛУШАЊЕ НА ДЕЦАТА И ВИСТИНСКО ПОЧИТУВАЊЕ НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ (ТЕКСТОВИТЕ СЕ НАРЕДЕНИ ПО АЗБУЧЕН РЕДОСЛЕД НА НАЗИВИТЕ НА ГРАДИНКИТЕ)**

3.1. Зуал Реџепоска – воспитувач во ЈОУДГ „8-ми Март“ – Струга
„Интегрирана програма за почитување на разликите“ ........ 80

3.2. Фимка Ковчегарска – директорка на ЈОУДГ „23 Август“ – Берово
„Вклученост на детската градинка
„23 Август“ – Берово во ПРЕЦЕДЕ“ ........ 81

3.3. Стручна служба при ЈОУДГ „Ангел Шајче“ – Куманово
„Позитивни искуства и резултати произлезени од
проектот на ПРЕЦЕДЕ мрежата“ ........ 82

3.4. Марија Василевска, воспитувач во ЈОУДГ „Брешиа“ - Дебар
„ПРЕЦЕДЕ во ЈОУДГ „Брешиа“ - Дебар“ ........ 86

3.5. Стручна служба на ЈУДГ „Детска радост“ – Општина Гази Баба, Скопје
„Позитивни искуства и резултати произлезени од
проектот на ПРЕЦЕДЕ мрежата“ ........ 88

3.6. Ирена Атанасова, воспитувач во ЈОУДГ „Детска радост“ – Струмица
„ПРЕЦЕДЕ во ЈОУДГ „Детска радост“ - Струмица ........ 90

3.7. Роза Костеска, директорка и Марија Трпоска, воспитувачка во
ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид
„Придобивки за децата и возрасните од
спроведувањето на ПРЕЦЕДЕ“ ........ 91

3.8. Рамије Даути – директор и Весна Томоска – неговател во
ЈОУ Детска градинка „Младост“ – Тетово
„Со имплементирање на овој проект во нашата градинка
сите ние сме посплотени со децата, родителите и околината“ ........ 93

3.9. Деница Пешиноска – воспитувач во ЈОУДГ „Планински цвет“ – Вевчани
„Придобивки од ПРЕЦЕДЕ програмата во нашата градинка“ ........ 94

3.10. Сања Ливринска – педагог и Софија Русева – психолог во
ЈОУДГ „Фидани“ – Општина Чаир, Скопје
„Анализа на постигнатите резултати во однос на
реализација на проектот ПРЕЦЕДЕ“ ........ 95

**4. ВРЕДНОСТИТЕ КОИ ШТО ГИ ПРОМОВИРА ПРЕЦЕДЕ МРЕЖАТА СЕ И ВРЕДНОСТИ НА НАШАТА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА (ТЕКСТОВИТЕ СЕ НАРЕДЕНИ ПО АЗБУЧЕН РЕДОСЛЕД НА НАЗИВИТЕ НА ОПШТИНИТЕ)**

4.1. Светлана Којчева – соработник за предучилишно образование во Општина Гази Баба
„ПРЕЦЕДЕ Програма“ ........ 101

4.2. М-р Ивана Костовска - советник за социјална заштита и заштита на децата во Општина Куманово
„Позитивните резултати кои произлегоа од ПРЕЦЕДЕ мрежата во нашата општина“ ........ 103

4.3. Маја Ашкилова и Марија Цонова Попова - Општина Штип
„Позитивните искуства и резултати произлезени од проектот на мрежата ПРЕЦЕДЕ“ ........ 105

**5. ПРЕДНОСТИ ОД ВОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ**

5.1. Даниел Митковски – Коалиција „Сите за правично судење“
„Секоја организација треба да се стреми кон подобро и поквалитетно работење и управување“ ........ 108

# ПРЕДГОВОР

Публикацијата „Мирот се гради од најрана возраст“ е подготвена во рамките на проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа“ (ПРЕЦЕДЕ) кој е финансиран од Европската унија, Инструмент за претпристапна помош (ИПА), Инструмент за граѓанско општество (СЦФ). Станува збор за регионален проект кој се спроведува во неколку земји во регионот и е насочен кон градење на мирот и помирувањето преку работа со децата уште на предучилишна возраст. Партнерството го сочинуваат граѓански организации од шест земји: Pomoc deci[1)] од Србија, Centar za Civilne Inicijative[2)] од Хрватска, Partnerë për Fëmijët[3)] од Албанија, Balkan Sunflowers Kosovo[4)] од Косово*, Deca prije svega[5)] од Црна Гора, Early Years[6)] од Северна Ирска и Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“[7)] од Република Македонија. Овој проект се спроведува од декември 2012 година до ноември 2016 г.

Во оваа публикација читателот ќе може да се запознае со предизвиците, научените лекции и најдобрите практики кои произлегоа од спроведувањето на овој проект во Република Македонија. Публикацијата „Мирот се гради од најрана возраст“ претставува мозаик на текстови подготвени од страна на најголем дел од учесниците во овој проект, односно детските градинки кои беа вклучени во проектот, граѓански организации, неколку општини, експерти, соработници и поддржувачи на самата програма, којашто без активното учество, поддршката и целосната посветеност на споменатите актери немаше да може да се реализира во полн обем и онака како што беше планирано.

Оваа публикација е подготвена од група на автори кои споделија како тие гледаат на она што е работено во оваа програма. Публикацијата е посветена на позитивните искуства и резултати произлезени од проектот на мрежата ПРЕЦЕДЕ. Самата публикација претставува своевидна форма на евалуација, базирана на проценката на четиригодишниот напор што ПРЕЦЕДЕ програмата го вложи и најважно - промената што веруваме дека сме ја направиле, анализирајќи и фокусирајќи се на следниве нешта:

- регионален пристап за работа на развојот на почитување на различноста и градење на мирот во регионот, преку работа со деца и најважно - со возрасни кои влијаат на нив - воспитувач(к)ите и родителите;
- развивање национален пристап кон работата на развој на почитувањето на различностите и градење на мирот во целина;
- градење на капацитетите и на локалните граѓански организации и на предучилишните установи за истражување, мониторирање, дејствување и евалуирање на промените со цел да се подобри работата и засновање на нивните аргументи за застапување врз основа на податоците;

1) www.pomocdeci.org/sr
2) www.cci.hr
3) www.partnereperfemijet.org
4) www.balkansunflowers.org
5) www.djecaps.me/index.php/mne
6) www.early-years.org
7) www.childrensembassy.org.mk

- влијание на промена во работата на воспитувач(к)ите - да го вклучат пристапот за развој на почитувањето на различностите кај малите деца во текот на целокупната работа и воспитување (не само во одредени активности);
- инспирација за понатамошни активности во нашата средина/организација
- и секако, сè друго што секој кој на некој начин бил вклучен во оваа програма го гледа како важен аспект на ПРЕЦЕДЕ.

Во спроведувањето на самиот проект беа вклучени 11 предучилишни установи во Република Македонија, и тоа: Јавна општинска установа - Детска градинка „23 Август“ од Берово, Јавна општинска установа - Детска градинка „8ми Март“ од Струга, Јавна општинска установа - Детска градинка „Ангел Шајче“ од Куманово, Јавна општинска установа - Детска градинка „Астибо“ од Штип, Јавна општинска установа - Детска градинка „Брешиа“ од Дебар, Јавна установа - Детска градинка „Детска радост“ од Скопје – Општина Гази Баба, Јавна општинска установа - Детска градинка „Детска радост“ од Струмица, Јавна општинска установа - Детска градинка „Јасна Ристеска“ од Охрид, Јавна општинска установа - Детска градика „Младост“ од Тетово, Јавна општинска установа - Детска градинка „Планински цвет“ од Вевчани и Јавна општинска установа - Детска градинка „Фидани“ од Скопје – Општина Чаир.

Покрај погоре споменатите јавни општински установи -детски градинки (ЈОУДГ), во спроведувањето на програмата беа вклучени и неколку граѓански организации, експерти, новинари/медиуми, сите оние кои сакаа на различни начини да помогнат во спроведувањето на програмата - родителите, членовите на семејствата и секако децата.

Освен претставувањето на позитивните искуства од спроведувањето на програмата ПРЕЦЕДЕ, во оваа публикација се претставени и дел од истражувањата кои се спроведоа во рамките на истата од страна на три градинки и една граѓанска организација кои се очекува да бидат мост меѓу теоријата и праксата. Па оттука, можеме да кажеме дека оваа публикација нуди различни теми и перспективи.

Воспитувањето, растот и развојот на децата е општествена дејност која дава значаен придонес во создавањето на поодговорно, демократски насочено и толерантно граѓанство. Преку овој проект сметаме дека спроведовме низа активности кои помагаат во градење на инклузивно општество во кое децата и возрасните ќе ги почитуваат различностите. На градењето на мирот гледаме како на процес со кој се шири општествена правда и рамноправност и кој е посветен на разрешување на различните причини за разните видови насилство (директно, индиректно, структурно) кои оневозможуваат да се постигне траен мир.

Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ изразува голема благодарност до сите кои беа вклучени во спроведувањето на самата програма и заедно со голем ентузијазам и посветеност работевме на постигнувањето на резултатите на истата. Тоа е очигледно и при подготовката на оваа публикација каде што сите автори доброволно и волонтерски подготвија свој текст, кој се најде подолу на страниците на оваа публикација.

Скопје,
ноември 2016

Редакциски одбор
**Катерина Конеска**

# МОЌТА НА РАНИОТ ДЕТСКИ РАЗВОЈ ВО ГРАДЕЊЕТО НА МИРОТ

М-р **Драги Змијанац**
Извршен директор и основач на
Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“

## Градење култура за мир од најмала возраст

Градењето култура за мир во раната возраст е особено важна активност на воспитно образовниот кадар во градинките.

Вредностите како што се љубов, мирот, толеранција, хуманост, праведност се учат дома и во градинка. Воспитувачите во градинките имаат клучна улога во промовирање и негување на овие вредности.

Во изминатите години во конкретна работа со децата на рана возраст во градинките преку ПРЕЦЕДЕ прорамата се втемелија и вградија вредности кои кај децата поттикнуваат и негуваат независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност.

Програмата имаше улога во подобрување на квалитетот на раната детска едукација и раниот детски развој во рамки на градинките вклучени во програмата, како и во зајакнувањето на почитта на разликите и социјалната инклузија, градење на култура за мир преку лична промена, менување на свеста кај луѓето, давање придонес во општеството и менување на состојбите во општеството.

Она што сакам да го нагласам е дека ме радува фактот што ПРЕЦЕДЕ влезе во Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2017 година. Владата на Република Македонија врз основа на Законот за заштита на децата ја усвои Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2017 година, согледувајќи го значењето на регионалната програма што ПРЕЦЕДЕ мрежата, односно партнерството за помирување преку ран детски развој и образование во Европа го вложува во јавните установи за деца - детски градинки.

Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија ја препозна ПРЕЦЕДЕ програмата како особено важна за спороведување во општините со различен етнички состав и препорачува да се продолжи со спроведувањето на истата, да се реализираат активностите за почитување на разликите и градењето на мир, како и директната работа со децата и родителите, сè во правец на истакнување на важноста на мултикултурализмот и почитување на различностите низ инклузивен процес за ран детски развој. Политичките партии потписнички на Манифестот за мали деца се заветија дека ќе се залагаат сите релевантни институции да ја прифатат потребата за поголема инклузија и почитување на различностите како круцијални елементи на животот на малите деца и учењето, со цел - негување на свет со помалку дискриминација, намалување на нивото на предрасуди и стереотипи и промоција на општествена хармонија и грижа за сите деца кои се во рана детска возраст.

ПРЕЦЕДЕ програмата донесе и своја национална стратегија во која се уважува, поддржува и промовира важноста на раната детска едукација и развој, позитивното воспитување фокусирано на детето и добрата грижа, вклучувајќи го негувањето и учењето на култура на почит, инклузија и прифаќање на различности од најрана возраст.

Проф. д-р **Лена Дамовска**
Филозофски факултет, Институт за педагогија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

# Проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование“, понуди нови стратегии за работа на воспитувачите во детските градинки

Започнувањето и реализацијата на проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа“, за првпат кај нас ја отвори можноста за поширока регионална соработка во рамките на мрежата ПРЕЦЕДЕ и истовремено промоција на мировното образование, во раниот и предучилишниот период на децата.

Амбиентот во кој растат и се развиваат децата во Македонија наложува суштинска промена во педагошкиот дискурс во детските градинки и промоција на критичната педагогија, односно на рефлективната педагогија наспроти традиционалната педагогија и дидактичко-методичкиот пристап во работата со децата, кој недоволно ги афирмира вредностите на мировното образование, сфатено во најширока смисла на зборот. Односно образование за мир, како потреба за промена на знаењата, вештините, однесувањата на децата и стекнувањето на сосема нови вредности кои се однесуваат на мировното образование во раната и предучилишна возраст.

И покрај многубројните проекти кои изминативе години се реализираат во детските градинки, а се однесуваат на мултикултурното и интеркултурното образование, сè уште не се чувствува значителна промена во секојдневната работа со децата во детските грдинки.

Проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование“ понуди нови стратегии за работа на воспитувачите во детските градинки, ја наметна потребата за промена и нов педагошки дизајн на просторот и амбиентот за работа. Исто така, новата методологија на работа ја зголеми сензитивноста кај децата, но и кај нивните родители за значењето на мировното образование, воопшто, и за промоција на заеднички вредности, толеранција, поинакво решавање на проблемите. Можеби една од најзначајните придобивки претставува развивањето на нови очекувани излезни резултати во однесувањето на децата и нивните родители. Истовремено, видливи се постигнувањата кои последниве години се забележуваат во сите градинки каде што се реализираше проектот, пред сè интегрираниот пристап во планирањето на секојднвните активности со децата, новите стратегии на работа, дидактичко-методскиот пристап, почитување на децата, нивниот културен и социјален контекст.

Поддршката на воспитувачите и пилотирањето на два прирачници – „Ги почитуваме различностите“ и „Меѓународен прирачник за воспитувачи кои работат со мали деца од конфликтни и постконфликтни средини“, како и креирањето на национален прирачник претставуваше заокружување на подршката и истовремено водич за промена на ставови и пристапи во инклузијата на теми, поврзани со различностите во секојдневните активности на децата од раната и предучилишната возраст.

Доц. д-р **Калина Сотироска-Иваноска**
доктор на психолошки науки

# Програмата ПРЕЦЕДЕ - клуч кон подобра иднина на заедницата

*Мирот не може да се одржува со сила, мирот може да се постигне со разбирање*

*Алберт Ајнштајн*

Како што рекол нобеловецот Ајнштајн, мирот се одржува единствено со разбирање, а разбирањето се постигнува со образование бидејќи во образованието лежат основите на општеството. Децата се клучот на иднината на општеството, она што децата ќе го научат го детерминира квалитетот на животот во иднина. Програмата ПРЕЦЕДЕ го опфаќа образованието од најмала возраст, вградувајќи вредности кои се појдовна точка на мировното однесување, а тоа се почитување на различностите и прифаќање на другите.

Во рамките на програмата, освен децата, вклучени беа и возрасните, воспитувачите во градинките и родителите. Програмата поттикнува зголемување на свесноста кај возрасните за значењето на прифаќањето на другите и почитување на различностите. Од нив се очекува да поттикнат стимулативен амбиент во домот и во градинките за издигнување на мировното образование, унапредување на раниот детски развој, промовирајќи го почитувањето на другите.

Со самото тоа што родителите беа евалуирани на почетокот од спроведувањето на програмата како и по завршувањето, се забележува во одговорите значително подобрување и зголемување на свесноста за почитувањето и прифаќањето на другите. Исто така, во фокус групите учествуваа родителите чии децата беа вклучени во програмата и самите родители се согласни дека е неопходна потребата да се развие свесноста за почитување на различностите и процесот на градење мир и помирување кај децата од предучилишна возраст. Едногласни беа во прифаќањето и поттикнувањето на понатамошно образование во насоките кои ги нуди програмата, укажувајќи притоа на исклучителната значајност на истите за развојот на нивните деца.

Во текот на денот, воспитувачите во градинките престојуваат со децата долго време, така што креирање на правилно насочени активности може да ја поттикне желбата за учење кај децата од предучилишна возраст. Така, воспитувачите во градинките поттикнуваа ефективен амбиент за учење за вредностите за кои програмата ПРЕЦЕДЕ се залага. По извршените обуки за спроведување на програмата, воспитувачите презедоа исклучително активна улога во процесот на спроведување на истата. Активностите за подучување беа соодветно приспособени на развојните потреби на децата, со цел поуспешно да се достигнат стандардите за рано учење и развој во контекст на прифаќање на другите и почитување на различностите. Програмата вклучуваше игри во кои беа вклучени децата, а иницирани од воспитувачите. Тие претставуваа движечка сила за поттикнување и присвојување на однесувања за прифаќање на другите.

Градинките не се изолирани ентитети, тие ја рефлектираат локалната заедница. Така, градинките со локалната заедница можат да имплементираат знаење и вештини, да го следат спроведувањето на политики, програми и проекти поврзани со спречување конфликти, градење на мир и помирување низ воспитување и образование. Клучните елементи на локалната, но секако и на глобалната заедница, треба да бидат насочени кон создавање на

правични и соодветни услови за живеење. Со активностите кои беа вклучени во рамките на програмата, а се спроведуваа во градинките, децата стануваа свесни за мултикултурализамот, постоење на различности во однос на етничка припадност, полова припадност, потешкотии во развојот, инвалидитет и слично. Доколку ние не знаеме што вреднуваме, не можеме тоа ни да го заштитиме.

Образованието, за кое се залага програмата ПРЕЦЕДЕ, има витална улога во градење на свесноста за негување на социјална правда, превенција на конфликти и градење одржлив мир. На тој начин децата и возрасните се поттикнати да преземат активности да направат нешто што ќе придонесе кон градење на мирољубив свет.

Сепак мирот, толеранцијата и прифаќањето на другите започнува дома, се поттикнува и развива во предучилишните институции за ран детски развој, се проширува во училишниот двор, се протега во заедницата, станува дел од работното место, доведува до вклучување во глобалните активности за еднаквост, толеранција, прифаќање и правда. Спроведувањето на програмата ПРЕЦЕДЕ ја реализира својата визија, преземе иницијатива и спроведе активности за промена кај децата од најрана возраст, семејствата, предучилишните институции и секако околината за ненасилна, мировна и правична одговорност. Децата вклучени во програмата се очекува да пораснат во среќни, здрави и продуктивни членови на заедницата.

Со тоа главната цел на програмата е постигната, поддржување на влијанието на граѓанското општество врз процесот на помирување и кохезија преку образованието и развојот на децата од предучилишна возраст.

Доц. д-р **Сашо Кочанковски**, претседател
Центар за човекови права АМОС Битола

## Потреба за мировно образование во раниот детски период

Во Република Македонија недостасуваше континуирано мировно образование во раниот детски период од развојот и се чувствуваше потреба за отпочнување со структурирани активности кои ќе придонесат за надминување на дискриминацијата, вклучување на децата со пречки во развојот, како и ненасилна комуникација и градење на мирот. Оваа празнина почна да се пополнува со ПРЕЦЕДЕ проектот, кој во Република Македонија го координира Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" во соработка со повеќе институции и организации.

Во текот на реализацијата на проектот се стекнавме со многу важни и интересни знаења и нови вештини, единствени методи за работа со децата, воспитувачите и нивните родители, имавме можност да размениме искуства со други организации и институции од земјата и странство.

Нашите настојувања во иднина ќе бидат насочени во споделување на стекнатите искуства, не само во нашата организација, туку уште повеќе со институциите и организациите во Битола кои работат со деца во периодот на раниот детски развој - образование и воспитување. Исто така, ја чувствуваме потребата од продолжување на активностите од ПРЕЦЕДЕ и опфаќање на сите деца во Република Македонија.

Центарот за човекови права АМОС Битола е вклучен уште од самиот почеток на реализацијата на ПРЕЦЕДЕ програмата во Македонија која ја раководи Првата детска амбасада во светот „Меѓаши". Воедно, Центарот за човекови права АМОС Битола во рамки на проектот ПРЕЦЕДЕ го спроведе и проектот „Подобрување на почитувањето на различностите и инклузијата на малите деца преку активности за градење на мир во Битола" кој беше дел од субгрантираните проекти во рамките на ПРЕЦЕДЕ. Активностите од субгрантираниот проект започнаа во мај 2016 година во Битола.

Во рамките на субгрантираниот проект беше спроведена еднодневна работилница со менаџерите и воспитувачите, студентите од Факултетот за психологија и дефектолози за потребата и корисноста од користењето на методите од ПРЕЦЕДЕ во подобрување на почитувањето на различностите и подобрување на инклузивни практики кај мали деца во градење на мирот во Битола.

Општа цел на проектот, кој беше субгрантиран во рамките на ПРЕЦЕДЕ, е подобрување на почитувањето на различностите и инклузијата на малите деца, преку активности за градење на мир. Додека специфичните цели се: подигнување на свесноста кај менаџерите и вработените во предучилишните установи и приватните градинки и игротеки во Битола за важноста на овие аспекти при воспитувањето и образованието на децата од предучилишна возраст; стекнување на знаења и искуства од реализацијата на ПРЕЦЕДЕ програмата во Македонија; вмрежување на сите заинтересирани чинители за користење на искуствата од ПРЕЦЕДЕ Македонија.

Директни корисници беа менаџерите и воспитувачите од предучилишните установи во Битола и приватните игротеки и центри за ран детски развој, студентите од Факултетот за психологија и дефектолози, а индиректни корисници се децата на предучилишна возраст и нивните семејства.

Резултатите и промените кои се однесуваат на подобрување на почитувањето на различностите и инклузијата на малите деца, преку активности за градење на мир се следниве: 1. Се подигна свесноста кај менаџерите и воспитувачите во предучилишните установи и приватните центри за ран детски развој и игротеки, студентите од Факултетот за психологија и дефектолози од Битола; 2. Се стекнаа со знаења и искуства од реализацијата на ПРЕЦЕДЕ програмата во Македонија; 3. Ги зголемија своите знаења за детските права, стереотипите, предрасудите, дискриминацијата, мировното образование, како и за карактеристиките на децата во предучилишниот развоен период; 4. Вмрежување на учесниците за користење на искуствата од ПРЕЦЕДЕ и споделување на релевантни информации. Се надеваме дека добиентите искуства од овој проект ќе помогнат во надминување на исклучувањето и дискриминирањето на децата со посебни потреби, како и децата од ромска националност и другите националности во Битола.

Оваа активност претставуваше промовирање на активностите на ПРЕЦЕДЕ програмата во Битола. Со тоа се поттикнаа релевантните чинители (менаџери и воспитувачи) од предучилишните установи и приватните игротеки да се запознаат со целите, активностите и методите кои се користат во ПРЕЦЕДЕ програмата и да се вклучат во понатамошните фази на реализација на овој проект. Исто така, преку медиумите се запозна и пошироката јавност за значењето и важноста на оваа програма.

Иако Битола отсекогаш била општина каде живееле луѓе со многубројни различности, сепак не секогаш прифаќањето на тие различности било на високо ниво. Додека постарите генерации кажуваат за хармонични заеднички денови на соживот и меѓусебно почитување и разбирање, во поново време тие вредности и искуства не се реалност. Заради тоа потребата од рано детско учење за прифаќање на другите и почитување на различностите се и тоа како важни и потребни.

Постоењето на стереотипи и предрасуди кај родителите на децата и дел од воспитувачите во однос на вклученоста на децата со посебни потреби, децата Роми и други националности, треба да се надминуваат преку едукација, споделување на досегашните искуства и промена на ставовите кај целната група.

Се надеваме дека овие наши активности ќе придонесат во понатамошна меѓусебна соработка помеѓу сите чинители во Битола кои работат со деца во ран детски развој и ќе ги поттикнат да се вклучуваат во натамошните активности на ПРЕЦЕДЕ Македонија за подобрување на почитувањето на различностите и инклузијата на малите деца преку активности за градење на мир.

**Даниела Трајковска**
наставник во одделенска настава и Гешталт психотерапевт

## Важноста на родителот, воспитувачот и секоја возрасна личност во растот и развојот на секое дете

Во разбирањето на децата за почитувањето на различностите и градењето на мирот најголем придонес секој човек може да даде само преку креирањето на таква средина. Доколку детето се наоѓа во средина каде што не се почитуваат човековите права, тоа ќе знае само така и на тој начин да функционира.

Во мојата работа како ментор првенствено работев со воспитувачите, а индиректно и со родителите со цел да се сфати важноста на давањето личен пример. Затоа што најголем пример за секое дете се токму тие, нивните сакани, нивните најблиски, нивните авторитети, нивните животни примери. Не може да го учиме детето да ги прифати и почитува различностите, доколку тоа само го кажуваме со зборови. Делата и секојдневните меѓусебни односи полни со разбирање и почит, со еден збор, мировен начин на живот даваат позитивна слика кај детето и нему му доаѓа природно да ги следи нашите чекор и да гради едно мировно општество.

Информациите, техниките и активностите кои ги промовираше „Регионалниот прирачник за интегрирана програма за почитување на различностите" се навистина значајни. Но тоа на што јас се трудев и се надевам дека успеав е секој воспитувач подобро да ја увиди, да ја надогради и да ја цени својата способност за давање соодветна поддршка за развој, првенствено на себеси, а потоа и поддршка за развој на секое дете, на секој родител.

Секој воспитувач дополнителен напор вложуваше за да успее да ја продлабочи соработката со родителите кои, исто така, се окупирани со свои секојдневни ангажмани, а една од главната цел на ПРЕЦЕДЕ програмата е вклучување на родителите во работата со децата, со цел да имаме целосна опфатеност. Но со должна почит и посветеност, со детално информирање на родителите за целите на проектот, како и постепено допирање до нив преку активностите кои децата ги пренесуваа дома и застапувањето и лобирањето преку медиумите, полека, но сигурно ни се отвораа вратите за заедничка соработка.

Како значајна разлика од други проекти е тоа што овој проект и активностите кои требаше да се спроведуваат со децата и родителите, не бараа посебна реализација, туку совршено можеа да се вклопат во планот и програмите кои веќе се применуваат во градинките. Тоа придонесе за мотивирање на воспитувачите за нивна реализација. Но ништо не може да се спореди со мотивацијата која ја добива секој воспиувач кога ќе си го види своето постигнување со свои очи преку напредувањето на секое дете и преку продлабочувањето на соработката и меѓусебното почитување со родителите.

Мислам дека не постои воспитувач кој работел на ПРЕЦЕДЕ програмата, а не ја сфатил и не се водел по Бронфенбренеровата теорија која го промовира еколошкиот концепт според кој сите елементи во општествената средина имаат влијание врз растот и развојот на детето, како што и самото дете има влијание врз средината која го опкружува. Ова им даде основа на воспитувачите, покрај работата со децата внатре во групите во градинките, да изнаоѓаат и начини да влијаат на проширување на видиците за почитување на различностите и градењето на мирот на родителите преку нивните најзначајни, нивните деца.

Практична работа во изградба на мирот со мали деца може да се постигне преку активности кои одговараат на возраста, вклучувајќи користење на персонализирани кукли, уметност, драма, музика, раскажување на приказни, движење, играње на улоги, дискусии и разговори, решавање на проблеми, физички активности и игри.

Може да се забележи дека посебно работата со персонализираните кукли во групите со деца на помала возраст има извонредни резултати. Тие не се користеа само во однапред планирани активности, туку и во надминувањето на секојдневните мали конфликти помеѓу децата во градинка. Затоа што децата најлесно се идентификуваа со нив и преку проективни техники многу лесно можеше да се работи на теми кои се потешки за децата и до кои тешко се допира. Освен персонализираните кукли, исто така, коцката на емоции и огледалото дадоа еден полесен начин за идентификување и утврдување на емоциите кај себеси и кај другите.

Сметам дека значајно постигнување претставува тоа што дел од градинките кои работеа по оваа програма, увидувајќи ги позитивните резултати и промени кај нивните воспитувачи, деца и родители, самоиницијативно побараа да се прошири бројот на групи кои ќе бидат обучени за реализирање на активности за почитување на различностите и градење на мирот. Според мене, уште позначајно беше тоа што презентациите за ваквиот тип на работа ги правеа самите воспитувачи кои претходно посетиле одредена обука.

Активностите кои се спроведуваа во градинките во Република Македонија во изминатиот период беа активности кои се дел од „Регионален прирачник за интегрирана програма за почитување на различностите“. Главната цел беше да се направи национален прирачник кој ќе биде со активности кои се адаптирани на потребите на децата од нашето поднебје. При формирањето на овој прирачник најмногу се потпревме на искуството на воспитувачите и активно слушавме со сите сетила кои ни стојат на располагање за да може да ги видиме потребите на нашите деца, родители, воспитувачи. Сите предлог-активности во овој прирачник се практично изведени во реални групи со деца и тие се всушност главните моделатори на секоја една активност во овој прирачник. Воспитувачите водени од предлог-активностите од „Регионалниот прирачник за интегрирана програма за почитување на разликите“ создаваа/формираа нови активности, запазувајќи ја целта која сакаме да се постигне и внимавајќи на возраста на децата. Но секоја активност главно се дооформуваше на лице место во самите групи, врз основа на потребите на децата.

Кога ќе дојде до насилство, веднаш одговорноста се префрла на системот на образование, а се заборава клучната улога на семејството, родителот. Затоа овој прирачник, освен практични примери за секој воспитувач и негувател, во себе содржи и голем дел практични примери за работа со родителите, со семејствата, како и активности кои доаѓаат од семејствата и родителите.

И овој прирачник, како и претходниот, ќе донесе резултат само ако се прифати како еден вид на алатка за работа. Алат може да има секој, но само оној кој ќе реши да го користи, користејќи ги и сите свои капацитети и воедно вложувајки многу љубов, може да придонесе за создавање подобра иднина, токму преку нашите деца.

На крај повторно ајде сите да гледаме во важноста на секој родител, воспитувач, секоја возрасна личност која во своето опкружување има деца, а тоа сме сите ние. Да се потсетиме на можноста со која располагаме, а тоа е да преку децата и активностите кои секојдневно се работат за изградба на мирот од најраните години, го сееме семето за изградба на мирот кое своите плодови ќе ги дава во годините, децениите и генерациите кои допрва ќе доаѓаат.

**Валентина Димовска**
Психолог/семеен советник
Советодавен центар за родители и деца – Гази Баба
СОС Детско село - Скопје

## Образование за мир

*„Никој не се раѓа со омраза кон друга личност само поради тоа што таа личност има различна боја на кожа, различно потекло или различна религија. Луѓето учат како да мразат, но тие можат да бидат подучувани и како да сакаат, сакањето е поприродно за срцето на човекот отколку спротивно.“*

*Нелсон Мандела на неговата инаугурација за претседател на Јужна Африка 1994 година*

Во оваа прилика би сакала да изразам благодарност за можноста која ми беше дадена како претставник од СОС Детско село Македонија, да бидам учесник на дел од активностите на ПРЕЦЕДЕ програмата, која успешно се имплементира и развива во Република Македонија, со огромна поддршка на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“. Мојот прв контакт со оваа програма за мировно образование наменета за најмалите чинители на нашето општество – децата, се случи во декември 2015 г. во Берово каде се одржа семинар на тема „Почитување на различностите и градење на мирот“. Тридневното дружење со претставниците од Неформалната национална ПРЕЦЕДЕ мрежа беше доволно да ја почувствувам магијата и силната позитивна енергија која плени, а е резултат од четиригодишната посветена работа во полето на образованието за мир со деца на предучилишна возраст.

Иако проектот е во завршна фаза од имплементацијата, моето доживување беше дека оваа работна група составена од (воспитувачки, педагози, психолози, активисти од невладиниот сектор, претставници од власта) интелектуалци со висока граѓанска свест има уште многу нешто да каже и покаже во доменот на стимулирање на раниот детски развој. Позитивните искуства и промени кај децата и нивните семејства од влијанието на проектните активности се движечка сила која продуцира нови идеи за развој на програмата.

Неформалната национална ПРЕЦЕДЕ мрежа преку својата секојдневна работа со децата дава значајна поддршка во напорите да се обезбеди мир или превенција на конфликт преку образование на малите „миротворци“ - амбасадори на мирот уште од најмала возраст, предучилишна возраст.

Современи истражувања покажуваат дека раното детство (од 0 до 6 години) е значаен период од животот на детето. Во периодот на предучилишната возраст децата поминуваат најинтензивни фази на развојот на својата личност и искуствата со кои децата се соочуваат во текот на раното детство преставуваат критичен момент за долготрајниот нивен успех во животот, воопшто. Детето во овој период бележи значителни развојни постигнувања, меѓу кои и појавата на свесноста за разликите кои постојат со другите деца.

За малите деца кои посетуваат предучилишни установи се случува транзиција од семејството како мала и нуклеарна средина кон поширoката социјална средина -заедницата. И токму во предучилишната установа можеби за прв пат малите деца се соочуваат со комплексноста и разликите во заедницата или пак добиваат претстава за тоа како заедницата ги почитува или ги игнорира разликите. Тука децата за првпат можат да го искусат чувството на исклученост или дискриминација. Кога аспектите на различностите не се идентифику-

ваат во раното детство, тоа може да создаде бариери во учењето како кај децата, така и кај возрасните и да се појават потешкотии во развојот кај децата на дневна основа, но може да има долгорочни ефекти врз развојот.

Соодветната стимулација насочена во правец на стекнување на универзалните човечки вредности, ја создава основата за градење на граѓански поглед на светот без предрасуди и стереотипи. Отвореноста и почитувањето на различностите - различните култури, традиции, религии и верувања, јазици, етничка припадност, попреченост, возраст, е основа за зачувување на мирот.

СОС Детско село Македонија во своите програми гради системи на поддршка за децата и семејствата без предрасуди од која етничка група доаѓаат или кој јазик зборуваат, почитувајќи ги меѓусебните различности, единствено водејќи се од визијата - секое дете му припаѓа на семејство каде расте со љубов, почит и сигурност.

Поддржувајќи ги активностите на ПРЕЦЕДЕ програмата, ја поддржуваме и промовираме важноста на раната детска едукација и развој, позитивното воспитување фокусирано на детето и добрата грижа, вклучувајќи го негувањето и учењето култура на почит, инклузија и прифаќање на различности уште од самото раѓање, во рамки на семејството, раното образование и заедниците.

Веруваме дека вклучувањето на децата од рана возраст во активности од областа на образованието за мир ќе има позитивно влијание на детските социјални вештини и лични постигнувања во понатамошниот тек на нивниот живот, што понатаму пак позитивно се рефлектира на заедницата, исто така, раниот детски развој и едукација имаат огромно влијание на идните процеси на градењето на мир и прифаќањето на различностите. Сензибилизирање на децата во однос на еднаквоста, толеранцијата, заемното прифаќање и почитувањето, покрај нивните различности, негувањето на култура на мир и ненасилство во стимулативни средини за раната возраст, преставува влог во насока на негување на превенција на конфликти и градење на мир.

# ЛАБОРАТОРИИ ЗА АКЦИОНИ ИСТРАЖУВАЊА МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И НИВНА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА

Д-р **Габриела Дурчевска-Георгиева**, советник во Бирото за развој на образованието
**Сања Ливринска** – педагог во Детската градинка„Фидани“, Општина Чаир - Скопје

# Модел на инструмент за интерен мониторинг на воспитно-образовните активности во детските градинки

Во периодот од 30.10.2016 до 2.11.2016 во Хотел „Аурора Ресорт“, Берово се одржа состанок и низа на работилници со членовите на ПРЕЦЕДЕ мрежата. Учесници на работилниците беа директорите, воспитувачите и стручните работници од детските градинки вклучени во овој проект, претставници од Министерството за труд и социјална политика, претставник од Бирото за развој на образованието, преставници од невладиниот сектор и претствник од медиумите. Главна цел на овие работилници беше надополнување на стратешкиот план на ПРЕЦЕДЕ мрежата и изнаоѓање на нови форми за одржливост на програмата, преку презентирање на позитивните ефекти од реализацијата на оваа програма во вкупно единаесет детски градинки во Република Македонија врз развојот и постигањата кај децата од предучилишна возраст во изминатите години. Исто така, во рамките на работилницата „Мониторинг во детските градинки“, која беше реализирана под стручно водство на д-р Габриела Дурчевска-Георгиева, советник во Бирото за развој на образованието и Сања Ливринска, педагог во детската градинка„Фидани“ , Општина Чаир - Скопје, развиен е Модел на инструмент за интерен мониторинг на воспитно-образовните активности во детските градинки. Истиот претставува корисна алатка, наменета на директорот и педагогот на градинката за реализирање на активностите предвидени во годишната програма за работа на директорот, како и во годишната програма за работа на педагогот во рамките на подрачјето: „Следење на реализацијата на воспитно-образовните активнсости во градинката“. Главна цел на оваа работилница беше учесниците да се запознаат со значењето на интерниот мониторинг во градинката и неговите предности во рамките на подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. На оваа работилница, исто така, беа споделени и искуства од употреба на слични инструменти кои се користат при интерниот мониторинг во полето на раниот детски развој и образование.

Во продолжение е *Моделот на инструмент за интерен мониторинг на воспитно-образовните активности во детските градинки.*

## МОДЕЛ НА ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ
## за следење и евалуација на воспитно-образовната активност

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ВОСПИТУВАЧОТ

| | | |
|---|---|---|
| 1. Воспитувач: | 2. Работно искуство: | |
| 3. Возрасна група: | 4. Број на деца: | Присутни деца: |
| 5. Датум на посета: | 6. Време на посета: | од _____ до _____ |

### ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТЕМАТА НА ДЕНОТ

1. Поседува годишно глобално планирање:
ДА НЕ

2. Поседува месечен оперативен план и програма за работа
ДА НЕ

3.Поседува дневен оперативен план
ДА НЕ

**4.Уреденост на просторот:**
4.1. Отворени се центри на активности според испланираната цел
ДА НЕ

4.2. Обезбедени се доволен број на дидактички средства и материјали
ДА НЕ

### ДИДАКТИЧКО-МЕТОДСКА ПОДГОТОВКА

1. Целта на темата на денот е:
а. Навремено истакната б. Истакната в. Не е истакната

2. Дефинирани се воспитно-образовни цели
ДА НЕ

3. Облици на работа во работата со децата

| | | |
|---|---|---|
| а. Фронтален облик на работа | ДА | НЕ |
| б. Групна работа | ДА | НЕ |
| в. Работа во парови | ДА | НЕ |
| г. Индивидуална работа со децата | ДА | НЕ |
| д. Индивидуализирана работа | ДА | НЕ |

4. Методи на работа

| | | |
|---|---|---|
| а. Метод на демонстрација | ДА | НЕ |
| б. Метод на усно излагање | ДА | НЕ |

в. Метод на работа со текст ДА НЕ

г. Метод на игра ДА НЕ

д. Друг метод ДА НЕ

5. Користи дидактички средства и материјали
ДА НЕ

## ПОЛОЖБА НА ДЕТЕТО ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

1. Активности на детето (заокружи):
   а. Аудитивни

   б. Визуелни

   в. Аудитивно-визуелни

   г. Мисловно-сознајни

2. Во обработката на новата воспитно-образовна содржина децата:
   а. Во целост ја разбраа новата содржина

   б. Логички правилно формираа поим, изведоа заклучок

   в. Новостекнатите знаења ги поврзаа со знаењата од други воспитно-образовни подрачја

3. За време на активноста децата беа:
   а. Креативно активни

   б. Сензорно и мисловно пасивни

   в. Сензорно и моторно активни

   г. Аудитивно и визуелно активни

4. Остварена интеракција:
   а. Во пар

   б. Во група

   г. Со воспитувачот

   д. Нема интеракција

5. Барања на воспитувачот во однос на обемот и длабочината на воспитно-образовната содржина:
   а. Ги надминуваат можностите на децата

   б. Диференцирани се според можностите на децата

## СТИЛ НА РАБОТА НА ВОСПИТУВАЧОТ

1. За време на реализацијата на дневната тема, воспитувачот практикува:
   а. Кооперативна (соработничка) ситуација на стекнување на нови знаења

ДА НЕ

б. Компетитивна (натпреварувачка) ситуација

ДА НЕ

2. Климата во занималната е:

а. Пријатна и работна

б. Монотона

в. Напната и нервозна

3.Однос воспитувач-дете:

а. Диригира/наредува

б. Попречува

в. Поттикнува, дава можност, охрабрува, мотивира

г. Ги оспособува децата самостојно да доаѓаат до знаења

4. Во комуникацијата со децата:

а. Доминира личноста на воспитувачот

б. Воспитувачот ја почитува личноста на детето

в. Воспитувачот го омаловажува и навредува детето

г. Им се обраќа на децата по име

5.Форми на невербална комуникација на воспитувачот:

| | | |
|---|---|---|
| а. Очите | ДА | НЕ |
| б. Изразот на лицето | ДА | НЕ |
| в. Гестовите и движењето на телото | ДА | НЕ |
| г. Држењето и ставот на телото | ДА | НЕ |
| д. Растојанието | ДА | НЕ |
| ѓ. Допирот | ДА | НЕ |

## ОПШТ ЗАКЛУЧОК
## (вкупен впечаток за степенот на успешност во реализацијата на дневната тема)

1.Не задоволува
2. Задоволува
3. Добар
4. Се истакнува
5. Посебно се истакнува
6. Предлог-препорака за понатамошна работа:

________________________________________

________________________________________

7. Забелешка на воспитувачот по читањето на евидентниот лист:

________________________________________

________________________________________

Воспитувач: Педагог:

## МОДЕЛ НА ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ВОСПИТУВАЧОТ

1. Со реализација на оваа дневна тема (заокружи):

   а. Целосно сум задоволен/а

   б. Делумно сум задоволен/а

   в. Не сум задоволен/а

   г. Воопшто не сум задоволен/а

2. Дали во Вашата работа повторно би го примениле истиот принцип во реализација на дневната тема? (заокружи)

   ДА НЕ НЕ СУМ СИГУРЕН/А

3. Што би истакнале како посебно вредно во денешната реализација на темата на денот?

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

4. Што би смениле при повторна реализација на оваа дневна тема?

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

Датум: Воспитувач:

**Виолета Стошевска** - педагог
**Даниела Бојовиќ** - логопед
Јавна општинска установа - Детска градинка „Ангел Шајче“ – Куманово

# Развој на поврзан говор

## Вовед

Воспитно-образовната работа во детските градинки има огромно значење за севкупниот развој на детската личност. Градинката како институција која се грижи за правилен раст и развој на детето, со својата програмска и организациона поставеност има можност за примена на повеќе разновидни методи за запознавање на децата со сличности, прифаќање и почитување на различностите, градење на мир, негување на културата, а истовремено кај возрасните придонесува за надминување на предрасуди. Ова особено е многу важно да се работи во раниот детски развој, период во кој играта како метод на работа е секојдневно присутна, преку неа децата учат играјќи, а учејќи играат, поттикнуваат комуникативност, спонтаност, искреност, љубов, самостојност и сигурност. Градејќи ја личноста на детето полна со љубов, разбирање, желба за надминување и зајакнување на почитта кон разликите, ќе придонесеме за подобра иднина на секое дете, нивна благосостојба, бидејќи тие се идни наши генерации на кои им посакуваме среќа, убав и спокоен живот.

Главниот мотив за ова истражување е потребата да се дојде до сознанија за состојбата на говорно-јазичниот развој на децата и давање насоки за негово подобрување. Во првото полугодие на учебната 2015/16 год. во ЈОУДГ „Ангел Шајче“ – Куманово, од страна на воспитувачите и стручната служба е забележано дека во големите групи се зголемува бројот на деца кои слабо комуницираат, имаат мал фонд на зборови, употребуваат англиски зборови, а сè уште го немаат усвоено во потполност мајчиниот јазик. На 23.11.2015 год. од страна на Првата детска амбасада „Меѓаши“ – Скопје во установата беше одржана работилница на тема „Застапување и лобирање“, на која присуствуваа воспитувачи, стручна служба и претставници на родители од сите објекти. Дојдовме до заклучок дека презафатеноста на родителите (особено на мајките), влијанието на телевизијата и компјутерските игри се основни виновници за тоа што голем број на деца од предучилишна возраст имаат одредени потешкотии во говорот.

## Нешто за говорот

Говорот како база на човековата комуникација е многу сложен облик на човековото однесување и повеќе од било која друга способност ги разликува луѓето од останатите живи суштества. Значењето на говорот за човековиот личен и општествен живот е од непроценлива вредност.

Учењето на говорот е континуиран и долготраен процес, што започнува со првиот плач на детето и трае во текот на целиот живот (прелингвална, лингвална и постлингвална фаза). Говорот најинтензивно се развива во предучилишниот период и ги добива сите карактеристики на говор на возрасен човек околу седмата/осмата година, а се усовршува цел живот. Усвојување на говорот е природен процес, како и одењето, трчањето, па децата не мора да ја тренираат оваа вештина, туку сами лесно учат да зборуваат, и дури невозможно е да го спречиме детето да научи да зборува. Поаѓајќи од фактот дека говорот не се наследува, туку

се учи и усвојува под влијание на средината, кој јазик ќе го научи детето и колку ќе биде корисно тоа што ќе го научи како средство за мислење и комуникација зависи од искуствата во најрана возраст. Ако детето расте во здрава и стимулативна средина во постојано присуство на (барем едно) возрасно лице, кое ќе му пружа заштита, нега, љубов, кое ќе реагира на неговите невербални, а подоцна и вербални сигнали и потреби, нема да има никакви потешкотии во усвојување на мајчиниот јазик. Јазикот на возрасните е модел за децата, зашто тие го учат јазикот со имитирање. Стапувајќи во комуникација, најпрво со возрасни, па потоа и со врсници, детето усвојува посебни модели на говорно однесување, како и морални норми, но ако детето во раното детство остане вон процесот на социјализација, неговите говорни можности ќе бидат во значајна мера ограничени[8)].

За правилен развој на говорот мора да бидат исполнети одредени услови. Основа за тој развој се внатрешните/биолошки фактори и тоа: здрав нервен систем, а особено говорните центри во мозокот и нервните врски помеѓу нив, добро развиени когнитивни способности (внимание, перцепција, мислење, помнење), нормално развиени сетила, особено за слух и здрав говорен апарат. Ако недостасува еден од овие биолошки услови кај детето, нема да се развие правилен говор или пак говорот воопшто нема да се појави. Значи детето има вродени предиспозиции за развој на говор и јазик, но факторите од средината имаат значајно место во развојот на говорот, бидејќи невробиолошката основа која детето ја носи на свет со самото раѓање, само во интеракција со факторите од средината може да се развие во говор на ниво на полновредна комуникација. Од надворешните/социјални фактори најважни се семејството и предучилишната установа која детето ја посетува. Примарно влијание на развој на детскиот говор има семејната средина, родителите, особено мајката (мајчин јазик), па потоа и останатите членови на семејството. Говорот на возрасните во семејството треба да биде логичен, разбирлив, јасен, со правилен изговор на сите гласови, звучен, граматички правилен, по тон топол, благ и љубезен. Предучилишните установи со својата структура и организација условуваат возрасните и децата да се однесуваат на одреден начин. Воспитувачот е модел на примена на говорот, пренесувач на јазички знаења, партнер во комуникацијата и активен слушател на детето. Говорот на воспитувачот треба да биде поттикнувачки (да поттикнува комуникативност, спонтаност, искреност, способност да се слушаат другите), јасен, разбирлив, сликовит, да употребува терминологија која им е позната на децата, но и да го збогатува речникот со нови зборови.

Многу е значајно на кој начин, по кој пат, како ќе го учиме говорот со децата од предучилишна возраст[9)]. Поради специфичностите што произлегуваат од возраста, моќта за сознавање и говорните можности, за развој и поттикнување на говорот треба да користиме методи кои се модифицирани, прилагодени кон детската возраст и што поблиску до детската игра, зашто децата од оваа возраст учат играјќи, а учејќи играат. Развојот и поттикнувањето на говорот ја намалуваат разликата меѓу активниот и пасивниот фонд на зборови, бидејќи во почетокот детето разбира повеќе отколку што зборува, ги повторува зборовите што ги слуша, иако сѐ уште не ги разбира. Ритамот го привлекува детското внимание, па затоа за најмладите многу се важни различните стихотворби, бројалки, гатанки, кои децата сакаат постојано да ги слушаат и повторуваат. Од посебна важност е читање на сликовници како и раскажување на приказни, кратки и лесни басни. Раскажувањето треба да биде јасно, бавно, пропратено со мимика и гестови, а новите и непознати зборови секогаш да се објаснат на

8) Проф. д-р Голубовиќ, С., „Клиничка логопедија I“, Београд, 1997;
9) Д-р Каменов, Е., „Методика васпитно образовног рада са предшколском децом“, Београд, 1985;

детето. Детето најдобро ќе ги запомни новите зборови, ако истовремено му се покажуваат предметите или илустрациите. Добро е познато дека малите деца најмногу од сè на светот ја сакаат играта. Затоа во процесот на поттикнување на нивниот говорно-јазичен развој треба да користиме говорни игри за развивање на дискриминација и артикулација, стабилизација на гласот, збогатување на детскиот речник, учење со поврзување на изговорен збор со предмет или слика, учење за правилно обликување на реченицата, одговарање на прашања и друго. Родителите говорните игри со децата може да ги играат во пар, а воспитувачите можат да ги прилагодат на поголем број на деца во градинка.

## Истражувачки дел

**Предмет на истражувањето** е развиеност на поврзан говор кај децата од големите групи во ЈОУДГ „Ангел Шајче" – Куманово.

**Цел на истражувањето** е согледување на влијанието на низа фактори (сликовници, приказни, современа технологија, говорни отстапувања) врз развојот на поврзан говор.

**Примерок на истражувањето** го сочинуваат 258 деца од кои 133 машки и 125 женски, на возраст од 5 - 7 години, од сите шест објекти во ЈОУДГ „Ангел Шајче" – Куманово, кои од септември тргнуваат на училиште.

## Хипотези

Х1 - Се очекува дека децата на оваа возраст имаат развиен поврзан говор;

Х2 - Се очекува дека примената на методот на усно излагање (читање, раскажување, прераскажување, опишување, објаснување) позитивно влијае врз развојот на поврзан говор;

Х3 - Се очекува дека користењето на современата технологија негативно влијае на развојот на поврзан говор и фина моторика;

Х4 - Се очекува дека од говорно-јазичните отстапувања само дислалијата нема влијание врз развојот на поврзан говор;

Х5 - Се очекува децата со говорно-јазични отстапувања да бидат прифатени од децата со типичен говорен развој.

## Опис на постапката на истражување

- групни разговори со воспитувачи на ниво на секој објект;
- констатација од одржана работилница на тема „Застапување и лобирање";
- индивидуални разговори на стручна служба со родители во Советувалиште за деца и родители;
- интервју со децата,
- цртање на слободна тема;
- испитување на говорно-јазичен развој
- набљудување на децата во воспитно-образовниот процес.

## Место и време на истражувањето

Испитувањето е извршено во текот на месец март и април 2016 година, во сите шест објекти на ЈОУДГ „Ангел Шајче" – Куманово.

## Резултати и коментари

Од вкупно 320 запишани деца во установата, кои од септември ќе тргнат во прво одделение, во истражувањето се вклучени 258 деца. Обработените податоци за испитаниците се прикажани во табелите бр. 1, 2 и 3.

**Табела бр. 1 Поделба на испитаниците по објекти и пол**

| Објект | Број на запишани деца | Број на испитани деца | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|
| Кокиче | 52 | 42 | 19 | 23 |
| Славејче | 29 | 22 | 7 | 15 |
| Синоличка | 35 | 32 | 21 | 11 |
| Развигорче | 82 | 60 | 34 | 26 |
| Пчелка | 71 | 58 | 33 | 25 |
| Бубамара | 51 | 44 | 19 | 25 |
| ВКУПНО | 320 | 258 | 133 | 125 |

**Табела бр. 2 Поделба на испитаниците според националност**

| Испитани деца | Македонци | Албанци | Срби | Роми |
|---|---|---|---|---|
| 258 | 236 | 10 | 9 | 3 |

**Табела бр. 3 Поделба на испитаниците според нивната возраст**

| Испитани деца | 2009 год. | 2010 год. | 2011 год.јануари |
|---|---|---|---|
| 258 | 5 | 248 | 5 |

## I. Согледување на моментална состојба на говорно-јазичниот развој

Развојот на детскиот говор во предучилишна возраст се одвива со голема брзина, но сепак децата на иста возраст се на различно ниво на говорно-јазичен развој. Со цел да се утврди состојбата на говорно-јазичниот развој беше спроведено испитување на децата со примена на Тест за испитување на артикулацијата[10)]. Добиените резултати се прикажани во табелите бр. 4 и 5.

**Табела бр. 4 Поделба на испитаниците според нивниот говорно-јазичен развој**

| Испитани деца | Без говорни отстапувања | | Со говорни отстапувања | |
|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % |
| 258 | 199 | 77, 13 | 59 | 22, 87 |

10) Д-р Николовска, Ј., „Детскиот говор – следење и испитување“, Скопје, 1996;

**Табела бр. 5 Поделба на испитаниците со говорно-јазични отстапувања според видот на отстапувањето**

| Вид на отстапување | Број | % |
|---|---|---|
| Дислалија | 39 | 66, 11 |
| Развојна дисфазија | 16 | 27, 11 |
| Пелтечење | 1 | 1, 70 |
| Задоцнет говорен развој | 3 | 5, 08 |
| **Вкупно** | **59** | **100** |

Како што може да се види од табелите, од вкупно 258 испитани деца, 59 деца имаат различни видови на говорно-јазични отстапувања, а причини за тоа се: фактори од средината, органски, невролошки, психолошки, наследни фактори и друго[11) 12)]. Најчесто говорно отстапување кај децата од предучилишна возраст воопшто, а и во нашето истражување е дислалија (66,11%) – артикулациони нарушувања, неможности или неправилности во изговорот на одредени гласови (омисија, супституција, дисторзија). Развојна дисфазија (27,11%) е развојно говорно пореметување, односно пореметување на способноста да се разбере, структуира и изрази јазичната мисла. Таа истовремено претставува сложен синдром на физиолошки, невропсихолошки и лингвистички дефицит, како и едукативно и социјално отстапување, со неможност за изговор на поголем број на гласови, тешкотии во помнење на зборови, аграматизам и општа неспособност за вербално изразување. Пелтечење (1,70%) – пореметување на флуентност на говорот (повторување, завлекување, испрекинатост на одредени делови на говорот поради грчеви на органите за артикулација, фонација и дишење, што има влијание на соговорникот и има повратно дејство на лицето кое пелтечи) спаѓа во групата на пореметувања на супрасегментна структура на говор. Задоцнет говорен развој (5,08%) – говорната способност на детето е под очекуваното ниво за неговата ментална и хронолошка возраст. Поради неразвиен говор и јазик од аспект на нивната социјална компонента, т.е. од аспект на способноста за употреба на говорот, овие три деца со задоцнет говорен развој не се опфатени во понатамошното истражување.

## II. Спроведување интервју

Интервјуата со децата беа спроведени во објектите кои децата ги посетуваат, индивидуално, во посебна просторија, а времетраењето беше различно зависно од комуникативните способности на детето. Како вовед во интервјуто за опуштање на детето беше применет метод на разговор. Децата одговараа на следните прашања: „Како се викаш?“, „Каде живееш?“, „Со кого живееш?“, „Дали ти е убаво во градинка?“, „Со кого најмногу се играш?“ и слично. Беше спроведено цртање на слободна тема и истовремено се разговараше за нацртаното. Децата уште од самиот почеток не манифестираа срам или страв при излегување од воспитно-образовната група, не одбиваа, туку беа љубопитни и со нетрпение чекаа да дојдат на ред. Слободно одговараа на прашањата, се чувствуваа пријатно, со задоволство цртаа и објаснуваа за нацртаното. Комуникацијата се одвиваше без потешкотии, бидејќи децата ги познаваат логопедот и педагогот. Следен чекор беше поставување на конкретни прашања во

11) Проф. д-р Голубовиќ, С., „Клиничка логопедија I“, Београд, 1997;
12) Проф. д-р Голубовиќ, С., „Клиничка логопедија II“, Београд, 1998;

врска со користење на сликовници и раскажување на приказни дома и во градинка: *„Дали дома имаш сликовници?“, „Колку сликовници имаш?“, „Дали некој ти ги чита?“, „Дали дома ти раскажуваат приказни?“, „Дали во градинка учителките ви раскажуваат приказни?“* и слично, и прашања во врска со примената на современата технологија во домашни услови: *„Дали имаш компјутер?“, „Дали го вклучуваш сам/а или некој ти помага?“, „Што најчесто работиш на компјутерот?“, „Што гледаш на ТВ?“, „Кои игри ги играш?“* и слично. Дел од прашањата, за кои сметавме дека укажуваат за состојбата на поврзан говор, подетално се обработени во понатамошниот текст и се претставени во табели и графикони.

## II.1. Примена на метод на усно излагање (читање, раскажување, прераскажување, опишување, објаснување) за развој на поврзан говор

### II.1.1. Користење на сликовници дома и во градинка

Патот до правилно користење на сликовниците е долг и напорен процес, кој започнува од јаслите, продолжува во предучилишниот период и трае во основното училиште. Сликовницата како „прва детска книга“, секојдневно развеселува, воспитува и образова голем број на деца, олеснувајќи им на тој начин да го осознаат светот што ги опкружува. Сликите во детските книги и сликовници се најпогодни за развивање на говорот и логичкото мислење, а тоа се постигнува само со заедничко набљудување на сликите на возрасниот и детето. Децата ги сакаат приказните, се интересираат за нив и затоа треба да ги применуваме за развивање на нивниот говор. Со раскажување тие се навикнуваат да слушаат внимателно (се развива слушањето), се вежба вниманието и се дава пример за правилен говор. Покрај тоа, раскажувањето позитивно влијае на детската фантазија, мислење и чувства[13)]. Овде се значајни два момента: што ќе им раскажуваме и како ќе им раскажуваме, односно изборот на расказите и начинот на раскажувањето. Во многу семејства се греши кога на децата им се раскажува за неприродни појави и суштества (бабароги, змејови) или пак невистински се претставуваат некои личности (оџачарот кој ги собира непослушните деца во вреќи, полицаец кој ги води во затвор немирните деца и слично). Таквите приказни предизвикуваат страв кај децата, па затоа треба да ги отфрлиме. На децата треба да им се раскажуваат бајки што имаат воспитна содржина, потоа треба да разговараме за настаните од реалниот живот, за доживувањата на децата, за предметите што нè опкружуваат, за луѓето што работат и создаваат, за природните појави, за домашните и дивите животни и слично. Содржината на расказите треба да биде весела и интересна, но понекогаш ќе им се раскаже и некој тажен настан, бидејќи детето уште од мало треба да се подготвува за животот кој има радосни, но и тажни моменти. При раскажувањето треба да говориме полека, со умерен глас, со топол и пријатен тон. Реченициите да бидат кратки, граматички правилни, без непознати зборови, со правилно артикулирани гласови, да се имитираат природни звуци (мукање, лаење, трескање), а поодделни моменти да се проследат со движења на телото, гестови и мимики[14)]. Сето тоа придонесува расказот да биде разбирлив, јасен и интересен. На деца од предучилишна возраст можат да им се читаат куси раскази, басни и стихотворби бидејќи тие веќе можат да го следат и да го разбираат читањето на возрасните. Со тоа детето се воведува во литературниот говор и се развива неговата љубов за книгата.

---

13) Матиќ, М., „Говорот кај децата“, Детска радост, Скопје, 1958;

14) Матиќ, М., „Правилниот развиток на детскиот говор“, Култура – Скопје, 1959;

За да дојдеме до сознанија во врска со користење на сликовници, дома и во градинка, на децата им беа поставени прашања, а добиените одговори се дадени во табелата бр. 6 и графикон бр. 1.

**Табела бр. 6 Користење на сликовници дома и во градинка**

| Вкупно испитани деца | | Прашање | Одговор | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да | | Не | | | |
| | | Број | % | Број | % | % | |
| 255 | | Дали дома имаш сликовници? | 196 | 76, 86 | 59 | 23, 14 | 100 |
| М | Ж | Дали дома ти читаат и раскажуваат приказни? | 140 | 54, 91 | 115 | 45, 09 | 100 |
| 131 | 124 | Дали во градинка учителките ви раскажуваат приказни? | 255 | 100 | / | / | 100 |

**Графикон бр. 1**




1. Од вкупно 255 испитани деца, поголем број, односно 196 (76,86%) имаат сликовници, додека 59 (23,14%) немаат.
2. Од вкупно 255, 140 (54,91%) се изјаснија дека дома им читаат сликовници или пак им раскажуваат приказни и покрај тоа што немаат сликовници, а останатите 115 (45,09%) одговорија негативно. Сите деца, без разлика дали имаат или немаат сликовници, образложија дека само понекогаш возрасните им читаат и раскажуваат приказни, додека почесто истите ги гледаат како цртани филмови на телевизија и компјутер, повеќе на компјутер, отколку на телевизор.
3. Сите 255 (100%) деца потврдија дека во градинка учителките им читаат и раскажуваат приказни.

**Интересни искази добиени од страна на децата:** *„Имам, мама ми чита пред спиење.“; „Немам, ќе и кажам на мама да ми купи.“; „Дома никој не ми чита, но знам некои од градинка.“; „Сите ги имам, но баба ми остаре и не може да ми чита, мајка ми ја чува сестра ми, татко ми е на работа, а дедо ми не знае да чита.“; „Дома немам, само кај дедо имам, ама баба прави јадење и не сака да ми чита.“; „Не ми читаат, само ги гледам на ТВ и на лаптоп.“; „Имам, сама ги читам зашто сите дома имаат работа.“; „Немам, но баба ми раскажува многу приказни.“; „Имав порано, сега немам.“*

## II.1.2. Развој и примена на поврзан говор кај децата

Во процесот на говорот предучилишните деца треба да научат своите мисли, желби, чувства, своето искуство и знаење да го искажуваат точно, јасно, разбирливо, гласно, со правилни реченици и по определен логички ред. Развојот на поврзан говор е во нераскинлива врска со развојот на логичното мислење, помнење, перцепција и внимание. Децата прилично лесно го совладуваат дијалошкиот начин на изразување, бидејќи постојано го слушаат во секојдневните ситуации дома и во градинка[15)]. Во дијалог се изговараат поедини зборови и кратки реченици, разменуваме кратки реплики со соговорникот, т.е. се изразуваме кратко. Од друга страна во монолошкото изразување кое е значајно посложена форма на логички поврзан говор, се изразуваме со проширени, меѓусебно поврзани реченици. Го користиме кога нешто опишуваме, ги изразуваме своите мисли поврзано со некоја тема или прераскажуваме некоја случка. Децата монолошкиот говор го совладуваат многу потешко бидејќи не го слушаат во секојдневната комуникација со возрасните. Иако основа на поврзаниот говор е реченицата, монолошкиот говор е многу повеќе од способност за спонтано континуирано нижење на зборови во реченица. Тој претставува низа од меѓусебно логички поврзани мисли кои се изразуваат со прецизни зборови во правилно обликувани и меѓусебно логички поврзани реченици и разновидни, правилни граматички конструкции. Значи тоа е најсложен вид на говорно изразување во кое доаѓа до израз богатството на мисли и јазик.

За да утврдиме дали децата имаат развиен поврзан говор и како го применуваат, од нив побаравме да раскажат приказна по нивен избор и некоја случка на која најдобро се сеќаваат. Добиените резултати се прикажани во табели бр.7 и 9 и графикони бр. 2 и 4.

**Табела бр. 7 Развој и примена на поврзан говор кај децата**

| Вкупно испитани деца | Активност | Самостојно | | Со помош | | Не раскажува | | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | Број | % | Број | % | |
| 255 | Раскажување приказна | 118 | 46,28 | 62 | 24,31 | 75 | 29,41 | 100 |

### Графикон бр. 2

Од вкупно 255 испитани деца, 118 (46,28%) самостојно раскажуваат приказни користејќи граматички правилни, сложени реченици, ги нижат настаните по ред, т.е. имаат развиен поврзан говор со кој ги изразуваат своите мисли. Кај поголемиот дел од нив се среќава примена на директен говор, што укажува на тоа дека возрасните кои им читаат и раскажуваат го применуваат, па децата го научиле. На 62 деца (24,31%) им беше потребна помош, односно потсетување со поставување на потпрашања. Тие не можат самостојно да ги изразат

15) Синадиновска, О., Ристова, Ц., Синадиновски, М., „Детето и говорот“, Детска радост, Скопје, 1987;

своите мисли со поврзан говор, користат кратки искази, прескокнуваат настани, не можат да се сетат што е следно, одговараат кратко на потпрашањата со „да", „не", „има", „нема" и слично. Дури 75 деца (29,41%) не можеа да раскажат ниту една приказна, ниту со помош, со потпрашања, ниту со потсетување, бидејќи воопшто не ја знаат содржината на приказните. Некои од нив правеа неуспешни обиди со кратки искази, некои од различни приказни составуваа една, а некои кратко одговараа „не знам".




Приказни кои децата најмногу ги раскажуваа се: „Црвенкапа", „Трите прасиња", „Волкот и седумте јариња", „Штркот и лисицата", „Малото црвено лале", „Мравки пожарникари" и „Рибарот и рипката".

Можеме да заклучиме дека вкупниот број (137) на деца на кои им е потребна помош при раскажување и на деца кои не раскажуваат е поголем од бројот на деца кои самостојно раскажуваат (118).

Ова укажува на недостаток на читање и раскажување од страна на возрасните, како фактор за развој на поврзан говор, и може да се види од табела бр. 8 и графикон бр. 3.

**Табела бр. 8 Читање и раскажување како фактор за развој на поврзан говор**

| Дали дома ти читаат и раскажуваат приказни? | Бр. на деца | Раскажување на приказна | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Самостојно | Со помош | Не раскажува |
| Да | 140 | 87 | 37 | 16 |
| Не | 115 | 31 | 25 | 59 |
| Вкупно | 255 | 118 | 62 | 75 |

**Графикон бр. 3**

Можеме да видиме дека децата кои потврдно одговорија на прашањето, односно на кои во семејството им читаат и раскажуваат, имаат развиен поврзан говор и во најголем процент (62,14%) самостојно раскажуваат. Децата на кои не им се чита и раскажува во најголем

процент (51,31%) и самите не знаат да раскажуваат, односно развој и примена на поврзаниот говор не е на очекувано ниво за нивната возраст.




**Табела бр. 9 Развој и примена на поврзан говор кај децата**

| Вкупно испитани деца | Активност | Самостојно | | Со помош | | Не раскажува | | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | Број | % | Број | % | |
| 255 | Опис на случка | 150 | 58, 82 | 86 | 33, 73 | 19 | 7, 45 | 100 |

**Графикон бр. 4**



При раскажување на случка 150 деца (58,82%) раскажуваат самостојно, 86 (33,73%) со помош и само 19 деца (7,45%) не раскажуваат. Децата раскажуваа различни случки од секојдневниот живот: на пазар, на автобуска станица, на железничка станица, во пожарна, на роденден, на гости и сл.

Можеме да заклучиме дека бројот на деца кои самостојно раскажуваат (150) е поголем од вкупниот број на деца кои раскажуваат со помош и на деца кои не раскажуваат.

Од целокупното испитување на развој и примена на поврзан говор, можеме да заклучиме дека децата полесно раскажуваат некоја случка, на која биле присутни, слушнале, виделе, доживеале и сето тоа останало во сеќавање, а многу потешко се изразуваат при раскажување на приказни. Ова се однесува за сите категории на деца, но најголема промена има во бројот на категоријата на деца кои не раскажуваат. Приказна не можеа да раскажат дури 75 деца, додека истите при раскажување на случка полесно се снаоѓаат, па бројот е доста помал, само 19 деца. Тоа укажува дека непознавањето на содржината на приказните, како последица на недоволното раскажување и читање од страна на возрасните, е причината за ваквата состојба во примена на поврзаниот говор.

Во текот на истражувањето беше забележано дека дијалектот има влијание врз примена на поврзан говор[16)]. Децата потешко се изразуваат на македонски литературен јазик, додека полесно се изразуваат на кумановски дијалект, затоа што во секојдневниот живот зборуваат дијалектен говор. Ова е земено во предвид, бидејќи нормално е детето прво да го усвои дијалектот на средината во која живее и го применува во секојдневието, па дури потоа со поаѓање во предучилишна установа започнува да го усвојува литературниот мајчин јазик, што понатаму продолжува во текот на школувањето.

Секако во предвид треба да се земе и говорно-јазичниот развој, како фактор за развој и примена на поврзан говор. Децата со развојна дисфазија, поради комплексност на јазичниот проблем, не се во состојба да се изразуваат со поврзан говор, што е очекувано, додека дислалија како говорно отстапување нема никакво влијание врз развојот и примената на поврзан говор. Влијанието на говорни отстапувања врз примена на поврзаниот говор е прикажано во табелите бр. 10 и 11.

**Табела бр .10 Говорно-јазичен развој како фактор за развој на поврзан говор**

| Вид отстапување | Бр. на деца | Раскажување на приказна | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Самостојно | Со помош | Не раскажува |
| Дислалија | 39 | 16 | 8 | 15 |
| Развојна дисфазија | 16 | / | 3 | 13 |
| Пелтечење | 1 | / | / | 1 |
| Вкупно | 56 | 16 | 11 | 29 |

16) Д-р Петров, Н., м-р Михајловски, В., „Методика по развој и култура на говорот со практикум", Битола, 1996;

**Табела бр. 11 Говорно-јазичен развој како фактор за развој на поврзан говор**

| Вид отстапување | Бр. на деца | Раскажување на случка | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Самостојно | Со помош | Не раскажува |
| Дислалија | 39 | 21 | 18 | / |
| Развојна дисфазија | 16 | / | 6 | 10 |
| Пелтечење | 1 | / | 1 | / |
| Вкупно | 56 | 16 | 11 | 29 |

## II.2. Влијание на фактор од средината – современа технологија

Родителите имаат најголема одговорност во организација на слободното време на своето дете и од нив зависи како ќе биде организиран денот на детето. Соочени со денешното брзо темпо на живот, родителите поминуваат малку време со децата, можеби дури и несвесно или по линија на помал отпор ги препуштаат на телевизијата, компјутерите, смартфоните, таблети и слични апарати, знаејќи дека така покрај малиот екран, децата се тука, до нив на сигурно. Возрасните секогаш не размислуваат за тоа какви сѐ содржини им се пласираат на децата, како на пример: агресивни цртани филмови, нападни реклами, трагични вести, страшни снимки, несоодветни игри, странски јазици и слично. Изложени на овие влијанија тие се идентификуваат со јунаците, го имитираат однесувањето и несоодветниот говор кој го слушаат. Поради изразените и интензивни звучни и светлосни ефекти, како и поради брзината на случувањата (брз проток на информации), тие често не ја разбираат или погрешно ја разбираат суштината и пораката на прикажаното.[17)] Постојат родители кои мислат дека ако децата порано почнат со користење на модерната технологија, си ги зголемуваат шансите за подобра кариера (сознание добиено при разговор со родителите), но тоа е бесмислено. Најчесто им купуваат компјутер за да ги задоволат детските интереси, како и потребата да одат во чекор со времето. При тоа, често се случува ни самите родители да немаат доволно информатички знаења, па децата самостојно учат да работат на компјутер, играјќи игри на кои наидуваат. Не знаејќи дека постојат едукативни содржини, моќната и креативна технологија ја користат во забавни цели, во тој случај компјутерот е штетна машина. Децата како активни, самоиницијативни, а често и самоуки корисници на современата технологија, не знаат свесно да ги декодираат значењата кои медиумите ги пласираат, па таквите пораки ги примаат во буквална смисла. Затоа доколку децата ги користат неконтролирано телевизијата, компјутерот и другите дигитални уреди, тие можат да имаат големо негативно влијание на нивниот развој, мислењето и говорот, како и на формирање на целокупната слика за светот. Многу е важно кој модел им го даваме на децата. Како детето во рана возраст ќе ги користи овие направи зависи од возрасните, односно дали бираме ТВ емисии или телевизорот е вклучен по цел ден и дали компјутерот е синоним за забава или информирање и учење. Гледајќи ги родителите како го поминуваат времето на компјутер и пред телевизор и децата од рана возраст, имитирајќи ги, ќе го прават истото.

Факт е дека децата не можеме да ги изолираме од светот и времето во кое живееме. Не е прашање дали децата треба да користат компјутер, туку од кога, како и колку да го користат.

17) Анѓелковиќ, Н., „Дете и рачунар у породици и дечјем вртиќу", Беокњига и Савез информатичара Војводине, Београд, 2008

Децата до тригодишна возраст воопшто не се во можност да научат што било, што им се презентира преку екран, било пред монитор на компјутер, пред екран на телевизор или други мобилни апарати, па затоа се поставува прашањето: дали воопшто треба да се изложуваат на нивно влијание? На оваа возраст најважна е комуникацијата на детето со возрасните и воспоставување на меѓусебни односи на разбирање и доверба. Дури и на најрана возраст кога децата само вокализираат, гугаат, брборат, тие го учат говорот така што возрасните го повторуваат гугањето, брборењето, им зборуваат, раскажуваат, го опишуваат тоа што го работат, обрнуваат внимание на она што е ново и важно. Доколку повремено изостане ваквото комуницирање со детето, и на оваа возраст тоа ако ¢ се препушти на модерната технологија, голема е веројатноста дека детето ќе има проблеми во говорот, а подоцна во читањето и пишувањето. На оваа возраст заедничкото читање на сликовници за животни, овошје, сообраќајни средства и слично е поважно од сите ТВ-емисии и комјутерски игри.

Можностите за користење на компјутер и Интернет за деца од постара предучилишна возраст (5 год. и нагоре) се различни и многубројни. За оваа популација, повремено и контролирано гледање на телевизија и користење на компјутер е во интерес на детето и неговиот развој. Детето може да бои, црта, свири, слуша и гледа разни приказни, бајки, песни за деца, загатки, сложувалки, можна е корелација со содржини од областа на развој на говорот, почетни математички поими, запознавање на околинате и слично. Користејќи едукативни софтвери, детето учи на занимлив и динамичен начин за него. Во современиот свет не е можна едукација без компјутер, компјутерот нема алтернатива и ние треба да одиме во чекор со времето. На децата треба да им овозможиме повремено/дозирано играње и гледање, пред сѐ на едукативни содржини, но секако сето тоа под контрола на возрасните, кои ќе го одредуваат начинот на користење, надгледувајќи ги како што го надгледуваме секој друг сегмент од нивниот развој и живот.

Во делот од интервјуто поврзан со користење на компјутери, децата беа посебно активни и заинтересирани да зборуваат во врска со игрите кои ги играат. Па затоа овие податоци подетално се прикажани во табела бр. 12 и графиконите бр. 5 и 6.

**Табела бр. 12 Поделба на испитаници според содржина на игри кои ги играат**

| Видови игри | Број на деца | % | Пол | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Машки | | Женски | |
| | | | Број | % | Број | % |
| Едукативни | 110 | 43, 14% | 17 | 15, 45 | 93 | 84, 54 |
| Агресивни | 32 | 12, 55% | 31 | 96, 87 | 1 | 13, 13 |
| Едукативни и агресивни | 90 | 35, 30% | 79 | 87, 78 | 11 | 12, 19 |
| Не играат | 23 | 9, 01% | 4 | 17, 39 | 19 | 82, 61 |
| Вкупно | 255 | 100% | 131 | 100 | 124 | 100 |

## Графикон бр. 5




## Графикон бр. 6




Од вкупно 255 испитани деца, 247 имаат компјутер, лаптоп, таблет и слично, само 8 деца немаат. Едукативни игри играат 110 деца (43,14%), агресивни 32 (12,55%), двата вида 90 (35,30%) и 23 деца (9,01%) не играат игри.

Од вкупно 124 женски деца, најголем дел, односно 93, играат едукативни игри, 19 не играат игри, но гледаат цртани филмови, 11 играат и едукативни и агресивни и 1 дете игра агресивни игри. Агресивни игри играат девојчињата кои имаат брат.

Од вкупно 131 машки деца, најголем дел, т.е. 79 ги играат двата вида игри, 31 играат агресивни, 17 едукативни и само 4 не играат игри.

Од добиените резултати може да се види масовна примена на современата технологија од страна на предучилишната популација. Од разговорот со децата можеше да се забележи

нивната приврзаност и емпатија кон модерната технологија, а особено нивното внимание го привлекуваат компјутерските игри. Со големо задоволство, возбуденост и сигурност разговараат за игрите кои ги играат, ги објаснуваат постапките и начинот на играње. Дојдовме до интересно сознание дека децата сами го вклучуваат комјутерот, таблетот и слично, и иако сѐ уште не се описменети, поголем број од нив самостојно ја користат тастатурата за доаѓање до посакуваната цел (игра, цртан филм) и знаат сами да ја играат играта. Во детските очи игрите и цртаните филмови се поделени на машки и женски, а тоа го согледавме од нивните изјави: „Играм женски игри, со барбики, принцези, шминкање, лакирање на нокти.“; „Играм машки игри, тепачки, со пукање.“; Машките дури ги имитираа, ги покажуваа движењата од агресивните игри. Еве уште неколку интересни детски искази: „Играм и гледам глупости, а тато не ми дава.“; „Не знам што гледам“; „Имам лаптоп и таблет, ама тато не ми дава да играм, само гледам филмови.“; „Јас цел ден на таблет гледам Бетмен, Спајдермен, ама мама вика исклучи ги тие глупости, пушти да гледаш песнички и цртани.“; „Не ми даваат да играм.“

Најчесто ги играат следните игри: Sonic X, Barbie, My little pony, Elsa Frozen, Minecraft, GTA, Counter Strike, Super Mario, Disney Princess, Бетмен, Спајдермен, Нинџа желки, борби со тенкови, трки со коли и други.

Од цртани филмови најмногу ги гледаат: My little pony, Дора, Винкс, Пепа прасе, Том и Џери, Бетмен, Спајдермен, Супермен, Мистер Бин, Маша и Медо, Овчички, Пчеличката Маја, Нинџа желки, филмови со пукање и други[18)].

Дали компјутерот ќе има позитивно или негативно влијание зависи од тоа како родителите и образовните установи ќе го насочат детето. Едукативни програми и добро дизајнирани игри овозможуваат детето да експериментира, да истражува и открива, да самопроценува, да ја анализира својата стратегија, да разменува свои искуства со други деца, да ги доведе своето знаење и вештини до највисоко ниво. Но неадекватно користење има негативно влијание врз целокупниот развој. Децата стануваат зависни од компјутери, додека игрите во природа, спортот како рекреација, шетање и истражување во реалниот свет сѐ помалку се практикуваат, а дружењето со врсници се сведува на минимум. Сѐ помалку се пишува и се црта со рака, што на возрасните им заштедува време, но на децата им го ускратува развојот на полн потенцијал на раце и шаки. Слабо развиената фина моторика, која може да се види од детските цртежи, директно влијае на развојот на говор, па тоа е прв знак дека детето подоцна ќе има проблеми и во пишувањето. Исто така, забележавме дека на цртежите децата своето име го пишуваат со латински букви, што укажува на тоа дека со користење на компјутер прво го усвојуваат латиничното писмо. Интересен е и податокот дека голем број идни првачиња не знаат да врзат врвки на патики, да нацртаат дете, куќа и слично, но знаат сами да користат компјутер, таблет и смартфон. Тука не станува збор за детските способности, туку за влијанието и односот на возрасните од нивното опкружување. Децата се најсензитивни и најподложни на влијание на цртаните филмови кои ги гледаат, игрите кои ги играат и песните кои ги слушаат на странски јазик, најчесто англиски. Оваа еднонасочна комуникација го успорува или спречува развојот на мајчиниот јазик. Но сепак, детето има потреба да зборува и почнува да зборува на јазикот кој го слуша (англиски јазик, развива ехолаличен говор и често развива свој конфузен јазик, кој понекогаш ни родителите не го разбираат). Забрана за користење не е решение за надминување на овој проблем, туку реше-

18) Насловите на игрите и цртаните филмови се напишани онака како што ги кажуваат децата.

нието лежи во постојан разговор со детето и насочување селективно да се гледа телевизија, како и во која мерка ќе се користи компјутерот, таблетот и слично.

Може да се види дека компјутерски игри, приказни, цртани филмови, развојот на дисфазија, развојот на фината моторика, како и случките од секојдневниот живот се рефлектираат во детските цртежи, кои децата ги цртаа на слободна тема на почетокот на истражувањето.

Заклучок

Во согласност со поставените задачи, а врз основа на добиените податоци од резултатите на истражувањето и нивната анализа, можеме да ги донесеме следниве заклучоци:

1. Нул хипотезата, која гласи дека децата на оваа возраст имаат развиен поврзан говор, делумно се потврдува бидејќи кај голем број од децата на оваа возраст говорно-јазичниот развој сѐ уште не е завршен.
2. Првата хипотеза, која гласи дека примената на методот на усно излагање позитивно влијае врз развојот на поврзан говор, се потврдува.
3. Втората хипотеза, која гласи дека користењето на современата технологија негативно влијае врз развој на поврзан говор и фината моторика, делумно се потврдува бидејќи директно зависи од возраста на детето, од содржината, времето и начинот на користење на дигиталните уреди во семејството.
4. Третата хипотеза, која гласи дека од говорно-јазичните отстапувања само дислалијата нема влијание врз развојот на поврзан говор, се потврдува.
5. Четвртата хипотеза, која гласи дека се очекува децата со говорно-јазични отстапувања да бидат прифатени од децата со типичен говорен развој, делумно се потврди.

Должност на секој родител и воспитувач е да работи врз развој, подобрување и усовршување на детскиот говор како неопходно средство за комуницирање и опстанок во секојдневниот живот, зашто детето на тој начин се оспособува да ги задоволи своите основни психички и физички потреби, да стекне емоционална стабилност, полесно да се прилагоди кон средината и подобро да се социјализира.

## Препораки

Овие препораки се однесуваат на сите возрасни[19]:

Зборувајте му на детето уште од најрана возраст, секогаш кога сте заедно. Опишувајте му што правите, поставувајте му прашања и внимавајте да се изразувате правилно, јасно, гласно, разбирливо, со кратки реченици искажани на мајчин јазик, а не да зборувате на „бебешки“ јазик. На децата со говорни отстапувања, особено на оние што се манифестираат како развојна појава, незабележително давајте им пример за правилно изговарање, без да се настојува детето да вежба. Ако недостатоците се од други причини, побарајте помош од стручно лице.

Кога детето ви зборува, треба внимателно да го слушате и да го гледате во очи. Така тоа повеќе ќе се мотивира да продолжи да зборува, затоа што ќе знае дека вие се интересирате за тоа што го кажува, а ќе научи да биде и добар слушател.

19) Матиќ, М., „Правилниот развиток на детскиот говор“, Култура – Скопје, 1959;

На детските прашања треба да се одговара мирно, јасно и правилно, зашто преку нив тие ја искажуваат желбата за сознание и за учење. На тој начин ќе ја задоволите интелектуалната љубопитност на детето, ќе ги проширите неговите знаења, ќе му го збогатите речникот и ќе му дадете пример за правилен говор, а со тоа ќе биде добар соговорник.

Читајќи им на децата, придонесуваме за развивање на литературниот говор. Така ќе го запознаете детето со нови зборови, му покажувате како треба да изгледаат речениците и како треба да течат настаните кога раскажува нешто. Но, не бидете пасивни кога читате. Додека ја читате сликовницата покажувајте му ги и опишувајте ги заедно илустрациите.

Рецитирањето ја развива естетската страна на детскиот говор. Ако стихотворбата што треба да се рецитира е кратка и погодна за детското сфаќање, детето ја доживува нејзината содржина, чувствува радост, говорно ја изразува, а со тоа ја негува звучната страна на говорот. Убавата стихотворба ја развива детската фантазија, смислата и чувството за убаво.

Кај детето треба да развиваме логичко мислење и поврзан говор. Тоа ќе го постигнеме со раскажување, прераскажување, читање, опишување, објаснување на разновидни литературни творби за деца, користење слики и серија слики, поставување на децата пред „проблем ситуации" за кои се бара решение. Квалитетот на говорот децата го учат со изразно раскажување, прераскажување и слушање при читање на уметнички литературни творби. Изразните квалитети на говорот придонесуваат за правилна дискриминација и артикулација на говорот, со нив се вежба вниманието и се дава пример за правилен говор.

Правилното пеење е корисно за детскиот говор. Убави песнички наменети за детската возраст претставува еден услов за развивање на говорот. Со пеење се развива слухот, мелодичноста на говорот и се добива чиста артикулација.

Многу е важно квалитетно поминатото време со децата што подразбира заедничко гледање ТВ-емисии, заедничко користење на Интернет и дискутирање за виденото. На тој начин можеме да откриеме што го интересира и како детето ги разбира нештата, но и да поттикнеме нови интереси за поедини теми, на пр. за далечните предели, историски периоди, експерименти и сл. Користење на современата технологија не е штетно само по себе, она што штети е содржината, времето на користење и несразмерното поттикнување на развој.

## Прилог

1. Детски цртежи

Цртежи на деца со типичен говорен развој











Цртежи на деца со развојна дисфазија












2. Тест за испитување на атрикулацијата

Име и презиме: ____________________________________ Возраст: ____________________

## ТЕСТ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА АРТИКУЛАЦИЈАТА

I.

| | | | |
|---|---|---|---|
| п: | писмо | топка | топ |
| б: | буре | јаболко | леб |
| т: | тава | стол | лист |
| д: | дрво | панделка | грозд |
| к: | кофа | око | пајак |
| г: | гуска | вага | круг |

II.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ц: | цвет | раце | чамец |
| ѕ: | ѕвонче | проѕевка | / |
| ќ: | ќебе | куќа | спанаќ |
| ѓ: | ѓердан | веѓа | / |
| ч: | четка | печурка | клуч |
| џ: | џемпер | оџак | / |

III.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ф: | фустан | куфер | штоф |
| в: | вол | овен | лав |
| с: | саат | месец | автобус |
| з: | зајак | коза | воз |
| ш: | шапка | круша | кош |
| ж: | жаба | ружа | еж |
| х: | хеликоптер | Охрид | воздух |
| р: | риба | крава | компир |
| ј: | јагне | јајца | рој |

IV.

| | | | |
|---|---|---|---|
| л: | ловец | кола | бокал |
| љ: | љубичица | виљушка | тељ |

V.

| | | | |
|---|---|---|---|
| м: | мува | лимон | дим |
| н: | нос | санка | балон |
| њ: | / | дуња | коњ |

VI.

| | | | |
|---|---|---|---|
| и: | игла | птица | чевли |
| е: | елка | пегла | сонце |
| а: | авион | ташна | книга |
| о: | овца | кокошка | радио |
| у: | уво | кукла | / |

Освоени бодови на тестот:

I. ___________________
II. ___________________
III. ___________________
IV. ___________________
V. ___________________
VI. ___________________

Збир: __________________

Наод и мислење:

_____________________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________________

Логопед: ______________________________

Датум на испитување: ______________________________

**Радмила Стојковска – Алексова**, Дефектолог и раководителка на Центарот за асистивна технологија во „Отворете ги прозорците“

# Истражување: Процесот на инклузија во предучилишните установи во Општина Карпош


## Резиме

Истражувањето коешто е претставено во оваа публикација се однесува на досегашните искуства во спроведување на процесот на инклузија на предучилишните установи од Општина Карпош. Истражувањето е дел од проектот „**Инклузија во ран детски развој**“, спроведуван од Здружението „Отворете ги прозорците“, во рамки на проектот **Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа (ПРЕЦЕДЕ)** кој во Република Македонија го спроведува Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“. Овој проект е дел од субгрантираните проекти во рамките на проектот ПРЕЦЕДЕ. Истражувањето се спроведе во текот на месеците мај и јуни 2016 година.

Истражувањето опфати неколку различни групи на испитаници, кои, од една страна, се главните чинители на процесот на инклузија во предучилишните установи, но и директни учесници во процесот, од друга страна. Беше спроведено анкетно истражување со самите предучилишни институции и со воспитувачите, како и фокус-група со воспитувачи и студија на случај како техника за идентификување и претставување на добрите практики, од страна на воспитувачи и родители, за инклузија на деца со попреченост.

Добиените податоци од истражувањето укажуваат на фактот дека иако предучилишните установи имаат недостаток на ресурси, едукација и соодветни услови за работа, сепак го спроведуваат процесот на инклузија и во групите вклучуваат деца со различен тип на попреченост.

Промените кои треба да се направат како поддршка за унапредување на инклузивниот процес во предучилишните установи се во насока на едукација на воспитниот кадар за работа со деца со попреченост, обезбедување соодветни услови за работа, комплетирање на стручните тимови, како и воспоставување на соработка со релевантни институции и родители за обезбедување соодветна документација со која се потврдува попреченоста на децата.


## Вовед

Истражувањето претставено во овој извештај се однесува на досегашните искуства во спроведување на процесот на инклузија на предучилишните установи од Општина Карпош.

При спроведување на истражувањето, Отворете ги прозорците, воспостави соработка со предучилишните установи, воспитувачите, како и со родителите и процесот се одвиваше без потешкотии. Воспоставувањето на комуникацицијата со предучилишните установи беше поддржано од локалната самоуправа и истражувањето беше сфатено како алатка која ќе обезбеди насоки за подобрување и унапредување на процесот на инклузија.

## Методологија

Во истражувањето беше користен квантитативно-квалитативниот пристап за обезбедување на релевантни податоци за инклузивниот процес во предучилишните установи.

Анкетата имаше за цел да ги процени искуствата на 4 предучилишни установи, распоредени во 10 објекти (клонови), на територијата на Општина Карпош. Анкетите беа наменети за стручните служби при предучилишните установи. Фокусот беше ставен на следните прашања:

- **број на деца со попреченост** вклучени во предучилишните установи;
- **предизвици и потешкотии** со кои се соочуваат предучилишните установи во работата со децата со попреченост;
- **поддршката** која ја добиваат и им е потребна на предучилишните установи при реализацијата на инклузивниот процес со децата со попреченост.

Освен со предучилишните установи, како институции, анкета беше спроведена и со воспитувачите со цел да се проценат нивните искуства во работата со деца со попреченост.

Прашалниците беа доставени до предучилишните установи и беа анонимни, со исклучок на оние за институциите. Секој прашалник содржеше кратка информација за проектот и за целите на истражувањето. Прашањата беа од комбиниран тип, односно од затворен и од отворен тип.

Во спроведувањето на анкетата и во остварувањето на соработката со предучилишните установи, Отворете ги прозорците доби поддршка од Општина Карпош.

Покрај анкетата, беше спроведена една фокус-група со воспитувачи.

Како дополнување, беше користена и техниката студија на случај, за споделување на позитивни примери од работата на предучилишните установи во делот на инклузија на деца со попреченост. Во овој дел од истражувањето беше обезбедено и учество на родител на дете со попреченост.

Истражувањето беше направено во периодот мај-јуни 2016 година.

## Примерок

Беа вклучени сите 4 предучилишни установи од Општина Карпош кои реализираат активности во вкупно 10 објекти, односно клонови. Секоја матична предучилишна установа пополни анкетен прашалник, а од сите четири предучилишни установи, вкупно 59 воспитувачи пополнија анкетен прашалник за процесот на инклузија и нивните искуства со деца со попреченост во текот на работниот процес.

Во следната табела се прикажани учесниците во процесот за секоја градинка одделно.

| Бр. | Предучилишна установа | Број на објекти/клонови во кои се реализира работата | Број на одговорени прашалници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Предучилишна установа | Воспитувачи |
| 1. | Орце Николов | 3 | 1 | 19 |
| 2. | Мајски цвет | 3 | 1 | 18 |
| 3. | Пролет | 3 | 1 | 16 |
| 4. | Распеана младост | 1 | 1 | 6 |
| **Вкупно:** | | **10** | **4** | **59** |

## Обработка и приказ на резултатите

Добиените податоци од истражувањето, во зависност од нивната природа, беа обработени на квантитативен (со едноставни статистички процедури) и квалитативен начин.

## Наоди

## Структура на примерокот

Во овој дел од извештајот се претставени податоци за карактеристиките на секоја категорија испитаници. Податоците се презентирани за секоја категорија одделно.

## Предучилишни установи

Анкетниот прашалник го пополнија сите 4 (100%) предучилишни установи кои постојат на територијата на Општина Карпош. Пример од анкетниот прашалник за предучилишните установи следува во прилог 1.

Три (75%) од вкупно четири предучилишни установи ги реализираат своите активности во повеќе објекти, односно клонови. Секоја од овие три предучилишни установи реализира активности во три објекти. Само една (25%) предучилишна градинка ги реализира активностите во еден објект.

Вкупниот број на деца кои се вклучени во предучилишните установи во Општина Карпош изнесува **2 174** деца.

При пополнување на прашалникот од предучилишните установи беше побарано да го наведат бројот на деца со попреченост кои се вклучени во нивните установи. Во разговорот со нив беше наведено дека немаат прецизни статистички податоци кои се темелат на веродостојна проценка од стручни лица, односно во најголем дел од пријавените случаи станува збор за проценка направена од воспитувачите и стручните служби во предучилишните установи. Една предучилишна установа има развиено практика на пријавување само на оние деца за кои има прецизна документација доставена од родител. Од тие причини, бидејќи немаат документација за ниту едно дете во периодот кога е правено истражувањето, оваа установа не пријави деца со попреченост.

Според информациите добиени од предучилишните установи во однос на децата со попреченост, состојбата е следна:

| Тип на попреченост | Број |
|---|---|
| Деца со телесна попреченост | |
| Деца со интелектуална попреченост | 1 |
| Деца со оштетување на видот | |
| Деца со оштетување на слухот | 3 |
| Деца со потешкотии во говорот | 82 |
| Деца со аутизам и аутистичен спектар на однесување | 9 |
| Деца со комбинирана попреченост | |
| Друго | 4 |
| **Вкупно** | **99** |

Од табелата може да се забележи дека вкупниот број на деца со попреченост вклучени во предучилишните установи во Општина Карпош изнесува 99 што е 4% од вкупниот број на деца. Во однос на попреченоста, најголема е застапеноста на децата со потешкотии во говорот. Сметаме дека тоа се должи на присуството на логопеди, како соработници на стручните тимови во предучилишните установи, кои ги детектираат и вклучуваат во третман децата со потешкотии во говорот.

Процентуалната застапеност на децата со попреченост во однос на типот на попреченост изгледа вака:




Во делот друго, при пополнувањето на прашалниците, како попречености и потешкотии, предучилишните установи ги наведуваат: дијабетот (шеќерна болест), хормонални промени, односно промени со хормонот за раст кои се рефлектираат и на други области од развојот, како и недостаток на внимание и агресивност. Во разговор со претставници од предучилишните установи, добивме информации дека персоналот при работата со овие деца прави одредени адаптации во пристапот, просторот, текот и распоредот на активностите.

Во однос на половата застапеност, состојбата е следна:



Поголем број од децата со попреченост кои се пријавени од предучилишните институции се деца од машки пол.

Како што беше погоре наведено, предучилишните установи не располагаат со соодветна документација за секое дете со која се потврдува попреченоста. Обично документација е обезбедена за оние деца кај кои попреченоста е видлива, како на пр. оштетување на слухот. Од вкупниот број на деца со попреченост, обезбедена е документација само за 5 (5%) деца. Останатите деца се вбројуваат во групата на деца со попреченост по проценка на воспитувачите и стручните служби во предучилишните установи.

Родителите при уписот на своите деца во предучилишните установи пополнуваат апликација за упис. Во оваа апликација најчесто не ги наведуваат потешкотиите на своето дете. Ако станува збор за дете кое има промени во однесувањето, родителите забележуваат дека е потемпераментно, но притоа не наведуваат повеќе информации. На прашањето дали досега се случило предучилишната установа да оневозможи запишување на дете со попреченост, сите установи одговориле негативно. Еден од одговорите вели: **„Секогаш излегуваме во пресрет на барањата и потребите на децата и родителите“.**

Во однос на потешкотиите со кои се среќаваат предучилишните установи во работата со децата со попреченост, како најчести потешкотии кои тие ги наведуваат се следните:

- вклучување на децата со попреченост во активности со останатите деца – 100%, односно секоја установа се среќава со овој тип на потешкотија;
- воспоставување комуникација и интеракција со децата со попреченост – 100%;
- изработка на индивидуални планови за работа со децата со попреченост - 50% ја наведуваат како потешкотија;
- следење и евидентирање на напредокот на децата со попреченост - 50% ја наведуваат како потешкотија;
- сензибилизирање на останатите деца и нивните родители за потребите на децата со попреченост - 25% ја наведуваат како потешкотија, и
- воспоставување комуникација и соработка со семејствата на децата со попреченост - потешкотија за 25% од вклучените предучилишни установи.

За надминување на дел од потешкотиите предучилишните установи добиваат поддршка. Досегашната поддршка која е обезбедена е вработување на логопед како стручен соработник во секоја предучилишна установа во Општина Карпош. Оваа иницијатива е значајна за установите, иако истите немаат комплетирани стручни тимови. Една (25%) предучилишна установа ги извршува активностите без стручен тим, а ниту една од предучилишните установи во Општина Карпош нема вработен дефектолог. Во една (25%) од установите децата со попреченост имале искуство при кое добиваат поддршка од личен асистент ангажиран од родителите.

Во однос на мерките кои предучилишните установи ги преземаат за да се олесни пристапот и вклучувањето на децата со попреченост, добиени се следните податоци:

- секоја (100%) матична предучилишна установа има пристапна рампа на влезот;
- внатрешниот простор, занималните, дидактичките материјали и тоалетите се прилагодени кон потребите на децата со попреченост во две (50%) предучилишни установи;

- само една (25%) предучилишна установа вели дека има изградено односи на соработка со релевантни институции и сервисни служби за поддршка на работата со децата со попреченост, и
- само во една (25%) предучилишна установа функционира инклузивен тим кој го следи и поддржува процесот на вклучување на децата со попреченост.

Досегашното искуство на предучилишните установи во однос на присуството на обуки за унапредување на работата со децата со попреченост е недоволно. Како спроведувачи на обуките предучилишните установи наведуваат интернационални и граѓански организации во соработка со релевантни институции, но велат дека стекнатите знаења се недоволни за практичното спроведување на процесот на инклузија.

Следниот одговор ја илустрира состојбата - **„Сите досегашни обуки биле недоволни за во пракса да се применат методи, начини и мерки за да се помогне на децата од стручен аспект.“**

Предучилишните установи имаат добро развиена соработка со локалната самоуправа. Како иницијативи кои локалната самоуправа ги преземала, предучилишните установи ги наведуваат: поставувањето на пристапни рампи на влезот на објектите, поддршка, консултации и разбирање за сите потешкотии на кои наидува спроведувањето на инклузивниот процес, како и спроведување на предавања, односно стручни собири.

На прашањето на кое од предучилишните установи беше побарано да споделат пример на успешно инклузирано дете со попреченост, секоја предучилишна установа и покрај ограничените ресурси со кои располага, како и поддршката која ја добива, во своето искуство има примери на успешно инклузирани деца со попреченост. Дел од примерите се наоѓаат во делот **Позитивни приказни**, приложени кон овој извештај.

## Воспитувачи

Анкетниот прашалник наменет за воспитувачи го пополнија вкупно 59 воспитувачи од сите 10 објекти во кои се лоцирани предучилишните установи од Општина Карпош. Примерок од прашалникот следи во **Прилог 2**. Поголем број од нив, односно 33 (56%) воспитувачи досега имале искуство во работа со деца со попреченост , а останатите 26 (44%) воспитувачи досега немале такво искуство.

Процентуалниот износ кој се однесува на искуството на воспитувачите во работа со деца со попреченост изгледа вака:

Од овие 33 воспитувачи кои имаат искуство во работа со деца со попреченост во моментов 17, односно 29% од вкупниот примерок, во своите групи имаат вклучено едно или повеќе деца со попреченост.

Вкупниот број на деца со попреченост кои го имаат пријавено овие 17 воспитувачи, изнесува 31. Следната табела ја илустрира застапеноста на децата според тип на попреченост:

| Тип на попреченост | Број | % |
|---|---|---|
| Деца со телесна попреченост | | |
| Деца со интелектуална попреченост | 4 | 13% |
| Деца со оштетување на видот | | |
| Деца со оштетување на слухот | 3 | 10% |
| Деца со потешкотии во говорот | 14 | 45% |
| Деца со аутизам и аутистичен спектар на однесување | 3 | 10% |
| Деца со комбинирана попреченост | 1 | 3% |
| Друго | 6 | 19% |
| **Вкупно** | **31** | **100%** |

Во делот од табелата кој се однесува на друго воспитувачите вбројуваат: хиперактивно однесување, дијабет, краткотрајно внимание и невоспоставување контакт со врсници и воспитувач.

И според податоците добиени од воспитувачите, најбројна група е онаа на децата со потешкотии во говорот. Овој податок беше добиен и од анкетните прашалници од предучилишните установи. Сметаме дека тоа се должи на присуството на логопеди како членови на стручни тимови кои помагаат во детектирање и идентификување на децата, а понатаму и спроведуваат корективни третмани со нив.

За вкупно 6 (19 %) деца воспитувачите имаат добиено документација од родителите, со која се потврдува попреченоста на децата. За едно дете, од овие шест, воспитувачот вели дека има само делумна документација, но притоа нема објаснување зошто е документацијата делумна.

Доколку се погледне застапеноста на децата со попреченост според возраста, односно распореденост во возрасна група, се добива податок кој вели дека најмногу од пријавените деца со попреченост се застапени во возрасната група од 4 до 5 години. Следниот приказ го илустрира овој податок:



Групите во кои се вклучени децата со попреченост, бројат над 20 деца. Во една група се случува да бидат вклучени повеќе од едно дете, односно има ситуација каде се вклучени во иста група 5 деца кои имаат некаква потешкотија/попреченост. Сметаме дека тоа е дополнителен фактор кој ја усложнува работата на воспитувачите со децата со попреченост.

За потешкотиите со кои најчесто се среќаваат воспитувачите при работата со деца со попреченост, одговор добивме од 26 (44%) воспитувачи. Од нив 17 (65%) се воспитувачи кои во моментов се среќаваат со овие потешкотии, бидејќи во нивните групи има вклучено дете/деца со попреченост. Останатите 9 (35%) воспитувачи се повикуваат на своето минато искуство во работата со деца со попреченост.

- Вклучување на детето/децата со попреченост во активности со останатите деца е потешкотија за 22 (85%) воспитувачи;
- Воспоставување комуникација и интеракција со детето/децата со попреченост е потешкотија за 16 (61%) воспитувачи;
- Изработка на индивидуални планови за работа со детето/децата со попреченост, 15 (58%) воспитувачи го истакнуваат како потешкотија;
- Следење и евидентирање на напредокот на детето/децата со попреченост, за 11 (42%) воспитувачи претстатвува потешкотија;
- Сензибилизирање на останатите деца и нивните родители за потребите на детето/децата со попреченост, го истакнуваат 7 (27%) воспитувачи како потешкотија и
- Воспоставување на комуникација и соработка со семејствата на детето/децата со попреченост вклучени во групата, е потешкотија за 12 (46%) воспитувачи.

Според добиените податоци, најголема потешкотија за воспитувачите, при работата со децата со попреченост, е вклучувањето на децата со попреченост во активности со останатите деца.

Интересен е податокот кој зборува за учеството на воспитувачите на обуките каде се стекнуваат знаења и вештини за работа со деца со попреченост. Само 7 (12%) од вкупно 59 воспитувачи, досега присуствувале на обуки, односно работилници за работа со деца со попреченост. Од нив, 6 (86%) се воспитувачи кои досега, односно во моментов, работат со деца со попреченост, а 1 (14%) воспитувач иако присуствувал на работилница за работа со деца со попреченост сè уште стекнатите знаења не успеал практично да ги примени.



Одговор на последното прашање дале 55 (93 %) воспитувачи. Ова прашање се однесуваше на потребите на воспитувачите, односно ресурсите кои се потребни за да ја унапредат својата работа со деца со попреченост. Сумираните податоци од воспитувачите се распоредени во следните групи на потреби:

- едукација на воспитувачите за работа со деца со попреченост;
- редуцирање на бројот на децата во групите во кои се вклучени деца со попреченост;
- креирање на инклузивни тимови во предучилишните установи за следење и унапредување на инклузивната практика;
- комплетирање на постоечките тимовите во предучилишните установи со стручни лица, дефектолози;
- обезбедување подобри и прилагодени услови за работа, како и дидактички материјали;
- воспоставување соработка со релевантни институции и обезбедување на соодветна документација за децата;
- подобрување на соработката со родителите и поголема вклученост на родителите во целиот процес.

Следуваат изјави од воспитувачи во однос на ова прашање: **„За да се унапреди работата со децата со попреченост потребна е обука за тоа како треба да се работи, каков да биде пристапот кон тие деца. Но, сепак мислам дека со тие деца потребни се обучени лица. Потребна е стручна едукација, дидактички материјали со кои ќе се олесни работата со овие дечиња.“**

**„Потребна е помош при изработка на индивидуална програма за работа со децата со попреченост и помош при реализација на истата.“**

## Анализа на резултатите добиени од анкетно истражување

Во овој дел од извештајот за истражување на инклузијата во предучилишните установи во Општина Карпош се води дисукусија во однос на поспецифичните резултати кои беа добиени при пополнувањето на анкетниот прашалник за предучилишни установи и анкетниот прашалник за воспитувачи.

Во однос на прашањето за бројот на деца со попреченост кои се вклучени во предучилишните установи, од двата прашалника се добива податок дека најголем број или процент од децата со попреченост се децата со потешкотии во говорот. За овие деца установите и воспитувачите имаат потврдени податоци од стручни лица логопеди кои се вклучени како стручни соработници во предучилишните установи.

Доколку се направи споредба за бројноста на децата според тип на попреченост, се наидува на податок кој е различен кај двете категории на испитаници. Имено, предучилишните установи немаат пријавено ниту едно дете во групата деца со комбинирана попреченост, додека пак воспитувачите пријавиле едно дете со овој тип на попреченост. Исто така, вкупниот број на деца кои влегуваат во групата друго, пријавен од предучилишните установи изнесува 4, додека пак податоците добиени од воспитувачите укажуваат дека во оваа група се вбројуваат 6 деца. Овие разлики сметаме дека потекнуваат од неунифицираноста во пристапот и процената на децата која потекнува од некомплетноста на стручните тимови и недоволната информираност и оспособеност на воспитувачите за работа со децата со по-

преченост. Имено, овој факт произлегува и во истражувањето. Само 12% од воспитувачите посетувале обука, односно работилница за работа со деца со попреченост, а ниту една градинка не располага со стручно лице дефектолог како поддршка во процесот на инклузија.

Дополнителна потешкотија која произлезе од податоците од двете групи испитаници е недоволната свесност на родителите, односно отвореност за потешкотиите на своите деца. Документација со која се потврдува попреченоста на детето е обезбедена само за мал број на деца, најчесто за оние чија попреченост е видлива. Родителите во апликацијата која ја пополнуваат при уписот на детето во градинка не наведуваат дека нивното дете има потешкотија. Сметаме дека од тие причини, бидејќи постои недостаток на информираност, при правењето на групите не се води сметка за бројноста на децата. Од добиените податоци, во една од групите се вклучени 5 деца со попреченост, а притоа групата е многубројна и брои над 20 деца. Тоа е дополнителна потешкотија со која се усложнува работата на воспитувачот.

Следен податок кој е истакнат од двете групи испитаници е оној кој вели дека најголема потешкотија за предучилишните установи и за воспитувачите е вклучувањето на децата со попреченост во активности со останатите деца, односно воспоставување комуникација и интеракција со нив.

Во однос на условите за работа и нивната прилагоденост кон потребите на децата со попреченост, предучилишните установи располагаат само со пристапни рампи на влезот на институциите. Внатрешниот простор, дидактичките материјали, тоалетите не се прилагодени кон потребите на децата со попреченост. Оваа потреба произлезе и од анкетните прашалници кои ги пополнуваа воспитувачите, каде подобрувањето на условите, просторот и потребата од дополнителни дидактички материјали беа наведени како значајни ресурси.

И покрај сите препреки и предизвици на кои наидуваат во процесот на инклузија, досега не се случило да одбијат дете со попреченост да биде запишано во институцијата, односно секоја од предучилишните установи има пример на успешно инклузирани деца со попреченост.

## Податоци добиени од фокус-група

Целта на дискусијата во рамките на фокус-групата за воспитувачи од предучилишните установи од Општина Карпош беше да се спроведе евалуација на нивните досегашни искуства и впечатоци од процесот на спроведување на инклузијата во предучилишното образование. Оваа дискусија ги надополни податоците и информациите добиени од анкетирањето, кое беше претходно спроведено. Во фокус-групата беа вклучени 10 воспитувачи со различни искуства, односно и оние кои немаат директно искуство во работа со деца со попреченост, со цел да се согледаат и нивните ставови и размислувања за самиот процес. Примерок од протоколот за дискусија во фокус-групите следи во **Прилог бр. 3**.

Дискусијата во фокус-групата беше насочена кон следните главни прашања, кои дополнително беа расчленети и презентирани на учесниците:

- Прашање бр. 1: Од кога и на кој начин се спроведува инклузивната практика во предучилишните установи?
- Прашање бр. 2: До кој степен предучилишните установи и кадарот кој работи во нив се подготвени да излезат во пресрет на потребите на децата со попреченост?

- Прашање бр. 3: Кои се клучните области на кои треба да се делува за да се подобри и унапреди инклузивниот процес во предучилишните установи?
- Прашање бр. 4: Кои се досегашните придобивки од спроведувањето на инклузивниот процес за вклучените различни страни во истиот?

Дискусијата се спроведе во просториите на предучилишната установа „Мајски цвет", во времетраење од два часа.

Добиените податоци беа во насока на дополнување на податоците од анкетното истражување, односно потврдување на она што беше констатирано со анкетните прашалници.

Се потврди дека предучилишните установи од самиот почеток во групите имале вклучено деца со различен тип на попреченост. Во досегашното искуство не се случило да одбијат ниту едно дете по основ на попреченост. Инклузивноста како карактеристика е препознатливост на институцијата и пред да започне да се спроведува процесот на реонизација, од сите делови на градот Скопје, се запишувале деца со попреченост во предучилишната установа во Општина Карпош.

Предучилишната установа работи со некомплетен стручен тим. Новина е тоа што од пред извесен период како стручен соработник во редовите на тимот е вклучен логопед. И покрај некомплетната структура на тимот, воспитно-згрижувачкиот тим во градинката се труди да спроведува активности со децата со попреченост. Се споделуваа примери каде детекцијата на децата и нивното идентификување е направено токму во предучилишната установа. Иако досега претставниците од предучилишната установа не учествувале во обука за работа со деца со попреченост, сепак долгогодишното искуство им помага во процесот на детекција и идентификување на состојби кои отстапуваат од она што е просечен развој. Единствено учество во проект за инклузија кој тие го забележуваат е учеството во проектот за тематски планирања и креирање на индивидуални планови за работа.

Воспитувачите не се чувствуваат подготвени да работат со деца со попреченост. Најголем предизвик со кој се соочуваат е бројот на децата во една група. Групите се големи и бројат над 20 деца. Родителите иако во досието имаат можност да пријават дека нивното дете има попреченост, најчесто тоа не го прават на самиот упис. Групите се формираат и се случува на почетокот на годината воспитувачот да дознае дека во својата група, која брои над 20 деца, има дете со попреченост. Оттука потекнува и вториот предизвик или потешкотија - комуникацијата и соработката со родителот, односно настојувањето да се консултира со стручни лица и да обезбеди соодветна документација од релевантна институција. Оттаму се јавува и дилемата - дали е во ред детето да биде во средина во која не секогаш може да се одговори на неговите потреби, односно дали навистина ќе се постигне инклузија со најголеми придобивки за детето со попреченост?

За да се унапреди инклузијата и за да се подобри квалитетот на работа на вопситувачите, според нив потребно е:

- Да се започне навреме со рана интервенција и детекција, односно децата со попреченост, на усписот да имаат соодветна документација;
- Воспитувачите да се едуцираат на оваа тема уште за време на додипломските студии, односно постојано да се надградуваат со нови информации и вештини преку обуки и доедукација;

- Да се подобрат физичките услови за работа, пристапноста на објектите и истите да се снабдат со дидактички помагала и материјали прилагодени на развојот и стилот на учење на децата со попреченост;
- Да се комплетираат стручните служби при предучилишните установи со соодветен кадар, во прв ред дефектолози;
- Да се пронајдат мерки за стимулација на сите воспитувачите кои работат со деца со попреченост.

Според досегашното искуство и практика, воспитувачите сметаа дека инклузијата е поголема придобивка за децата без попреченост и воспитувачите. Тоа е процес преку кој се стимулираат сензибилизацијата и разбирањето на различноста и секако предизвикува лична сатисфакција, но засега без системска поставеност, сѐ уште е на ниво на импровизација.

## Позитивни приказни од досегашното спроведување на процесот на инклузија во предучилишните установи во Општина Карпош

Во овој дел од извештајот се поместени досегашните искуства преку примери на предучилишните установи „Мајски Цвет" и „Пролет", како и искуството на родител на дете со кохлеарен имплант за успешното вклучување во предучилишна установа.

Благодарност до стручните служби и воспитно-згрижувачките тимови од горенаведените предучилишни установи за споделување на приказните. Особена благодарност до родителката В. Н. за вложениот труд и споделувањето на информациите.

## Децата со попреченост имаат право на инклузија – нашата позитивна приказна

### Предучилишна установа „Пролет", Скопје

На децата со попреченост треба да им се овозможи инклузија во општеството каде живеат, еднакви можности и уживање на сите права. Да се промени свеста кај пошироката јавност за тие да бидат прифатени како составен дел од шареноликото општество.

Градинката „Пролет" од Скопје, со директорката Вита Јаковлевска, педагогот Дијана Симоновска и воспитно-згрижувачкиот тим, отсекогаш се труделе да ги поддржат овие деца и да го овозможат нивното прифаќање од средината, иако во тимот недостасуваат лицата кои поседуваат стручно знаење - дефектолозите.

Низ годините во градинката поминале многу дечиња на кои им била потребна нашата грижа и поддршка, која сме се труделе да ја обезбедиме на највисоко професионално ниво. Едно од тие дечиња е и С.Н. Со него се дружиме од јаслена група, а деновиве го испративме како големо момче кое се запиша во училиште.

С. има прекрасни родители кои се трудат на сите начини да му помогнат и со нив имавме прекрасна соработка. Ја ценеа нашата грижа, предизвиците и напорите со кои се соочувавме.

С. има потешкотии со слухот и развојот на говорот. После оперативна интервенција во септември 2014 година, му беше вграден кохлеарен имплант и носи апаратче за слушање.

Вербалната комуникација е отежната, но тој е весело дете и ги исполнуваше работните обврски, соработуваше, комуницираше со воспитниот тим и другарчињата во групата преку невербална комуникација.

Комуникацијата беше одлична. Се потрудивме заеднички и тој беше одлично прифатен и адаптиран во групата. Развивме способност да ја забележува и разбира визуелната слика на говорот преку читањето од уста.

С. е многу емотивно дете и постојано сакаше да биде прегрнат. Со насмевка, „срце“ направено од неговите мали рачиња и бакнежи умееше да ја покаже неговата љубов и благодарност. Допре до сите нас.

Освен проблемот со говорот, С. се развиваше одлично. Брзо го разбираше она што се бара од него и веднаш го реализираше. Беше исполнителен, креативен, а особено се истакнуваше во ликовното творештво.

Ги препознава формите, броевите, боите, соработуваше во колективните игри со другите деца. Има развиено добра координација и контрола на движење, развиена фина моторика. Истраен беше во активноста и настојуваше со успех да ја реализира.

Неговото успешно „созревање“ го следевме низ годините што минуваа. Учествуваше на сите приредби и манифестации што беа организирани во градинката. На приредбата после вградувањето на имплантот на прашањето: „8 Март е празникот на?“ изговорениот збор „мама“ од неговите усни, солзите во очите на неговата мајка и громогласниот аплауз што го доби С., беше поттик за воспитниот тим да продолжи да го поддржува С. и сите други деца на кои им е потребна нашата љубов и поддршка.

Се надеваме дека приказната на С. успешно ќе продолжи и во училиште и тој ќе биде пример со кој ќе се гордее семејството, градинката, училиштето, системот...

Ти благодариме С. за радоста, љубовта и можноста што ни ја даде од себе да го извлечеме најдоброто и нè научи дека богатството на животот лежи во различноста.

## Нашето петгодишно искуство со градинката – приказната за “Малиот С.“

## ВН, горда мајка

Тргна во градинка на неполни 18 месеци. На почеток, нормално како и сите дечиња, требаше да се навикне на средината. Сè се одвиваше во ред. Моето чувство, веројатно како и на секоја мајка, го следеше загриженост и возбуда, иако беше второ искуство.

Кога станува збор за поддршката, оној момент кога сфатив дека моето дете го изгубило слухот, помислив и прашав: „Што сега, ќе продолжи ли детето во градинка или ќе морам да го отпишам?“ Тогаш ја почувствував поддршката која ни ја даде градинката и многу ни помогна околу неговиот развој.

Тука беа директорката, раководителката, воспитувачки, негувателки, полни со разбирање и љубов. Една од нив имаше најголема улога. Оној момент кога почна да носи слушни амплификатори и подоцна кога се вгради кохлеарниот имплант, грижата и подготовката на дечињата херојски ја изведе неговата воспитувачка.

Во ниту еден момент не беше одвоен од која било приредба или настан. Тоа премногу му значеше, а тој беше многу важен и горд. Многу битни ни беа сликите од Нова година, од априлијада... Сите се наредени од прва до последна под стаклото на масата. Сликите каде се делат срциња кон неговата симпатија и воспитувачка, сликите кои носат различни приказни од тоа кој славел роденден, па сè до тоа кој со кого се скарал. Исто така, театарските претстави, прошетките, посетите на банка, планетариум и останати посети, кои му причинуваа големо задоволство. Иако редовно доцневме во градинка, поради вежбите кои мора да се посетуваат, гледавме ништо да не пропуштиме, благодарение на неговата воспитувачка.

Многу малку информации добивавме од него за тоа што се случува во градинка. Но по однесувањето, кревањето на чинијата, диплењето алишта, миењето раце, танцовите кореографии, цртежите, препознавањето на делови од човечкото тело, броеви, знаевме дека С. учи работи кои ги учат и знаат неговите врсници.

Дали е среќен? – ДА.

С. ги има најдобрите другари. Моментот кога доаѓа од градинка и носи покана за роденден од некое другарче, за него и за нас е пресреќен. Точно знае што ќе носи, одбира подарок и само го чека времето за одење.

Среќата, радоста и љубовта знае да ја покаже и да ја сподели. Посетата на родендените многу ни значи, бидејќи таму го забележуваме нивното другарство, гушкање, смеење, лудување. Таму не забележуваме ниту една пречка.

Изразувам голема благодарност кон родителите на сите негови другарчиња за нивната поддршка и објаснувања.

За „Малиот С." (прекар од другарчињата) неговата мајка има многу да раскажува. Ви благодарам на сите кои дозволивте ова мало детенце да Ве шармира на негов начин, почнувајќи од неговата најсакана учителка Кика, неговите дефектолози во Заводот за говор и слух, неговиот дефектолог Радмила од „Отворете ги прозорците" и новите учителки од училиштето.

## Приказната за Д. и неговите активности во градинка

## Предучилишна установа „Мајски цвет", Скопје

Играта во градинката е основа на сè, па така и во пристапот кон Д. Почнавме да се приближуваме кон него, преку игра во која правилата ги поставуваше тој, а ние настојувавме да се вклучиме во тие рамки за да извлечеме нешто повеќе.

Д. добро реагираше на физички контакт и дразби, па затоа и нашиот прв контакт беше да се придржуваме кон и да го поддржиме неговото ритмичко движење, со желба постепено да се менува ритамот и насоката на движење, а во сето тоа да се успее да се оствари контакт со очите.

Користењето на тоалетот на самиот почеток беше навистина тешка и напорна работа. Но, со постојано користење во точно определено време и со исти стимули, како и со добивање на омилената игра како награда, доведе до позитивни резултати.

До крајот на неговиот престој во градинка Д. одеше со придружба. На почетокот само со една воспитувачка, но подоцна и со дел од неговите другарчиња.

Д. честопати легнуваше во одреден агол од занималната, најчесто онаму каде е помирно. Прозорот над него го отворавме. Промената почна да ја забележува и во деновите кога имаше ветер, тој почнуваше да реагира и да се труди да го затвора.

Најмногу ги сакаше нашите престои во дворот, каде што секогаш си играше со стапче или лист кој го вртеше меѓу дланките. Самостојноста во хранење ја постигна постепено, во последната година во градинка. Тогаш забележавме дека пројавува интерес за храна сервирана на количка. Знаеше да застане и плаче пред кујната. На почетокот му дававме празна чинија која ја допираше со рака, за да може да направи разлика кога истата е полна и кога треба да користи лажица за да јаде самостојно и повторно да земе полна чинија доколку не е доволно нахранет.

Омилена игра на Д. беше разгледувањето пластифицирани слики. Правевме слики од животни, бои, професии... Од понудените слики, одбираше една и со неа создаваше звук.

Ако донесеме заклучок околу сите овие, според нас можеби не многу богати активности, нашето насочување главно се одвиваше околу социоемоционалниот развој, односно физичкиот и моторниот развој.

Не сме сигурни дека направивме многу за Д., но можеме да кажеме дека неговите другарчиња ја научија најважната лекција во животот – да ги прифатат и вистински да ги засакаат различните од нив.

## Заклучоци

Досегашните искуства на предучилишните установи од Општина Карпош потврдуваат дека инклузијата како процес се одвива од самите почетоци, односно започнувањето на процесот не се базира на проект.

Раководниот и воспитно-згрижувачкиот тим во установите се труди и дава поддршка на сите деца, вклучително и на децата со попреченост и досега не се случило дете со попреченост да биде одбиено при упис во предучилишна установа и покрај тоа што предучилишните установи немаат комплетни стручни тимови.

Некомплетноста на стручните тимови се рефлектира во неунифицираниот пристап, идентификување, следење и евиденција на децата со попреченост вклучени во предучилишните установи.

Четири проценти, од вкупниот број на деца вклучени во предучилишните установи се деца со попреченост. Најголем процент од нив се деца со говорни потешкотии детектирани од логопедите од стручните тимови на предучилишните установи.

Физичките услови во кои се спроведуваат активностите со децата, дидактичките материјали и подготвеноста на воспитувачите, не се на ниво кое е соодветно за да се одговори на потребите на децата со попреченост.

Големиот број на деца вклучени во рамките на една воспитна група, потешкотиите во соработката со родителите и обезбедувањето на соодветна документација со која се потврдува попреченоста на децата, се најголемите предизвици со кои се соочуваат предучилишните установи и воспитувачите и кои значително го отежнуваат вклучувањето на децата со попреченост во активности со останатите деца.

Инклузијата како процес е значајна за сите вклучени страни во нејзиното спроведување. Вклучувањето на децата со попреченост во предучилишните установи од рана возраст, освен што е придобивка за нив, доведува до позитивни промени и вредности кај сите, со најголем акцент на децата кои од најрана возраст учат да ја прифатат и почитуваат различноста.

## Препораки

Согласно добиените заклучоци од истражувањето, произлегоа следните препораки:

1. Да се комплетираат стручните служби во предучилишните установи со стручни лица (дефектолози) за да се воспостави унифициран модел на идентификување, процена на потребите на децата со попреченост, следење и документирање на постигнатите резултати од работата со нив;
2. Да се подобрат физичките услови, односно да се земат во предвид стандардите за пристапност при реновирањето и изградбата на нови објекти, како и снабденоста со дидактички материјали кои се соодветни на потребите на децата со попреченост и со чија помош се овозможува прилагодување кон индивидуалните стилови на учење на децата;
3. Да се подобри и зајакне соработката со родителите и институциите

за да се обезбеди навремено детектирање на децата со попреченост и обезбедување соодветна и навремена документација (оцена и процена) за упис и престој во предучилишната установа;

4. Да се намали бројот на деца во воспитните групи во кои е/се вклучено/и дете/деца со попреченост согласно предвидени нормативи за бројот, со цел да се овозможи индивидуален пристап и вклучување на детето/децата со попреченост во активности со останатите деца;
5. Да се зајакнат капацитетите на раководниот и воспитно-згрижувачкиот тим од предучилишните установи за работа со деца со попреченост преку обуки, работилници и учество на стручни собири;
6. Да се направат реформи во високото образование за воспитувачи, што ќе ги земат во предвид потребите за додипломска едукација од областа на попреченоста и инклузијата, на ниво на задолжителни предмети.

## Прилози

Прилог 1

Прашалник за процесот на инклузија во предучилишните установи во Општина Карпош

Почитувани,

Пред Вас се наоѓа прашалник преку кој сакаме да добиеме информации за начинот на кој се спроведува инклузивниот процес на децата со попреченост во Вашата градинка. Овој прашалник е наменет за членовите на стручната служба во градинката.

Истиот нема да ви одземе многу време за пополнување, а добиените податоци се многу значајни и релевантни за горенаведениот проект, како и за унапредување на инклузивниот процес.

*Однапред Ви благодариме на соработката и Ви посакуваме пријатна работа!*

1. Градинка:________________________________________
2. Во колку објекти/клонови е распоредена Вашата градинка?
________________________
3. Колку вкупно деца има во Вашата градинка?
________________________
4. Колкав е бројот на деца со попреченост кои се вклучени во групите во Вашата градинка? ____________________

| Вкупен број на деца со попреченост:________________ | |
|---|---|
| Машки | |
| Женски | |

5. Ве молиме наведете го бројот на деца со попреченост, во согласност со долунаведената поделба.

| | |
|---|---|
| Деца со телесна попреченост | |
| Деца со интелектуална попреченост | |
| Деца со оштетување на видот | |
| Деца со оштетување на слухот | |
| Деца со потешкотии во говорот | |
| Деца со аутизам и аутистичен спектар на однесување | |
| Деца со комбинирана попреченост | |
| Друго | |

Ве молиме секое дете да го броите само еднаш. Ако во градинката има деца со комбинирана попреченост, заведете ги само во редот/графата: деца со комбинирана попреченост.

Воедно Ве молиме и да опишете какви се комбинираните потешкотии, односно попречености.

______________________________________________

______________________________________________

Опишете ги потешкотиите на децата кои ги вброивте во последната група, одосно во делот на друго.

______________________________________________

______________________________________________

6. За колку од вклучените деца родителите имаат доставено документација (оцена и процена) од релевантна институција со кој е потврдена попреченоста на детето?
______________________________

7. Дали во вкупниот број на деца со попреченост ги вклучувате и оние за кои немате добиено документација од релевантна институција со која е потврдена попреченоста на детето? Доколку Вашиот одговор е да, Ве молиме наведете врз основа на што ги вбројувате овие деца во групата на деца со попреченост?

______________________________________________

______________________________

8. Дали родителите при уписот на детето во Вашата градинка пополнуваат апликација за своето дете? Доколку пополнуваат, какво е Вашето искуство во однос на соопштување и најавување на попреченоста на нивното дете? Ве молиме накратко опишете.

______________________________________________

______________________________

9. Дали досега се случило Вашата градинка да оневозможи запишување на дете со попреченост? Доколку Вашиот одговор е да, Ве молиме накратко наведете ги причините за таквата одлука.

______________________________________________________________

___________________________________________

10. Кои се најголемите потешкотии со кои се среќавате при работата со децата со попреченост вклучени во Вашата градинка? (може да одберете повеќе опции).

- Вклучување на децата со попреченост во активности со останатите деца;
- Воспоставување комуникација и интеракција со децата со попреченост;
- Изработка на индивидуални планови за работа со децата со попреченост:
- Следење и евидентирање на напредокот на децата со попреченост;
- Сензибилизирање на останатите деца и нивните родители за потребите на децата со попреченост;
- Воспоставување комуникација и соработка со семејствата на децата со попреченост вклучени во групите во Вашата градинка.

11. Какви мерки презема Вашата градинка за да го олесни пристапот и вклучувањето на децата со попреченост? (може да одберете повеќе опции).

- Градинката има пристапна рампа на влезот од објектот;
- Градинката има лифт;
- Внатрешниот простор, занималните, тоалетите и дидактичките средства се адаптирани согласно потребите на децата со попреченост;
- Градинката има изградено односи на соработка со релевантни институции и сервисни служби и добива поддршка во работата со децата со попреченост;
- Во градинката функционира инклузивен тим кој го следи и поддржува процесот на вклучување на децата со попреченост;
- Друго ____________________________________________________ _____________________________________.

12. Каков тип на директна поддршка добивате за да ја унапредите работата со децата со попреченост?

- Во градинката има вработен дефектолог;
- Во градинката има вработен логопед;
- Децата со попреченост добиваат поддршка од лични асистенти ангажирани од родителите;
- Друго ____________________________________________________ ________________________________________________________

13. Дали досега Вашите вработени присуствувале на обуки за унапредување на работата со деца со попреченост? Доколку Вашиот одговор е да, Ве молиме накратко наведете за какви обуки станува збор.

______________________________________________________________

___________________________________________

14. Ве молиме, накратко, опишете ги иницијативите кои досега ги презема Вашата општина за подобрување на инклузивниот процес на децата со попреченост во предучилишните установи во општината?

    ______________________________________________________________

    ___________________________________________

15. Ве молиме, накратко опишете доколку во Вашето досегашно искуство е забележан пример на успешно вклучено дете со попреченост во Вашата градинка?

    ______________________________________________________________

    ____________________________________________

## Прилог 2

## Прашалник за процесот на инклузија во предучилишните установи во Општина Карпош (наменет за воспитувачи)

Почитувани,

Пред Вас се наоѓа прашалник преку кој сакаме да добиеме информации за начинот на кој се спроведува инклузивниот процес на децата со попреченост во Вашата градинка. Овој прашалник е наменет за воспитувачи.

Истиот нема да ви одземе многу време за пополнување, а добиените податоци се многу значајни и релевантни за горенаведениот проект, како и за унапредување на инклузивниот процес.

*Однапред Ви благодариме за соработката и Ви посакуваме пријатна работа!*

1. Градинка: ______________________________________________________
2. На која возраст се децата со кои моментално работите?

    _________________________

3. Колку вкупно деца има во Вашата група?

    _________________________________

4. Дали досега сте имале искуство во работа со деца со попреченост? Доколку Вашиот одговор е да, Ве молиме накратко опишете за каков тип на попреченост станува збор и за Вашето искуство во работа со деца со попреченост.

    ______________________________________________________________

    ___________________________________________

5. Дали во моментов во Вашата група се вклучени деца со попреченост? Доколку Вашиот одговор е да, Ве молиме наведте колкав е бројот на деца со попреченост кои се вклучени во Вашата група?

    ______________________________________

6. Ве молиме наведете го бројот на деца со попреченост, во согласност со долунаведената поделба:

| | |
|---|---|
| Деца со телесна попреченост | |
| Деца со интелектуална попреченост | |
| Деца со оштетување на видот | |
| Деца со оштетување на слухот | |
| Деца со потешкотии во говорот | |
| Деца со аутизам и аутистичен спектар на однесување | |
| Деца со комбинирана попреченост | |
| Друго | |

Ве молиме секое дете да го броите само еднаш. Ако во групата има дете/деца со комбинирана попреченост, заведете го/ги само во редот/графата - деца со комбинирана попреченост.

Воедно Ве молиме и да опишете какви се комбинираните потешкотии, односно попречености.

___

___

Опишете ги потешкотиите на детето/децата кои ги вброивте во последната група, односно во делот на друго.

___

___

7. Дали родителите на детето/децата со попреченост со кое/кои Вие работите имаат доставено документација (оцена и процена) од релевантна институција со која е потврдена попреченоста на детето?
___
8. Кои се најголемите потешкотии со кои се среќавате при работата со детето/децата со попреченост вклучени во Вашата група? (може да одберете повеќе опции).

- Вклучување на детето/децата со попреченост во активности со останатите деца;
- Воспоставување комуникација и интеракција со детето/децата со попреченост;
- Изработка на индивидуални планови за работа со детето/децата со попреченост:
- Следење и евидентирање на напредокот на детето/децата со попреченост;
- Сензибилизирање на останатите деца и нивните родители за потребите на детето/децата со попреченост;
- Воспоставување комуникација и соработка со семејствата на детето/децата со попреченост вклучени во Вашата група.

9. Какви мерки презема Вашата градинка за да го олесни пристапот и вклучувањето на децата со попреченост? (може да одберете повеќе опции)

- Градинката има пристапна рампа на влезот од објектот;
- Градинката има лифт;
- Внатрешниот простор, занималните, тоалетите и дидактичките средства се адаптирани согласно потребите на децата со попреченост;
- Градинката има изградено односи на соработка со релевантни институции и сервисни служби и добива поддршка во работата со децата со попреченост;
- Во градинката функционира инклузивен тим кој го следи и поддржува процесот на вклучување на децата со попреченост;
- Друго ________________________________________________.

10. Каков тип на директна поддршка добивате за да ја унапредите работата со децата со попреченост?

- Во градинката има вработен дефектолог;
- Во градинката има вработен логопед;
- Детето/децата со попреченост добиваат поддршка од лични асистенти ангажирани од родителите;
- Друго________________________________________________.

11. Дали досега сте присуствувале на обуки за унапредување на работата со деца со попреченост? Доколку Вашиот одговор е да, Ве молиме накратко наведете за какви обуки станува збор.
____________________________________________________________

12. Ве молиме, накратко опишете што Вам како воспитувач Ви е потребно за да ја унапредите работата со децата со попреченост?

## Прилог 3

Водич за дискусија во фокус-група (ФГ): воспитувачи од предучилишни установи во Општина Карпош и нивните искуства во процесот на инклузија

Појаснување: Целта на дискусијата во рамките на фокус-групата за воспитувачи од предучилишните установи од Општина Карпош е да се спроведе евалуација на нивните досегашни искуства и впечатоци од процесот на спроведување на инклузијата во предучилишното образование. Оваа дискусија ќе ги надополни податоците и информациите добиени од анкетирањето, кое беше претходно спроведено. Во фокус-групата ќе бидат вклучени воспитувачи со различни искуства, односно и оние кои немаат директно искуство во работа со деца со попреченост со цел да се согледаат и нивните ставови и размислувања за самиот процес.

Дискусијата во фокус-групата ќе биде насочена кон следните главни прашања, кои дополнително ќе бидат расчленети и презентирани на учесниците:

- Прашање бр. 1: Од кога и на кој начин се спроведува инклузивната практика во предучилишните установи?

- Прашање бр. 2: До кој степен предучилишните установи и кадарот кој работи во нив се подготвени да излезат во пресрет на потребите на децата со попреченост?
- Прашање бр. 3: Кои се клучните области на кои треба да се делува за да се подобри и унапреди инклузивниот процес во предучилишните установи?
- Прашање бр. 4: Кои се досегашните придобивки од спроведување на инклузивниот процес за вклучените различни страни во истиот?

**ФГ прашања**

| Клучни прашања | Пример прашања |
|---|---|
| 1. Од кога се реализира процесот на инклузија во Вашата предучилишна установа? | - Од кога започнавте во Вашите групи да вклучувате деца со попреченост?<br>- Кој беше главниот мотив да го направите тоа?<br>- Дали имавте некаква претходна подготовка пред да ги вклучите децата со попреченост во групите?<br>- Дали постои разлика, односно тренд на зголемување на бројот на децата со попреченост откако средината и општеството стануваат посвесни за инклузијата и различноста? |
| 2. Кои се најголемите предизвици со кои се среќавате во процесот на инклузија? | - Како е уреден физичкиот простор во кој ги спроведувате активностите со децата со попреченост?<br>- На кој начин вие како воспитувачи ја организирате работата со децата со попреченост? На кој начин и до кој степен ги вклучувате во секојдневните активности?<br>- Дали изработувате индивидуална програма за работа со децата со попреченост?<br>- Што за вас како воспитувачи е најголем предизвик?<br>- Кое е вашето најинтересно досегашно искуство во работата со деца со попреченост? |
| 3. Што треба да се обезбеди за да се унапреди процесот на инклузија во предучилишните установи? | - Кои се најважните ресурси кои треба да се обезбедат за да се унапреди процесот на инклузија во предучилишните установи?<br>- Што на Вас како воспитувач ви е особено значајно за да ги подобрите личните капацитети и квалитети?<br>- Кои други актери од општетството се релевантни за успешно спроведување на процесот на инклузија? |
| 4. Што е најголемата придобивка за Вас досега од спроведување на инклузивниот процес? | - Што научивте досега од инклузијата?<br>- Дали се променија некои Ваши ставови и гледишта?<br>- Кои се Вашите размислувања за инклузијата и децата со попреченост? |

## Куклите во мојата градинка

### Вовед

Предучилишниот период во развојот на децата е време кога со најголем интензитет се создаваат и стекнуваат вештини и навики, се развиваат функциите на моторен развој како на крупната така и на фината моторика, се развива когнитивниот развој, со еден збор севкупниот развој, па така ние вработените во предучилишните установи после родителите сме најповикани да се посветиме најодговорно во создавање на услови за поттикнување и негување на развојот на децата во најдобра насока.

Следејќи го развојот на децата во долгогодишната работа со нив ги согледавме веќе научно докажаните факти дека сите деца се различни и имаат различни можности во достигнување на одредени цели, па оттука и идеите за теми за спроведување на истражување ја истакнаа во преден план идејата за поттикнување на развојот на креативноста кон откривање на надареноста кај децата. Појдовна основа беше на сите деца да им овозможиме еднакви услови во смисла на просторни, материјални и елементарни, сите деца активно да учествуваат при реализација на сите предвидени активности и на крајот да ги споредиме добиените резултати.

Воспитно-згрижувачките тимови од секој објект се определија за различна тема – област на истражување и согласно реализираните активности се обработени податоците и се добиени резултатите кои следат во понатамошниот текст.

При реализацијата беа вклучени воспитувачите, родителите, децата и стручниот тим од установата.

### Куклите во играта

Играта е активен процес без производ. Играта е уметност. Уметноста е игра. И токму затоа во овој процес на игра се раѓа и случува креативноста. Уште од најраната возраст детето „ги игра“ оние игри кои за него се актуелни и важни, кои секојдневно му се случуваат и ги доживува безброј пати. Меѓу првите и најважните игри со кои детето се среќава е играта со кукла. Па затоа низ играта со кукла, детето учи и се развива, постојано повторувајќи ја играта за да може да разбере и да научи. Една од најзначајните функции и улоги на куклата, како воспитна алатка, е развојот на детскиот говор. Во играта со куклата говорот кај детето природно се развива и збогатува. Компонентите на живот којшто ги содржи куклата, спонтано ги наведува децата на говорна комуникација. Штом детето ќе ја земе куклата во раце, тоа и дава глас, а со тоа и дава живот. Низ монологот со куклата, којшто се јавува од најраната возраст, детето несвесно изразува некои говорни фактори: боја на гласот, траење, јачина на гласот и сл. И во таквите ситуации детето најчесто се придвижува кон останатите деца со желба да го слушнат - ги поздравува со помош на куклата, преку куклата ги прашува нешто, раскажува приказна или нешто што го доживеало. Со тоа куклата станува извор и центар на говорните функции кај детето.

## Куклите како средство за развивање на мировното однесување

Освен горенаведените активности, користејќи ја куклата во игрите се поттикнува развивање на мировното однесување кај децата во претшколска возраст. Процесот се одвива на тој начин што децата ги персонализираат куклите, што значи кон нив се однесуваат како со луѓе, најчесто ги доживуваат како свои врсници, другарчиња, а со тоа внимаваат на однесувањето. Од страна на тимот вклучен во акциското истражување на децата им се сугерира дека треба да внимаваат како да се однесуваат со куклите, да не се користи насилно однесување кон нив. Доколку беше забележано агресивно однесување, тимот на истражувачи веднаш реагираа и им се укажуваше на децата да го преобразат однесувањето во ненасилно. Исто така, се учеа децата во текот на игрите со кулите да бидат правични, активни и слободно да се изразуваат. Со тоа децата стануваат единки кои ќе придонесат во заедницата, бидејќи со помош на игрите со куклите кај децата се создаваат вештини за односите со другите.

Во текот на работата во детските градинки и набљудувањето на децата за време на слободните активности, можеме слободно да заклучиме дека куклата пололека стана заборавено средство за игра, иако знаеме дека таа е силен мотиватор кај децата за разни активности. Врз основа на ова, наша заедничка цел ќе биде интензивно вклучување на куклата во работата со деца низ сите возрасни групи, како и поголема интеракција помеѓу воспитувачите, неговвателките и родителите на децата во работата со куклата. Куклата и играта со истата имаат непроценлива улога во развојот на говорот кај децата, а преку тој монолог/дијалог со куклата и преку куклата се поттикнува креативноста на изразувањето. Евидентно е дека во воспитниот процес во детските градинки некои од „старите“ методи, техники и пристапи се подзаборавени и покрај нивниот силен воспитно-образовен и развоен потенцијал. Една од нив, секако е куклата и играта со куклата.

ПРОБЛЕМ: Дали вклучувањето на куклата во воспитниот процес го подобрува развојот на говорот кај децата?

## Метод

Горенаведеното секако, само по себе ја оправдува потребата од воведување на куклата како централна во игровните активности кај децата. Воспитниот кадар во градинките ќе има важна улога во изборот и начинот на спроведување на активностите од сите области и домени во кои сè почесто ќе биде застапена куклата и ќе го покаже и значењето и оправданоста, но и функцијата и улогата на оваа „алатка“. Во таа смисла, со крајна цел - да ја воведеме куклата како едно од основните средства во воспитно- образовната работа во која детето учи играјќи и играјќи си учи. Воведувањето на куклата во процесто на воспитно-образовната работа е особено значајна и од еден друг аспект, а кој досега веројатно бил занемарен. Имено, куклата претставува основа и референтна точка во понатамошното воведување на децата во повисоките форми на творештво и игра. Со воведувањето на куклата во секојдневната воспитно-образовна работа постепено ќе се наметнуваат и драмските игри и активности кои ќе ги воведуваат децата во повисоки облици на играта и творештвото и кои ќе им овозможат активно стекнување и користење на потенцијалите и способностите за комуникација.

Хипотеза: Вклучувањето на куклата во воспитниот процес го подобрува развојот на говорот кај децата.

## Цел на истражувањето

Основната цел на истражувањето е поттикнување и развивање на креативноста до откривање на надареноста за драмски игри кај децата, преку вклучување на куклата во секојдневните активности на воспитно-образовната работа кај децата од предучилишна возраст низ сите возрасни групи. Преку процесите на изработка на куклата ќе бидат активирани низа функции на моторичките способности, кои директно влијаат на поттикнување и развојот на мозочните функции. Преку дијалогот со куклата и самата драмска игра, ќе се влијае на развојот на говорот и говорните вештини. А преку вклучување на куклата во драмски контекст, директно се влијае на поттикнување на креативните процеси и развој на фантазијата. Во сите овие процеси лесно ќе се препознаат и поттикнат надарените.

## Примерок

Во акциското истражување беа вклучени 190 деца од детската градинка „Астибо“ Штип, на возраст од 3 години до 6 години. Од нив 89 се машки, а 101 се женски.

## Тек на истражувањето

Акциското истражување се спроведуваше во периодот мај и јуни 2106 година во детската градинка „Астибо“ во Штип.

*Постапка*

Во текот на еден месец секојдневно реализирање на следните активности:

| | |
|---|---|
| Импровизација на драмски игри | 8 |
| Театар на маса | 4 |
| Театар на сенки | 2 |
| Музичко-драмски игри | 3 |
| Подвижни и имитативни игри | 4 |
| Куклен театар | 3 |

Фотографии од реализирани активности

Резултати

Табела: Активности и интерес

| Активности | Мала група | Средна група | Голема група | Не соработуваат | Покажуваат интерес | Активно учествуваат | Особени резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Драмска игра | 8 | 8 | 8 | 10 –мала група | 85 | 55 | 20 |
| Театар на маса | 4 | 4 | 4 | 10 -мала група | 63 | 77 | 20 |
| Театар на сенки | 2 | 2 | 2 | 15 | 80 | 55 | 20 |
| Музичко драмски игри | 3 | 3 | 3 | / | / | 170 | 20 |
| Подвижно-имитативни игри | 4 | 4 | 4 | / | / | 170 | 20 |
| Куклен театар | 3 | 3 | 3 | 18 | 58 | 53 | 20 |

Од приложената табела може да се забележи дека децата од мала група на возраст над три години имаат потешкотии во вклучувањето и реализацијата на драмските игри како резултат на потешкотии во говорот, претставување пред други личности, иако тоа се другарчињата од групата. Голем дел покажуваат интерес за следење на активностите, додека активното учество во драмските активности, работата со кукли е поголемо кај децата од средна и голема група. Како деца кои слободно можеме да ги ставиме во групата на надарени се јавуваат дваесет деца со тоа што имаат правилно развиен и течен говор, користат нови изрази, со куклите и во имитативните игри користат пантомима, говор на тело, мимики и др.

## Заклучок

Добиените податоци од спроведеното акциско истражување покажуваат дека децата во рамките на една воспитна група, зависно од нивната возраст, имаат разлики во степенот на развој на говорот, комуникациските, емоционалните и другите можности и способности, но од друга страна поголемата посветеност и имплементација на куклите во секојдневната работа преку различни говорно драмски и музичко имитативни игри го поттикнаа развојот на говорот, меѓусебната комуникација кај децата внатре во рамките на воспитната група. Исто така, се забележува во периодот на спроведувањето на акциското истражување, дека преку игрите со куклите децата се повнимателни кон другите, што значи градат добри односи со другите, да бидат правични и добро да се однесуваат. Исто така, со тоа се поттикнува почитување на различноста, почитување на другите и на оние кои имаат потешкотии во говорот, а ќе бидат прифатени и охрабрени од другите во околината. Со овие активности се придонесува кон градење на личности кои практикуваат мировно и ненасилно однесување, прифаќање на другиот и градење општество со единки кои ќе придонесат за подобра иднина.

Реализацијата на акциското истражување ја спроведоа вработените во објект „Астибо“:
СЛАВИЦА СТОЈАНОВА – ВОСПИТУВАЧ, ЕМИЛИЈА РУНТЕВА – ВОСПИТУВАЧ
НАТАША Ц.НАКОВА – ВОСПИТУВАЧ, ВИОЛЕТА ЗЛАТЕВА – ВОСПИТУВАЧ
ТАЊА КАМЧЕВА – ВОСПИТУВАЧ, ВАЛЕНТИНА МИЦЕВСКА - ВОСПИТУВАЧ
ДИЈАНА ЈОВАНОВА – ВОСПИТУВАЧ, КАТИЦА ТРАЈКОВА – ВОСПИТУВАЧ
НАТАЛИЈА МИТЕВА – ВОСПИТУВАЧ, ЕЛИЗАБЕТА СИМОНОВСКА - ПЕДАГОГ

**Славица Благоеска**, психолог
Јавна установа - Детска градинка „Детска радост“, Скопје, Македонија

## Култура за мир

Ова истражување коешто следи во продолжение е дел од проектот „Развивање култура за мир“ спроведуван од Детската градинка „Детска радост“ од Скопје. Овој проект е дел од субгрантираните проекти во рамките на проектот Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа (ПРЕЦЕДЕ) кој во државава го спроведува Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“.

*Бидејќи војните започнуваат во мислите на луѓето, токму таму, во нивните мисли треба да се создаде и одбраната на мирот.*

*Од Статутот на Унеско*

*Се носиме од детството. Не сме ние тие кои ги зборуваат зборовите. Зборовите се тие кои зборуваат за нас.*

*Витолд Гомбовиц*

**Воспитните влијанија** ја обликуваат личноста на детето од најраната возраст. Семејството, градинката, медиумите..., покажуваат модели на зборување и однесување кои детето ги имитира, учи и прифаќа како свој однос за добро, убаво, прифатливо. Затоа од особена важност е одговорноста на возрасните за однесувањето кое го промовираат пред децата за во системот на вредностите добрината и почитувањето да го имаат своето вистинско место и значење.

**Разбирањето на себеси и разбирањето на другите** е основа за добра комуникација. Со развивање на свесност за почитување на меѓусебните различности правиме чекор и за почитување на различностите на луѓето и народите. Во светот на меѓузависност ја делиме одговорноста за градење на систем на заемни врски, сите да дејствуваме за поддршка на програмите за култура за мир, за светски мир.

**Партнерството меѓу семејството и градинката** во заедничката грижа за развојот и воспитувањето на детето се базира на меѓусебна доверба и почитување. Различноста на ставови и искуства во однос на воспитните влијаниа кон децата определува и различни пристапи или стилови во меѓусебните односи.

Преку **добри практики** за поттикнување на раното учење да им помогнеме на децата да размислуваат, да развиваат имагинација, да научат подобри начини на однесување.

Клучни зборови: **влијание, збор, разговор, пријател, убаво, пораки.**

Истражувајќи ги **воспитните ставови и влијанија на однесувањето на децата од аспект на НАЈУБАВИТЕ ЗБОРОВИ ЗА ПРИЈАТЕЛСТВОТО целта е ДА ГИ ДОБЛИЖИМЕ ПРИСТАПИТЕ И СТИЛОВИТЕ НА ВОСПИТНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ВО ПАРТНЕРСТВОТО МЕЃУ СЕМЕЈСТВОТО И ГРАДИНКАТА.**

Во обликување на **рамката** на истражувањето се насочивме кон следните подрачја:

- Регулатива за правата на детето – опфаќа активности за создавање на услови за здрав и непречен развој на секое дете.
- Семејно воспитание – мост преку кој детето се поврзува со опкружувањето, усвојува правила на однесување.
- Социјално однесување – воспоставување на граници, давање слобода, толеранција.
- Добри практики за поттикнување на раното учење – избор на содржини кои придонесуваат за развивање на позитивни комуникациски вештини.

**Предмет** на нашиот интерес беа следните аспекти:

- Најубавите зборови за пријателство кои ги користат децата, родителите и кадарот во градинката за да именуваат или опишат одредено однесување, особина во меѓусебната комуникација.
- Подигање на свеста на возрасните за позитивни воспитни влијанија кон однесувањето на децата.

Како **инструменти и техники** користени се прашалници, интервју, цртеж, социограм, работилници (игри за деца и возрасни, постери со пирамида и акроним).

Во истражувањето беа опфатени 150 **деца** на возраст од 5-6 години, нивните **родители, стручната служба, воспитувачите и негувателките** од нашата установа, во учебната 2015 – 2016 година.

Од **анализата** на добиените податоци од интервјуто со децата и прашалникот за родителите и кадарот од градинката произлегоа **најмногу користени зборови** за да се именува или опише одредено однесување, особина, релација. Зборовите со слично значење се групирани во соодветни категории.

**Целни групи**

| | ДЕЦА<br>ВОЗРАСТ 5 – 6 ГОД. | РОДИТЕЛИ | КАДАР |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 150 | 60 | 60 |

## Најмногу користени зборови по категории

| ДЕЦА |
|---|
| Дојди да играме<br>Сакаш да играме<br>Ајде да играме<br>Може да играме |
| Здраво<br>Те молам<br>Повели<br>Благодарам<br>Извини |
| Име на другарче |
| Да играш<br>Да се дружиш<br>Да зборуваш културно<br>Да помогнеш<br>Да не се тепаш |
| Те сакам |





| Кадар | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Доверба<br>Искреност<br>Верност<br>Чување тајни | Љубов, среќа<br>Те сакам како пријател<br>Радост, насмевка<br>Задоволство<br>Ведрина<br>Поврзаност<br>Вибрации<br>Внатрешна енергија<br>Кроткост<br>Милозливост<br>Исполнетост, утеха | Толеранција<br>Почитување<br>Разбирање<br>Сочувствување<br>Партнер | Поддршка<br>Помош<br>Помагање<br>Грижа<br>Добрина | Дружење<br>Разговарање<br>Тука сум, дојди<br>Лаф-муабет<br>Добар збор<br>Забава<br>Размена на мислења<br>Слобода<br>Заедничко време<br>Споделување<br>Достапна во секое време |

### За пријателството

*„Во градинка е убаво играме, учиме математика, одиме заедно негде, спиеме еден до друг. Сакам да играм со Борјан, Дамјан, Јован, Самоил, Јана, дека си разговарам кога наоѓаме парички, стапови, како да ги зачуваме работите на скришни места. Убави зборови се: другарче дојди да играме, здраво, добар ден.“*

*Никола*

*„Јас ќе кажам: „Ива дали сакаш да играме?“, и си играме. Ако не сака, ќе и предложам нешто друго, на пример, докторки.*
*Убави зборови се: повели, фала.“*

*Ема*

| Родители | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Искреност<br>Доверба<br>Верност<br>Лојалност | Помош<br>Добрина<br>Соработка<br>Пожртвуваност<br>Несебичност | Почитување<br>Разбирање<br>Компромис | Љубов<br>Среќа<br>Сакање<br>Позитивни чувства | Дружење<br>Споделување<br>Заедништво |

*„Пријателството е една душа во две тела, кои одат едно покрај друго. За да имаш пријател, потребно е да бидеш пријател. Потребно е многу добрина, среќа, почит, љубов, разбирање."*

*Родител*

*„Пријател ти е оној пред кој можеш да бидеш тоа што си."*

*Кадар*

## Мисли и пораки

- На децата можеме да им даруваме здраво тело, здрав ум и благороден карактер. Кога влегуваме со насмевка, благ, љубезен збор, нежна дисциплина, тогаш сме сончев зрак во нивното срце правејќи ги среќни цел ден.
- Денес родителите сѐ помалку време поминуваат со своите деца. Како да ги воспитуваат кога постојано нешто работат, дома секој има своја соба.
- Почни го денот со позитивна мисла. Мислите ги прават делата. Делата ги формираат навиките. Навиките го градат карактерот. Карактерот е волја и избор.




- Слушај ја својата совест, таа знае што е добро.
- Три огледала. Како јас се гледам себеси? Како другите ме гледаат мене? Вистината.

- Како да го подобриме следниот ден? Секое случување ја нуди својата лекција. До среќата се стигнува преку добра проценка, до добра проценка нè води искуството, а искуството се стекнува со лоша проценка.
- Одвој време за ЉУБОВ - таа е радост на животот;
  РАЗМИСЛУВАЊЕ - извор на моќта;
  ПРИЈАТЕЛИ - патот кон среќата;
  СМЕЕЊЕ - музика на душата;
  ЧИТАЊЕ - фонтана на мудроста;
  РАБОТА - цена на успехот;
  ЗАБАВА - тајна на вечната младост...
- Не оди пред мене, можеби нема да те следам. Не оди зад мене, можеби нема да те водам. Оди покрај мене и биди ми пријател.
- Олеснување и комфор на пријателството е тоа дека не морате ништо да објаснувате.
- Вистински пријател е тој што доаѓа кога остатокот од светот си оди.
- Тагата може да се грижи сама за себе, но за да ја добиете вистинската вредност на радоста, морате да имате некој со кого ќе ја споделите.

Да бидеме дел од детството на нашите деца.

Која е целта да се качуваме по скалата на успехот, ако ги пропуштаме првите чекори на своето дете?

Да им покажеме дека се поважни!



## Речник, лексикон

**ЗБОР** јазична единица, говор, нешто кажано, искажува со зборови

**РАЗГОВОР** зборување, говорен, устен говор, разговор меѓу двајца, дијалог, зборување и слушање, двонасочност, размена, пренесување, објаснување, констатација, заклучок, наредба, интелектуална и емоционална порака, утеха, надеж, охрабрување, забава

**ПРИЈАТЕЛ** лице сврзано со некого со заемна љубов и почитување, познат, приврзаник

**УБАВО** привлечно, пријатно, задоволство, за пофалба, согласност

**ДОБРО** добрина, среќа, успех

**КУЛТУРА** сите постигања на човечкото општество, духовна и материјална култура, образованост, воспитание, однесување

**МИР** мироољубиво, спокојство, слога

**СУДИР** спротивни страни, пречка

**СИЛА** снага, моќ, влијание



## Користена литература


1. Аџаип, С., „ Децата и насилството на ТВ“ – Селектор 2008, Скопје
2. Бин, Л. А. „Учионица без насилништва“ – Креативни центар, 2004, Београд
3. Бунчиħ Напан, К., Ивковиħ, Ђ., Јанковиħ, Ј., Пенева Пејчиновиħ, А., „ Игром до себе“, Алинеа, 1998, Загреб
4. Прирачник - „Препознај го насилството“ - Улогата на градинката во заштита од семејно насилство, Здружение на социјални работници на град Скопје во соработка со МТСП, 2012, Скопје
5. Ексли, Х., „Пријателство“, Топер, 2007, Скопје
6. Котева – Мојсовска, Т., Семејно воспитание и социјално однесување“, Академски печат, 2009, Скопје
7. МТСП и УНИЦЕФ, Ран детски развој – Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 - 6 год., 2009, Скопје
8. Огњеновиќ, Весна, „Здраво да сте“ – радионице за децу, 2003, Београд
9. Рајовиќ, Р. „ Како успешно да се развија IQ код деце кроз игру“, Београд

## ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ЈА ОЖИВОТВОРУВААТ ПРЕЦЕДЕ ПРОГРАМАТА И ГО ПОДДРЖУВААТ ГРАДЕЊЕТО НА МИРОТ ПРЕКУ АКТИВНО СЛУШАЊЕ НА ДЕЦАТА И ВИСТИНСКО ПОЧИТУВАЊЕ НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ

**Зуал Реџепоска** – воспитувач во
Јавна општинска установа - Детска градинка „8 Март“ – Струга

## Интегрирана програма за почитување на разликите

Оваа програма се покажа многу успешна и корисна за работа во предшколски групи и тоа посебно голема придобивка и успех покажува токму во билингвистички групи, каде што децата се мешани по националност. Овие деца секојдневно се дружат, се запознаваат меѓусебе, се запознаваат со мешани културни и јазични заедници, учат како да ги прифатат различностите и да ги почитуваат истите.

Оваа програма може да се оствари со децата од претшколски групи бидејќи децата од најрана возраст се запознаваат меѓусебе, возраст кога сè уште не се оптоварени со вообичаени предрасуди и стереотипи кон нивните врсници кои припаѓаат на различни културни и јазични заедници или можеби се различни по боја на кожата или пак разликите кај децата со инвалидитет.

Исто така, и персонализираните кукли се покажаа многу успешни како еден вид помагала, т.е. материјали за работа за реализирање на голем број активности, при што оваа програма поуспешно се реализира.

**Фимка Ковчегарска** – директор
Јавна општинска установа - Детска градинка „23 Август“ – Берово

## Вклученост на детската градинка „23 Август“ – Берово во ПРЕЦЕДЕ

ЈОУДГ „23 Август“ – Берово покрај многуте други проекти е вклучена и во проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа“ – ПРЕЦЕДЕ. Целта на овој проект е ширење на меѓународната програма ПРЕЦЕДЕ со главна цел ‘почитување на различностите‘. Воспитувачите редовно беа вклучени во тие активности со една единствена цел: Што треба да се знае за предрасудите, а што за прифаќање на различностите? За запознавање на децата и родителите со програмата организиравме и работилници со родителите насловени „Препознавање на сличностите“, „По што сме слични, а по што се разликуваме?“, „Почитување и помагање“, „Прифаќање на лица со идентитет“ и сл.

Тимот на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“, односно Програмата ПРЕЦЕДЕ ја внесоа Програмата во неколку други градинки во Република Македонија, од кои една е нашата градинка „23 Август“ – Берово. Дел од воспитувачите од нашата градинка беа вклучени во овој проект и редовно ги посетуваа едукациите што ги реализираше Детската амбасада „Меѓаши“ со главна цел: почитување на различностите. На едукациите беа присутни воспитувачите: Лилјана Бојчовска, Мелиха Кујунџиќ, Владо Јангеловски и директорката Фимка Ковчегарска. Сите едукации што ги организаираше Детска амбасада „Меѓаши“ беа редовно посетувани од наша страна и секогаш бевме активни учесници на истите.

Големо е задоволството од наша страна што и ние бевме вклучени и успеавме, освен во групите во кои работеа воспитувачите задолжени за тој проект, да го поттикнеме интересот и кај другите воспитувачи кои, исто така, со задоволство ги прифаќаа активностите, па така Програмата ПРЕЦЕДЕ беше имплементирана во повеќе групи од градинката.

**Стручна служба**
при Јавна општинска установа - Детска градинка „Ангел Шајче“ – Куманово

## Позитивни искуства и резултати произлезени од проектот на ПРЕЦЕДЕ мрежата

Вработените во ЈОУДГ „Ангел Шајче“ – Куманово, со проектот Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа, во организација на Првата детска амбасада „Меѓаши“ – Скопје, за прв пат се запознаа на крајот на 2013 година, преку пренесеното искуство од страна на воспитувачот кој присуствуваше на регионална тридневна обука во Загреб, Р Хрватска.

Од страна на „Меѓаши“ продолжија обуките со работилници на кои присуствуваа педагогот и по еден воспитувач од македонска, српска и албанска националност од установата. Искуствата од обуките беа пренесени на Стручен совет и на воспитен тим на ниво на секој објект.

Во второто полугодие на учебната 2013/14 година беше промовиран прирачникот „Почитување на различности“ преку реализација на повеќе активности со децата во двете големи групи во објектот „Пчелка“. Во реализација на активностите покрај воспитувачите, беше вклучена и стручната служба – педагог, психолог, дефектолог, логопед и социјален работник, иако на обуките присуствуваше само педагогот. Работата се одвиваше според дневен оперативен план, подготвен од страна на стручната служба, преку интересни игри за децата, со примери и нагледни средства од секојдневниот живот (огледало, очила, слушен апарат, браево писмо, фотографии на успешни личности со различни инвалидитети и слично). За полесно совладување на содржините беа реализирани следните активности и игри: Игри пред огледало; Семејствата се разликуваат; Различности по потекло, вера и интереси; Моите интереси; Телесен инвалидитет и помагала; Глув Перо; Промоција на успехот на лицата со инвалидитет; Маче и куче; И јас сум дете; Следи ме и Знам да помогнам. Активностите за децата беа многу интересни бидејќи за прв пат слушаа такви содржини и пристапот беше поинаков од секојдневните активности. Со големо внимание ги следеа активностите, активно учествуваа во игрите, слободно разговараа, прашуваа, соработуваа и раскажуваа случки кои ги виделе или слушнале за нив од своите блиски во семејството.

Во наредната учебна 2014/15 година, програмата на Прецеде започна со работа со децата во една средна група во објектот „Развигорче“. Воспитувачот кој доби задача да ги реализира активностите од „Регионален прирачник за интегрирана програма за почитување на разликите“ дотогаш немаше присуствувано на ниту една обука. Затоа се одржа работен состанок на кој двете воспитувачки, кои присусутвуваа на обуката во Белград, пред директорот, воспитувачот и стручната служба ги пренесоа искуствата и начинот на работа со персонализираните кукли. На средбата присуствуваше и менторот на програмата која даде свој придонес во објаснувањето на програмата, со посебен акцент за значењето на активностите за развој на личноста на детето во правец на градење на мир и благосостојба на детето, разрешување на конфликтни ситуации кои може да се јават во секојдневието на секое дете.

Воспитувачот започна со работа единствено според добиените сознанија од пренесените искуства, како и пружање на понатамошни напатствија, идеи и насоки од страна на координаторот за начинот на реализирање на активностите од Прирачникот. Зависно од активноста, покрај воспитувачот, во работата се вклучуваа и двете негувателки од групата,

а повремено и педагогот. Преку анимирање на куклите во разновидни игри, активности и по потреба во секојдневни ситуации, децата ги запознаа и прифатија персонализираните кукли како свои другари во групата и подеднакво ги почитуваа и се играа со сите, без разлика на нивните специфичности и разлики.

Воспитувачот и негувателите вклучени во програмата го презентираа запознавањето со персонализирните кукли и начинот на работа со нив пред персоналот и децата од објектот „Развигорче" на приредбата „Добро ни дојдовте другарчиња". Исто така, на државно ниво беше одржана презентација во рамки на „Игри без граници" во ДГ „Детелинка" во Крива Паланка, каде беше ставен акцент на различностите во говорот.

Во двата објекта од страна на координаторот беше спроведено интервју со децата вклучени во програмата, и тоа на почетокот и на крајот на учебната година.

## Соработка со родителите

Во Установата соработката со родителите се остварува преку повеќе форми кои се дадени во Програма и план за соработка со родители и може да се каже дека е на многу високо ниво. Во сите објекти родителите секогаш масовно присуствуваат на сите видови на средби, групни и индивидуални состаноци, работилници, предавања, приредби, прослави како и индивидуални средби со одредена цел во советувалиштето за деца и родители во кое работат сите членови на стручната служба.

Во двата објекта во кои се реализираше програмата, родителите, на родителски состанок, од страна на педагогот и психологот беа запознаени со програмата; тие ја прифатија истата и дадоа писмена согласност нивното дете да се вклучи во работата. Со сите родители на почетокот и на крајот на годината беше спроведена анкета. Преку непосреден разговор со родителите за време на секојдневните и по потреба закажани средби, дознавме дека ја поддржуваат програмата, особено поради тоа што нашиот град е мултинационален и сите го делат мислењето дека е неминовно децата уште од предучилишна возраст да се учат на запознавање и согледување на сличности и разлики, почитување на друга култура, запознавање со значење на разни обичаи при одбележување на државни и верски празници, градење на мир, спокојство, развивање на чувство на емпатија и изнаоѓање на начини за канализирање на негативните емоции.

Родителите се вклучија во непосредна работа со децата за време на реализација на одредени активности, а особено за време на одбележување на верските празници Стара Нова година (Василица), Велигден, Ѓурѓовден, и државните празници 8 Април и 8 Септември. Децата преку видеопрезентација, подготвена од страна на родител, се запознаа, со сличности и разлики при обичаите за време на одбележување на верските празници Стара Нова година (Василица), Велигден и Ѓурѓовден, кои се одбележуваат кај македонскиот и ромскиот народ. Активно учествуваа при објаснување на значење на обичаите, приготвување на специјална храна за тој ден, пеење и играње на традиционални песни и игри по музика, плетење на венчиња од врбови гранчиња, вапцање на јајца, одење во црква. При одбележување на државните празници (8 Април и 8 Септември) се запознаа со нов збор - химна, ги слушнаа двете химни, се запознаа со машка и женска народна носија и заедно играа по македонска и ромска музика.

Со содржината и реализацијата на оваа програма јавноста беше запознаена преку локалните телевизии „Канал 3" и „ТВ +" и локалните Е – весници, „Куманово њус" и „Кумановски муабети".

Претставници на родители присуствуваа и на обуките: „Застапување и лобирање“ одржана во установата и „Почитување на различности и градење на мирот“ одржана во Берово, во организација на Првата детска амбасада „Меѓаши“. На овие обуки присуствуваше и претставник од локалната самоуправа и покажа интерес за проширување на капацитетот на установата преку отворање на нови групи во некои од постоечките објекти во градот. Сознанијата и идеите од обуката се пренесени, но досега тоа не е реализирано поради нерешени имотно-правни работи на одделни објекти во нашата Општина.

На почетокот на учебната 2015/16год., при следење на децата во воспитна група, со цел да се согледа нивната адаптација, стручната служба забележа дека поголем дел на децата од 5-6 години немаат добро развиен поврзан говор за нивната возраст, уште не го владеат македонскиот јазик, а употребуваат англиски зборови. Тоа се потврди и во разговор со воспитувачите и поедини родители. Поради тоа педагогот и логопедот во март и април 2016 година спроведоа акционо истражување „Развој на поврзан говор“, во кое беа вклучени 258 деца - идни првачиња. Целта на истражувањето е да го согледаме влијанието на низа фактори (сликовници, приказни, современа технологија, говорни отстапувања) врз развојот на поврзан говор. Сознанијата и резултатите кои се добиени од ова истражување, ни дадоа идеи и насоки за можни решенија насочени кон подобрување на состојбата на децата, бидејќи акционото истражување како важна форма на истражување претставува моќен начин да се подобри раниот детски развој, претставува обид да се реши некој проблем. Кај вработените придонесе да се подигне личната и колективната свест за важноста на градењето на мир како и внесување на промени во стратегиите насочени кон почитување на разликите.

## Позитивни страни

Придобивка од имплементација на ПРЕЦЕДЕ мрежата во установата имаат сите кои беа вклучени во програмата.

Позитивното влијание на персонализираните кукли најмногу се одрази на социјалниот, емоционалниот и интелектуалниот развој на децата, бидејќи тие се во фаза на анимизам, се идентификуваат со нив, ги имитираат, се соживуваат и на тој начин лесно ги усвојуваат новите знаења и способности.

Преку анимирање на куклите, раскажување на приказни и случки од секојдневниот живот им помогнавме на децата да ги прифатат и разберат сличностите и разликите меѓу луѓето. Сфатија дека секој треба да го почитува другиот без разлика на пол, возраст, физички карактеристики, етничка припадност и недостатоци (физички, социјални, интелектуални).

Преку одбележување на празниците и одржаните работилници, им овозможивме да се запознаат со традицијата и обичаите на различните заедници кои живеат во нашиот град, кој е мултиетнички и истите да ги почитуваат.

Кога воспитувачот ги анимира куклите, поставува прашања понекогаш и проблем ситуација во која децата индиректно се пронаоѓаат и заеднички ја решаваат, раскажува приказни кои се ослободени од омраза и нетолеранција, илустрира насилно и ненасилно решавање на конфликт и слично. Преку пораката која ја пренесува куклата, децата на интересен начин се воведоа во начини на решавање на проблеми со кои можат да се сретнат во своето секојдневие, научија како полесно да ги надминуваат непријатните случки и конфликтните ситуации.

Преку едноставните емоции кои ги пренесува куклата, децата научија да ги препознаваат туѓите емоции, како и да владеат со своите. Поттикнат е развојот на позитивни чувства:

љубов, солидарност, емпатија, среќа, гордост, како и пренасочување, контрола и надминување на негативните: страв, тага, срам, лутина, бес.

Кога децата ги анимираат куклите, ги доживуваат како личности, т.е. кога зборуваат со нив, ги гледаат во очи, се однесуваат со нив внимателно, заедничките движења кои ги прават се природни, нежни, складни, а не изненадни и нагли. Тоа придонесе за градење на правилен однос со другите и се одрази позитивно на целокупното меѓусебно однесување на децата во групата.

Синхронизирањето на движењата со говорот на куклата, на природен и убедлив начин придонесе за правилен развој на моториката и говорот. Дури и децата кои се повлечени, преку анимирање на куклата ги надминуваа бариерите, станаа активни и почнаа слободно и полесно да ги изразуваат своите мисли.

Кај вработените, кои беа инволвирани во програмата, дојде до израз тимската работа и големиот ентузијазам, а кај другите вработени во објектот се разви свеста на повисоко ниво за почитување на различностите и надминување на предрасудите кај поедини лица.

Кај родителите се разбуди свеста дека децата уште од мали треба меѓусебно да се почитуваат и заедно да го делат секое добро, да си помагаат и да градат доверба и соживот. Со прифаќање на прирачникот, тие изразија задоволство што нивните деца учат за потребата и начинот на разбирање и почитување на различностите кај луѓето.

## Сметаме дека е потребно

Потребно е присуство на обука на сите воспитувачи, програмата да се прилагоди на возраста на децата и да се реализира во сите групи, секоја група да има персонализирани кукли. Програмата ПРЕЦЕДЕ да продолжи да се работи не како дополнителна, туку да влезе во Државната програма за рано учење и развој. Да се продолжи со работа со персонализирани кукли во основното училиште, во прво одделение.

## Зошто оваа промена е од особено значење?

Живееме во време на големи промени, во место каде има различни народи со различни традиции, навики, обичаи. Поддршката на детето при стекнување на доверба, самопочитувањето и почитувањето на различностите е од голема важност за развој и градење на детската личност, да се справи со предизвиците на времето во кое живее.

**Марија Василевск**а, воспитувач
Јавна општинска установа - Детска градинка „Брешиа“ - Дебар

## ПРЕЦЕДЕ во ЈОУДГ „Брешиа“ - Дебар

Проектот на ПРЕЦЕДЕ во нашата градинка започна да се имплментира уште од самиот почеток, како пилот градинка заедно со 3 други градинки во земјава. Проектот во нашата градинка беше прифатен и успешно се реализира во сите фази. Имплементирањето на овој проект ни овозможи преку едноставни и обични алатки да пристапиме до детскиот свет од еден друг агол за децата полесно да ги прифатат различностите и тие да станат дел од нивното секојдневие.

Програмската рамка за имплементирање на овој проект се заснова на еколошкиот концепт на Бронфенбренер. Според овој концепт, средината која влијае врз развојот на детето се протега од микросистем до макросистем. Микросистемот се однесува на односот меѓу детето и семејството. Како што расте детето, микросистемот станува пословен вклучувајќи ги: градинката, институциите, културата, економијата, традицијата или макросистемот. Работејќи во овој проект, улогата на воспитувачот е важна во давањето на поддршка на детето при стекнување на вештини на комуницирање и однесување со цел позитивно постапување кога се во прашање различностите за да стане актер во градењето на мирот. Ние всушност преку различните активности ги спроведувавме правата на децата според Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, тие да бидат слушнати, почитувани, со нив да се постапува правично и да биде заштитено. Наша обврска како воспитувачи беше задачите кои се бараа од нас да ги приспособиме според возраста и потребите на децата. Исто така, ако сакаме на децата да им помогнеме да ги научат и прифатат различностите, треба претходно да ги научат и прифатат сличностите.

Уште на почетокот се користеа алатки кои ни помагаа во креирањето на активностите. Покрај вообичаените методи за работа со деца (разговори/дискусии, приказни, работилници, традиционални и музички игри), персонализираните кукли, коцката на чувствата и огледалото претставуваа алатки кои не само што добро беа прифатени од децата, туку и како нов метод на работа со деца беше прифатен и од воспитувачките. Воведувањето на персонализираните кукли во работата со малите деца предизвика голем интерес бидејќи куклите не беа обични кукли, туку „личности“ кои имаат име, семејство, живеат во одредена социјална средина. Тоа се „личности“ кои имаат одредено искуство, сакаат или не сакаат одредени работи, имаат желби, чувства... Куклите им ги раскажуваат своите згоди и незгоди, пријатни и непријатни доживувања преку воспитувачките. Куклите се мали пријатели со кои децата се идентификуваат, им помагаат на децата да ги изразат своите чувства, да решаваат проблеми, да размислуваат за одредени постапки, да се борат против сопствените стравови, да научат за другарството, за споделувањето, почитувањето, емпатијата со тоа што и тие учествуваат во игрите со децата.

Велат дека работите понекогаш се случуваат во вистинско време и во вистинско место. И во тоа време во нашата група имавме дете со даунов синдром, кој покрај тоа што имаше потреба за социјализација, имаше потреба за комуникација не само со децата, туку и со воспитувачките. За среќа детенцето покажуваше интерес кон децата и сакаше да се дружи со нив и покрај потешкотиите со говорот. Во почетокот децата покажуваа одредена резервираност спрема него, но почестите дискусии низ активностите, игрите (особено за соработка и

помагање), приказните од персонализираните кукли доведоа до промена кај однесувањето на останатите деца од групата и безрезервно прифаќање на детенцето. Му помагаа секогаш кога детето имаше потреба од помош, никогаш не го оставаа само, му даваа играчки, го повикуваа во игра, за време на активностите се случуваше да бојат или цртаат заедно, да избираат заедно која боичка ќе ја употребат.

Бидејќи ги обожаваше подвижните и музичките игри, самоиницијативно дел од децата ги играа со него. Исто така, детенцето уште кога дојде во групата покажуваше интерес кон куклите (божем си разговараше со куклите, ги заспиваше, ги хранеше, ги шеташе...). Изгледот и големината на персонализираните кукли го привлекоа вниманието на детенцето и веднаш станаа замена за куклите со кои вообичаено си играше. Дури кога работевме со коцката на чувствата, ликовите од сликите од коцката ги споредуваше со куклите кои ги имавме во групата и со радост покажуваше дека тие се истите. На тој начин се научи да ги покажува емоциите преку фацијална експресија. Постојаниот мониторинг од страна на менторот и нејзината соработка преку совети за работа со тоа дете, помогнаа децата да го прифатат полесно, без никакви предрасуди. Детенцето со тоа се здоби со самодоверба и покажуваше интерес скоро кон сите активности.

Промените кои ги предизвикаа овие алатки се позитивни. Алатките се достапни за децата во секое време и се дел од нивните секојдневни игри. Онаму каде што имаше потреба (да се разговара за одредено однесување, разрешување на некаков конфликт, однесувања кои се актуелни, а негативно влијаат кај децата), приказните на Јана, Александар, Али и Ајше беа тука да ги споделат со децата, а секако и куклите да го „слушнат“ нивното мислење. Додека коцката и огледалото допреа до чувствата на децата, отворено зборуваа за нив, исто така придонесоа за да се запознаат себеси и другите и да се стекнат со самодоверба.

Во текот на реализацијата, ПРЕЦЕДЕ проектот морам да признаам дека се покажа доста успешен и даде добри резултати во однос на работењето со децата. Во таа смисла природно е да се продолжи и во иднина, зашто секоја воспитувачка која е дел од овој проект, треба да ги користи алатките кои ПРЕЦЕДЕ ги понуди како новитет во работата со деца, а со тоа даде одлични резултати во пракса.

**Стручна служба**
Јавна установа - Детска градинка „Детска радост“ – Гази Баба, Скопје

## Позитивни искуства и реазултати произлезени од проектот на ПРЕЦЕДЕ мрежата

ЈУДГ „Детска радост“ се вклучи во програмата ПРЕЦЕДЕ (Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа) во февруари 2015год. Програмата се реализираше во организација на Првата детска амбасада „Меѓаши“ од Скопје, а започна преку обука насловена како „Интегрирана програма за почитување на различностите“ во која двајца воспитувачи и претставник од стручната служба се запознаа со програмата и прирачникот за работа. Од особено значење ни беше споделување на позитивните искуства на воспитувачи од други градинки кои веќе беа вклучени во реализирање на програмата.

Во наредниот период следеа уште неколку работилници и обуки преку кои воспитувачите ги надополнуваа своите знаења и разменуваа искуство од реализирање на програмата, а посебно би ја издвоиле „Тренинг за меѓународен прирачник – градење на мирот и почитување на различностите“ со тренери воспитувачи од Северна Ирска.

Во реализацијата на оваа програма учествуваа две воспитни групи со деца од 4 - 6 години од објектот „Сончоглед“. По добиената согласност од страна на родителите, воспитувачите почнаа со реализација на активностите од „Регионалниот прирачник за интегрирана програма за почитување на различностите“. Во текот на реализирањето на активностите, воспитувачите ја имаа поддршката од стручната служба на градинката и менторката која особено ни помогна во планирањето и реализирањето на активностите преку совети и насоки кои се значајни за градење на мирот и поттикнување на децата за прифаќање и почитување на различностите од најрана возраст.

При реализација на програмата со цел да ги поттикнеме децата да ги препознаваат и почитуваат различностите, да истражуваат каква е традицијата и обичаите на различните заедници со коишто живеат, се организираа и неколку работилници во соработка со Природно математичкиот факултет, Катедрата за етнологија преку кои децата се запознаа со различните култури и обичаи на народите коишто живеат во нашата држава.

## Соработка со родителите

Во текот на реализацијата на програмата, соработката со родителите беше на високо ниво. Најпрво родителите преку родителска средба беа информирани и запознаени со ПРЕЦЕДЕ програмата и истите со задоволство прифатија нивните деца да учествуваат во реализирање на истата. Родителите покажаа интерес преку активно вклучување во планирање и реализација на дел од активностите. За таа цел се организираа и неколку работилници на коишто имаше голема посетеност, а како завршна активност се реализираше и презентација на стекнатите знаења и вештини на децата преку театарска претстава од децата за родителите. Родителите позитивно го оценија развојот на своите деца во однос на толеранцијата, меѓусебната комуникација, препознавање и почитување на различностите.

Во текот на реализацијата на ПРЕЦЕДЕ програмата се одржа и обука за Спроведување на акциско истражување и подготвување на мониторинг план. Имајќи во предвид дека акциските истражувања се важна форма и начин да се истражат и подобрат разни аспекти

од раниот детски развој, се обидовме да истражиме одредени аспекти од воспитанието и однесувањето во меѓусебната комуникација кај децата. Предмет на ова истражување беа:

- Воспитните ставови на родителите и стручниот кадар во градинката кон однесувањето на детето;
- Најубавите зборови за пријателство кои ги користат децата, родителите и вработените за да именуваат, опишат одредено однесување, особина во меѓусебната комуникација;
- Со подигање на свеста кај возрасните за позитивните воспитни влијанија на однесувањето на децата, ќе бидат позитивен пример за самите деца.

Во ова истражување беа опфатени децата на возраст од 5 - 6 години, нивните родители и воспитниот кадар, а резултатите од истражувањето беа презентирани во брошурата „Култура за мир".

### Позитивни страни

Имплементацијата на ПРЕЦЕДЕ програмата во нашата установа даде позитивни придобивки на сите кои беа вклучени во неа.

Најмногу позитивни искуства имаме во користењето на персонализираните кукли чие влијание врз децата се одрази во поттикнување на социоемоционалната интелигенција. Децата се идентификуваа со персонализираните кукли, се соживуваа, ги прифатија како дел од групата, а истите ни помогнаа и во надминување на конфликтните ситуации, насилството и нетолерантноста во групата. Преку пораката која ја пренесуваа куклите, децата се вклучуваа во активно решавање на проблемите на кои наидувавме во секојдневниот живот во групата. Децата кон куклите се однесуваа како кон вистински личности, им зборуваа, се однесуваа нежно со усклადени движења како кон вистинско дете. Тоа придонесе и кон јакнење на другарството, развивање на толерантноста, како и создавање на пријатна клима во занималната. Позитивни искуства имаме и со користење на коцката на чувствата, која, пак придонесе децата полесно да го развиваат поимот за себе, да ги препознаваат и искажуваат сопствените чувства, како и чувствата на другите деца во групата.

Методот на работа со персонализираните кукли поттикна интерес и кај другите воспитувачи во објектот кои покажаа подготвеност да ги користат куклите во дел од нивните активности за надминување на одредени конфликтни ситуации.

### Препорака

Сметаме дека ќе биде корисно сите воспитувачи да присуствуваат на обука преку која би се запознале со програмата, прирачникот за интегрирана програма за почитување на различностите и методот на работа со персонализирани кукли, а во секоја група да се обезбеди по еден комплет кукли прилагодени за нашето поднебје. Програмата ПРЕЦЕДЕ да продолжи да се реализира како дел од програмата за рано учење и развој.

**Ирена Атанасова**
воспитувач во Јавна општинска установа - Детска градинка „Детска радост“ - Струмица

## ПРЕЦЕДЕ во ЈОУДГ „Детска радост“- Струмица

Знаеме дека воспитувањето на децата пред сè зависи од семејството и атмосферата во него. Ние како детска градинка која беше вклучена во програмата за почитување на разликите, со помош на обуките и анкетите кои беа спроведени заедно со родителите и децата, придонесовме за надминување на тие разлики.

Обуките и праксата ни помогнаа за и ние самите да знаеме како да се однесуваме во дадени случаи со кои се среќаваме секојдневно во текот на нашата работа. Во програмата директно имавме вклучено дете до Даунов синдром и дете со телесна попреченост. Уште на самиот почеток при вклучувањето на децата со различности, останатите деца ги воочија разликите и нè прашуваа што им е на тие деца. Обуките кои ги поминавме и работилниците кои се вршеа на тие обуки, како и искуствата кои ги разменувавме со стручните лица кои беа вклучени во проектот, ни беа многу од полза во однос на работата, грижата и реализација на воспитно-образовниот процес спрема децата со потешкотии, како и во однос на прифаќањето на децата со потешкотии од страна на останатите деца во групите, без да обрнуваат внимание на разликите, при тоа помагајќи им во секојдневниот престој. Децата беа прифатени како дел од заедницата и разликите кои беа видливи помеѓу нив се надминаа.

Проектот се покажа како доста успешен, затоа што децата со потешкотии во развојот во ниту еден момент не се почувствуваа занемарени, отфрлени, различни од другите- тие беа дел од заедницата. Бидејќи проектот го оценивме како успешен, со понатамошната реализација на истиот ќе се има заемен бенефит, ќе биде од полза за сите, како за нас, како воспитувачи, така и за родителите на децата, а најмногу за децата со потешкотии кои се најмногу засегнати, со тоа што ќе им се олеснува престојот и прифаќањето во средината со кој се опкружени, а каде поминуваат дел од денот и каде се вклучени во воспитно- образовниот процес, како и останатите деца на нивна возраст згрижени во ЈОУДГ „Детска радост“ - Струмица.

**Роза Костеска** – директорка и **Марија Трпоска** – воспитувач во
Јавна општинска установа - Детска градинка „Јасна Ристеска“ - Охрид

## Придобивки за децата и возрасните од спроведувањето на ПРЕЦЕДЕ

Во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид, пректот се реализираше во подолг временски период, односно од март 2014 година, па сè до јуни 2016 г., со една група деца кои континуирано се следеа; со истите беа реализирани целите од ПРЕЦЕДЕ програмата и поради подолгиот период на следење на децата, придобивките беа јасно дефинирани, видливи и мерливи и истите беа оценети како позитивни промени кај децата.

Поради тоа ние предлагаме и се залагаме проектот да започне да се реализира со деца на 3 – 4-годишна возраст како би имале можност со континуирана работа со децата до шестгодишна возраст да влијаеме врз нивниот правилен развој, но и да влијаеме на односот на родителите кон овие прашања и воедно да се влијае и врз воспитно-образовниот кадар во насока на континуирано спроведување и подобрување на квалитетот на севкупниот живот во установата.

Како позитивни промени од ваквиот континуиран приод забележани се следните промени:

1. Кај децата:

- се разви поимот за себе;
- децата го развија аналитичкото мислење;
- се разви самопочитта и позитивните емоции (љубов, радост, среќа);
- годроста кон сопствените постигнувања, восхит, доверба;
- чувство за припадност кон групата и пошироката заедница;
- Децата покажуваа спремност отворено да ги прифатат позитивните особини на другите околу себе, како и да ги препознаваат и соодветно да реагираат на негативното однесување на врсниците, корективно влијаеа на нив и покажуваа високо ниво на толеранција; Развој на морални вредности;
- Негативните емоции, критиките и обвинувањата ги претвораа во позитивни;
- Покажуваа висок степен на почит кон возрасните, конкретно кон воспиниот тим, а воедно ги земаа како модел на однесување;
- Бранување на идеи, слободно искажување на своите мисли, почитување на туѓото мислење;
- Одредување на сличностите и определување на разликите;
- Се разви чувство за почитување на разликите;
- Се разбија стереотипите и предрасудите за повеќе прашања (поради тоа дојде до отстранување и дискриминација на истите);
- Децата престанаа со негативното етикетирање на другите околу себе;
- Децата научија што се тоа невербални искази и врз основа на истите научија да ги читаат емоционалните состојби кај другарчињата;
- Се разви активното слушање и почитта кон оној кој зборува;
- Сочувствување со другите луѓе (пимер,кога другарчето е тажно) ;

- Препознавање на конфликтни ситуации како и посредување за справување со истите (делење на играчките со другарчињата и учество во заеднички игри и активности);
- Се разви личната одговорност, препознавање на сопствените постапки и коригирање на негативните.

2. Кај возрасните:

- Се разви партнерски однос помеѓу семејството и градинката (меѓусебна почит, доверба, соработка и толеранција);
- Се разви потребата за еднаков пристап и изедначување на ставовите во однос на воспитувањето на децата дома и во градинка;
- Запознати се другите воспитни тимови со активностите во групата и делумно прифатија дел од активностите со децата во нивните групи за кои очекуваните резултати беа порано видливи;
- Запознаена е пошироката заедница за активностите преку медиуми, огласни табли и други средства за јавно информирање;
- Придобивките за воспитниот тим се можноста на корелација на програмата на ПРЕЦЕДЕ со сите воспитно-образовни подачја (домени), предвидени со Програмата за рано учење и развој, што даде широка лепеза на активности за реализација на истата со децата.

3. Се увиде важноста од спроведувањето на ваквиот пристап на учење кај децата од предучилишна возраст, кој се оцени како позитивен, како за децата така и за сите возрасни инволвирани во нивниот воспитно-образовен процес.

4. Преку горе наведените позитивни промени се постигна одржлив развој на ПРЕЦЕДЕ програмата како и остварување на целите замислени со истата. Имено од оваа година повторно воспитниот тим прифати група на деца на возраст од 3-4 години и продолжи со реализирање на активности од програмата сѐ со цел истата да се одржи во континуитет и да опфати што поголем број деца; со истата цел се работи на проширување на мрежата и во останатите воспитни групи.

**Рамије Даути** – директор и **Весна Томоска** – негувателка во
Јавна општинска установа - Детска градинка „Младост“ од Тетово

Со имплементирање на овој проект во нашата градинка сите ние сме посплотени со децата, родителите и околината.

ЈОУ Детска градинка „Младост“ од Тетово е вклучена во спроведувањето на дел од активностите на ПРЕЦЕДЕ мрежата уште од самите почетоци на истата. Нам како градинка ни е чест што сме дел од оваа мрежа и што активно учествуваме во постигнувањето на предвидените цели и резултати.

Прво би сакале да подвлечеме дека ДЕЦАТА многу малку прават разлики меѓу себе. Тие разлики ги прават возрасните и ги наметнуваат на дечињата. Во тој контекст нашето мислење е повеќе работа и соработка со родителите и нивна едукација за надминување на тие разлики.

Потоа ако сите ние, вие, околината, т.е според теоријата на Бронфенбренер, ако во средината која влијае на развојот на детето се работи со ЉУБОВ и само љубов, тогаш тоа дете се развива во позитивна личност која ќе ги надмине сите можни разлики.

Ние како установа, односно воспитувачите и негувателките, секогаш во работата со децата работиме на развојот на почитување на различностите кај малите деца преку сите можни активности. Но со воведување на овој проект во нашата градинка, со воведување на персонализираните кукли (нашите нови другарчиња) резултатите се многу позитивни. Дечињата ги прифатија како нови другарчиња, во секоја активност ги вклучуваат самите деца, а не ние; се грижат за Али, Ајше и Јана. Дури и нашиот Борјан, кој е доста луто дете, во својата игра е поагресивно спрема другарчињата, но во случајот со персонализирани кукли Борјан сака да игра со нив, се грижи за нив, е повнимателно другарче спрема нив.

После посетата на нашите персонализирани кукли во домот на Борјан можевме да воочиме позитивна промена кај него. Борјан беше помирен, позитивен и спрема другите деца од групата.

Многу често децата своите проблеми ги споделуваат со персонализираните кукли, на таков начин ние прво го дознаваме проблемот што постои кај детето, а потоа на ист начин го решаваме (преку персонализираните кукли, разговор со детето или родител во зависност од проблемот).

Во своите активности поврзани со овој проект беа вклучени и родителите, кои секогаш несебично беа активни во секој сегмент од нашата работа. Од сето тоа имаме големи позитивни резултати во релација: родител - дете - воспитувач; воспитувач – дете - родител; воспитувач – родител -дете.

За крај можеме да кажеме дека со имплементирање на овој проект во нашата градинка сите ние сме посплотени со децата, родителите и околината, а со тоа и посреќни, повесели, позадоволни, поангажирани, по...

**Деница Пешиноска** – воспитувач
Јавна општинска установа - Детска градинка „Планински цвет“ - Вевчани

## Придобивки од ПРЕЦЕДЕ програмата во нашата градинка

Нашата градинка се вклучи во соработка со Првата детска амбасада „Меѓаши“, односно ПРЕЦЕДЕ програмата за почитување на различностите, во 2014 година.

Таа всушност заземе позитивен став во однос на тоа што ПРЕЦЕДЕ програмата го нуди, како за нашата установа/воспитниот тим така и за децата кои се вклучени. Важен сегмент е и соработката со родителите како важен фактор при формирање мислења и дејствување кај самите деца. Во соработка со нив успеавме да влијаеме на перцепцијата на децата во однос на различностите и нивно согледување, почитување и прифаќање.

Придобивките беа и повеќе од очекувани. Прво за нас воспитувачите - разменување на искуства, идеи. Тука ќе ја наведеме и соработката меѓу колегите и пријателскиот однос.

Голем акцент ставаме на интересот на децата за персонализираните кукли, кои претставуваа дел од нивните слободни активности, не само од насочените активности. Пресоблекување/водење на хигиена, учество во драматизации, традиционални игри, во разни проблемски ситуации, истражувачки игри. Односно прифатеноста е на ниво. Коцката со емоции и огледалото, исто така, го насочуваат интересот и вниманието кај децата, во однос на: стекнување поим за самиот себе, препознавање на сопствените емоции и чувства, создавање чувство за емпатија, сочувствителност, хуманост, грижливост, воочување, прифаќање и почитување на различностите.

Да напоменеме дека во нашата градинка имаме чиста етничка група каде со помош на персонализираните кукли на некој начин им помогнавме на децата да согледаат дека постојат луѓе со различна етничка припадност, култура, јазик, традиција, бидејќи живеат во место кое е етнички чисто.

**Сања Ливринска** – педагог и **Софија Русева** – психолог во
Јавна општинска установа - Детска градинка „Фидани“ – Општина Чаир, Скопје

# Анализа на постигнатите резултати во однос на реализација на проектот ПРЕЦЕДЕ

## Вовед

Нашата градинка „Фидани“ од Скопје учествува во неколку проекти кои преку разновидни физичко-моторички, когнитивни, јазични и социјални активности успешно се реализираат во во пет објекти на градинката и тоа матичен објект, „Росица“, „Цвет“, „Бамби“ и „Петар Пан“.

Градинката Фидани со задоволство прифати да учествува и да биде дел од уште еден проект во соработка со Првата детска амбасада “Меѓаши“ и Меѓународната мрежа **ПРЕЦЕДЕ – Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа.** Нашиот воспитен тим започна со обука за имплементирање на Програмата ПРЕЦЕДЕ во мај 2014 год. и оттогаш активностите успешно и континуирано се спроведуваат во планираните групи.

Градинката „Фидани“ функционира во една мултикултурна заедница каде што се застапени повеќе националности и тоа: Македонци, Албанци, Бошњаци, Турци, Роми, а со тоа и децата растат во средина каде што има многу различни култури, традиции, верувања и обичаи.

Овој проект беше реализиран во објектот „Цвет“ во 2 групи: голема група од 5 – 6 г. и хетерогена (мешана група) која ја посетуваат деца на различна возраст и тоа од 3 – 6 години. Активностите во хомогената група се реализираат на албански јазик, а во хетерогената група на босански јазик. Децата потекнуваат од различни општествени слоеви, а степенот на образование на родителите се движи од завршено основно образование до завршено високо образование и магистратура.

**Семејството** претставува основен, примарен фактор кој влијае врз образованието на детето, формирањето на неговата личност, моралните и културните навики и идентитет, па според тоа сметаме дека размислувањата на самите родители, нивните предрасуди и различен поглед кон животот влијаат врз размислувањата на децата. Родителите своите искуства свесно или несвесно ги пренесуваат врз своите деца.

Многу често во зависност од личноста и степенот на зрелоста, децата ги забележуваат и чувствуваат разликите во нашата група.

Разликите најчесто се однесуваат на полот на детето (ти си момче, јас сум девојче), потоа децата многу често реагираат на нивната возраст (ти си мал, јас сум голем), а тоа доведува до конфликтна ситуација помеѓу нив и најчесто тие се растажуваат заради тоа, понекогаш и плачат (резултатот е: „Учителке, види, тој вели јас сум мал, кажи му дека сум голем„). Децата често бараат од воспитувачот утеха или поддршка. Одделни деца од групата секојдневно се издвојуваат со нивните коментари во однос на нивната облека („Видете денеска јас како сум облечен/а“, „дали ви се допаѓа фустанот, блузичката, панталоните?“, „видете каква сликичка има мојата блузичка“ и сл.). Најчесто девојчињата меѓусебно ги забележуваат украсните шноли и ластичињата за коса и коментираат кои се најубави.

Во нашиот објект „Цвет“, освен групата на босански јазик, постојат и други групи каде активностите се одвиваат на албански јазик. Ние воспитувачите планираме и реализира-

ме заеднички активности со другите групи. Се спроведуваат активности на тема Различни креативни изработки, користејќи притоа пластелин, глина или тесто, заеднички приредби на децата (рецитирање на различни стихотворби, пеење на песни или танцување, изведба на различни ритмички точки и кореографии) или активност: „Јас денес славам„ (активности поврзани со прослава на празник - запознавање на традицијата и обичаите), активност: „Различни семејства“ (децата го опишуваат своето семејство, набројуваат членови или раскажуваат кој каква улога има дома, кои се задолженија на секој член од семејството).

Децата забележуваат разлики во јазикот и реагираат во контекст: „Учителке, на кој јазик зборуваат овие деца? „Како се вика нивниот јазик?“, „Јас не ги разбирам ништо кога зборуваат“ и сл. Во вакви ситуации организираме активност „Различни јазици “.

Преку активностите предвидени за реализација од прирачникот децата покажаа дека различноста не е пречка за тие да не се дружат меѓусебно, заедно да играат најразлични игри, да споделуваат играчки, да цртаат или бојат, да учествуваат во заеднички точки и приредби.

По завршувањето на обуката за воспитувачи, предвидена од организаторите на проектот, ние пристапивме кон разгледување на прирачникот и добиените материјали и планирање на реализација на активности.

Сметаме дека **предучилишната установа**, после семејството, како втор важен и значаен фактор, преку организирани секојдневни активности може многу да придонесе за формирање на личноста и карактерот кај детето, усвојувањето на позитивните сегменти, вештини и техники, бидејќи раната предучилишна стимулација во првите 6 години е основен клуч кој ги отвора вратите на детската свест, помнење и знаење. Ние како воспитувачи можеме да создадеме и креираме една безбедна, сигурна, стимулативна и заштитена средина, која ќе биде поволна за формирање на детската перцепција и стекнување на знаења од различни области.

Во нашите групи воспитно-образовната работа се реализира врз основа на Програмата за рано учење и развој. Програмата е поделена на домени меѓу кои: Физичко здравје и моторен развој, Социоемоционален развој, Пристап кон учење, Развој на јазик, писменост и комуникација и Когнитивен развој и стекнување на општи знаења. Домените се поделени на субдомени и стандарди кои треба да се постигнат. Активностите од прирачникот, предвидени за реализација во група, ги адаптиравме во согласност со Програмата за рано учење и развој, нашите краткорочни месечни планирања и возраста на децата.

По обуката добивме и **материјали** за користење при имплементирање на активностите за Изградба на мирот. Меѓу нив се персонализирани кукли, коцка на чувствата, бои за тен, огледало. Сите материјали веднаш беа сместени во нашата занимална, а сите деца штом забележаа нови материјали, пристапија кон нивно разгледување. На децата им беше објаснето дека нив ќе ги користиме во текот на реализацијата на нашите активности. Сите материјали беа истакнати на видно место и беа достапни во секое време за децата во занималната. Децата беа многу љубопитни во однос на овие материјали, особено пројавуваа интерес за персонализираните кукли, огледалото и коцката на чувствата. Можеме да истакнеме дека овие материјали не беа користени само во текот на реализацијата на активностите предвидени со „Прирачникот за интегрирана програма за почитување на различностите“, туку и во другите активности. И децата многу брзо ги прифатија и ги користеа во различни активности, а најчесто во социјални игри, драматизации и игри на улоги.

За време на активностите по центри на учење, куклите беа дел од секој центар во занималната: литературен центар (додека децата разгледуваа списанија и сликовници, куклите ги држеа во раце), куклено–драмски центар (куклите секојдневно учествуваа во детските измислени игри), ликовен центар (децата ги цртаа и боеја куклите), во конструктивниот центар (децата со помош на пластични коцки конструираа куќи за куклите)...

На почетокот забележавме дека малите деца од група (од 2 години) куклите ги третираа како секое друго манипулативно средство - ги соблекуваа и облекуваа нивните алишта, ги туркаа од плакарот, но подоцна кога започнавме со реализација на активностите, куклите веќе станува дел од групната работа и групната дискусија, куклите започнаа да ни шепкаат. Децата започнаа да ги третираат поинаку. Наша забелешка е дека најчесто реакциите и коментарите на децата беа следни: „куклите се посебни - не се обични играчки, немој да ги газиш или удираш, немој да ги фрлаш, треба да се чува куклата, таа ни споделува свои случки, дава совети, преку нив можеме да научиме нови работи...“

На тој начин децата емоционално се приврзаа за куклите, мошне брзо ги научија нивните имињата, која кукла како изгледа, каква боја на кожа има... Преку активностите со куклите децата научија дека сите ние сме различни, различно се облекуваме, на различен јазик зборуваме, имаме свои обичаи и традиција, но разликите нè прават побогати и треба да ги почитуваме, меѓусебно да се дружиме. Разликата не треба да биде пречка за соработка во едно мултикултурно општество.

Кога станува збор за емоции, при реализација на активностите многу ни помогна коцката со чувства. Децата научија преку сликите да ги препознаавaат чувствата (дали се среќни, тажни, исплашени или лути). Многу лесно ги изразуваа емоциите преку мимики и движења на своето лице. Среќата, насмеаното лице и радоста беше повеќе присутна и препознатлива кај децата при реализацијата на активностите. Играјќи секојдневно со коцката децата, исто така, го усвоија поимот коцка како геометриско тело (придобивка и стекнување на знаења од предучилишна матетматика).

Огледалото како материјал и нагледно средство често беше користено во активности поврзани на тема: „Моите емоции“, „Кој сум јас?“, „Како изгледам?“, „Сите сме различни“. На децата им беше интересно да се гледаат и опишуваат себеси. Децата коментираа: „видете имам црна коса, моите очи се сини, јас и ти немаме иста боја на коса, погледнете каков нос имам јас“ и сл. Додека се гледаа во огледалото, правеа гримаси, се смееа. Огледалото им помогна на децата да се запознаат себеси, како изгледаат, ги поттикна да се опишуваат.

Соработката со семејството во однос на спроведување и реализација на планираните активности беше успешна. Во текот на целата година континуирано со родителите имавме кратки секојдневни консултации, телефонски разговори, едукативни посети, го посетивме Археолошкиот музеј, Спомен куќата на Мајка Тереза, Македонскиот народен театар, Зоолошката градина, Општината Чаир, прошетки до паркот во Чаир, Старата скопска чаршија, прославувавме родендени и празници и сл. Родителите учествуваа во некои планирани активности како на пример: родител гостин во група (родителот разговараше пред децата за својата улога во семејството, неговата професија). Родителите учествуваа во креативни работилници (изработуваа различни предмети од стара хартија и пластика) на тема „Од старо да направиме ново“.

Родителите учествуваа во активноста „Различни традиции - различни јадења“. При организација на мал коктел во градинката родителите донесоа свои домашно готвени традиционални специјалитети –јадења.

Наша забелешка во однос на организирање на заеднички семејни активности и родителски средби е дека истото поттикна поврзување на семејствата, па така тие продолжуваа да организираат прошетки и дружење надвор од нашата градинка и нашите активности.

## Придобивки и прогрес кај децата како резултат од релизација на активностите од ПРЕЦЕДЕ од аспект на Програмата за рано учење и развој по домени на развој

### Домен: Физичко здравје и моторен развој

- Подобрена координација на движења на деловите од телото;
- Координација око-рака;
- Развој на фина моторика;
- Стекнување на културно-хигиенски навики;
- Богатење на перцепцијата и развивање на сетилните органи.

### Домен: Социоемоционален развој

- Збогатување на социјалното искуство;
- Поттикнување на децата за учество во различни социјални игри, игри на улоги, имитативни игри;
- Поттикнување на препознавање на своите емоции и нивно искажување;
- Поттикнување на препознавање и почитување на емоциите кај другите луѓе;
- Развој на дружељубивост, толеранција, дарежливост, помагање на своите другари.

### Домен: Развој на јазик, писменост и комуникација

- Збогатување на речникот со нови зборови;
- Поттикнување на раскажување и опишување;
- Развој на интерес и љубов кон детската литература, книги, сликовници, списанија;
- Поттикнување за учење на стихотворби, јасно и изразно рецитирање.

### Домен: Пристап кон учење

- Детето е поттикнато да ги искажува своите идеи и мисли;
- Развој на издржливост, внимание, завршување на започнатите активности во целост;
- Развој и поттикнување на љубопитност.

### Домен: Когнитивен развој и стекнување на општи знаења

- Децата се стекнаа со знаења од различни области;

- Децата усвоија знаења за семејството, животните, овошјето и зеленчукот, запознавање со организацијата и продажбата на пазар, запознавање со деца со инвалидитет, знаења за животната средина, запознавање со вредноста на парите и за што се користат, својства на водата и за што служи таа;
- Учество на децата во различни математички, музички и ликовни активности.

## Сугестии од страна на воспитувачот во однос на реализација на активностите со децата од проектот

1. Во прирачникот, кој е наменет за воспитувачот, јасно да се одделат активностите од темите (да се оформи активност со јасен почеток и крај) за да се избегнат забуни и недоумици при планирањето и реализацијата на темите и активностите.
2. Во прирачникот можат да се прикажат одредени слики и фотографии за реализација на активноста со децата.
3. Може да се предложи литература, детски книги, списанија, сликовници кои ќе го олеснат изведувањето на активноста и по можност самиот проект да ги обезбеди истите што ќе биде од голема помош при реализација на активностите во групите.
4. Да се обезбеди разновиден дидактички и работен материјал за работа (боички, моливи, пластелин, блок, колаж-хартија, работни листови и сл.).
5. Во земјава живеат повеќе националности (Македонци, Бошњаци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи) што наметнува потреба од повеќе кукли, да не се става акцентот само на едни исти кукли, со што кај децата повеќе ќе се развие свеста за мултикултурализам.

# ВРЕДНОСТИТЕ КОИШТО ГИ ПРОМОВИРА ПРЕЦЕДЕ МРЕЖАТА СЕ И ВРЕДНОСТИ НА НАШАТА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**Светлана Којчева** – соработник за предучилишно образование Општина Гази Баба

## ПРЕЦЕДЕ програма

### Воведен дел

Прецеде проектот е многу важен за развивање на регионалната мрежа која има важно место во правецот на истакнувањето за вклученост на децата во воспитно-образовниот процес уште од нивна најрана возраст во градинките.

Семејството претставува главен фактор каде што детето сознава многу работи за средината и околината во којашто живее. Динамичниот начин на живот игра големо влијание на децата, а особено на презафатеноста на родителите која се одразува на остварувањето на воспитната улога на родителите.

Семејството треба да претставува спојка каде што детето ќе биде поврзано со средината и светот околу него во изградување и оформување на здрава личност.

Воспитанието влијае на оформување на личноста на детето уште од негова најрана возраст.

Воедно семејството како институција има потреба од заедничка грижа за воспитание и развој на детето од негова најрана возраст.

Детските градинки се место каде што престојуваат нашите најмали, каде што го поминуваат поголемиот дел од денот. Градинките го организираат престојот на децата во текот на денот преку разни видови на програми и активности кои се за доброто на најмалите членови на нашето опшество.

Поврзаноста меѓу родителот, воспитувачот и детето треба да биде насочена кон воведување на практики со кои би се стимулирало раното учење, воведување на содржини кои би ги поттикнувале децата, каде до израз би дошла нивната креативност во изразувањето.

### Кој променил, што променил? - Однесување, односи, активности, кога и каде

Раниот детски развој и едукацијата е еден од најважните периоди во развојот на децата. Со едукација на најмалите се вложуваат напори да се изградат здрави личности што е од особено значење за нашето општество. Развивањето на ПРЕЦЕДЕ мрежата ќе придонесе за развивање на стратешките цели на сите институции, локални заедници и сл. во јакнење на капацитетите, како носење и креирање на политики во кои би биле вклучени родителите, воспитно-згрижувачкиот кадар (воспитувачи и негуватели), медиуми, невладини организации, бизнис-секторот и други релевантни чинители.

### Зошто оваа промена е од особено значење?

Промената би била од големо значење бидејќи дечињата уште од најрана возраст со дополнителни активности би биле упатени кон подигање на нивната свест со теми и активности за правата на децата од сите групи, различностите, учење за традициите, обичаите , верски празници, начинот на живот на остатите националности сл.

Од особено значење за воспитно-згрижувачкиот кадар, вработени во локалните самоуправи, министерствата, невладини организации и сл. би било учеството на тркалезни маси,

конференции, работилници, дебати, размена на мислења, информации и сл. за зајакнување на политиките за ран детски развој.

Потребно е преземање на активности за лобирање, а воедно ширење на националната мрежа на ПРЕЦЕДЕ во која:

- би биле опфатени поголем број на градинки;
- би се лобирало кај пратеници, членови на влада, локални лидери, партии, видни лица и сл. за запознавање со значењето на ПРЕЦЕДЕ програмата;
- би се организирале кампањи на медиумите и припадниците на националните мрежи и др.

м-р **Ивана Костовска**
Советник за социјална заштита и заштита на децата - Општина Куманово

## Позитивните резултати кои произлегоа од ПРЕЦЕДЕ мрежата во нашата општина

Заштита на децата е една од најзначајните области на која работи Општина Куманово, преку Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита. Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и на единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика.[20)] Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита ги врши работите што се однесуваат на остварување на детската заштита и основање, функционирање и администрирање на установите од оваа област - детски градинки, согласно законот, а кои се во општинска надлежност.

Единицата на локална самоуправа - Општина Куманово со задоволство активно се вклучи во работата на ПРЕЦЕДЕ мрежата, со цел давање на максимален придонес за развојот на истата, секако во согласност со сопствените можности. Нашата мотивација за учество во еден ваков проект беше развивање на капацитетите за промена на јавните политики во областа на предучилишното образование. Општина Куманово има одлична соработка со ЈОУДГ „Ангел Шајче“ Куманово и секогаш дава голема поддршка на работата на градинката. Децата се нашето најголемо богатство и иднината на нашето општество, соодветно на тоа ЕЛС - Општина Куманово настојува оваа најважна категорија на граѓани да биде заштитена, поттикнувајќи развој на институциите во кои децата поминуваат поголем дел од денот - детските градинки и центрите за ран детски развој.

Општина Куманово, преку Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита, активно се вклучи во проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа“ во организација на Првата детска амбасада „Меѓаши“ – Скопје во текот на 2015 година, кога претставник на општината присуствуваше на обуките „Лобирање и застапување“ и „Почитување на различности и градење на мирот“. Во текот на 2016 година, општината преку свој претставник учествуваше на Меѓународната конференција „Што ни кажуваат малите деца?“, како и на семинар за почитување на различностите и градење на мирот.

Вредностите коишто ги промовира ПРЕЦЕДЕ мрежата, првенствено дека децата се во центарот, како и почитување на детските права, се и вредности на нашата локална самоуправа. Присуството на претставник од општината на овие обуки придонесува кон развој на самата локална самоуправа и на нејзините развојни и образовни политики, како и кон зајакнување на врската помеѓу општината и градинката. Потесна и континуирана соработка помеѓу сите чинители ќе придонесе за навремено идентификување на проблемите, наоѓање на ефикасни заеднички решенија и заедничко вложување и залагање со цел за создавање на еден поквалитетен воспитно-образовен систем за децата од предучилишна возраст.

Напорите кои ПРЕЦЕДЕ мрежата ги има посветено за спроведување и реализација на својот проект вродија со одличен резултат во нашата општина и градинката „Ангел Шајче“.

---

20) Закон за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15)

Ние како локална самоуправа го поздравуваме пристапот на работа за развојот на почитување на различностите и градење на мир и благосостојба на детето, кој покрај тоа што е насочен кон центарот - детето, насочен е и кон возрасните, односно кон вработените во детските градинки, и кон родителите, како највлијателни личности во животот на секое дете. За раниот развој на едно дете да се движи во позитивна насока во правец на градење мир и благосостојба, првенствено треба кај возрасните да се подигне свеста за важноста од градење на мир и почитување на разликите. Сметаме дека тоа е постигнато, со оглед дека во активностите од програмата учествуваа како воспитувачките и стручната служба од градинката, така и голем број на родители. Поврзаноста и добрата комуникација и соработка помеѓу децата, воспитувачките/стручната служба во градинките и родителите е исклучително значајна за стимулирање на раниот детски развој. Вложувањето во раниот детски развој од страна на сите возрасни придонесува децата да се изградат во силни и здрави личности кои ќе бидат столб на нашето општество.

Позитивните резултати кои произлегоа од ПРЕЦЕДЕ мрежата треба да бидат презентирани на ниво на целата држава, со цел мрежата да се прошири со опфаќање на што поголем број градинки. Јавноста и креаторите на политики треба да бидат запознаени со улогата и значењето на проектот кој успешно го спроведува мрежата, за да можат соодветно да придонесат кон уште поголем развој на државно и локално ниво.

Во однос на проширувањето на мрежата на што поголем број, а најдобро на сите градинки во државава, сметаме дека персонализираните кукли преку кои се спроведувани бројни активности во рамки на градинките се нешто што секое дете треба да има прилика да го доживее. Преку прифаќањето на персонализираните кукли како другарчиња, без разлика на нивните специфичности и различности, децата учат за толеранцијата, за прифаќање на луѓето и нивните карактеристики, за сличностите, но и за разликите помеѓу луѓето, за почитување на културата, религијата, обичаите, и најбитно учат за љубовта и почитувањето на другите. На тој начин, преку вклучување на куклите во активностите, се придонесува кон интелектуален, емоционален и социјален развој на децата на предучилишна возраст. Заради позитивните придобивки на секоја градинка којашто беше вклучена во програмата, треба да се прават напори истата да се прошири во секоја градинка, во секоја група, преку лобирање кај државни и локални креатори на политики, преку медиуми, на разни информативни средби, работилници и слично. Ваквите програми се од исклучителна важност за сите, за децата, за нивното семејство, за вработените во детските градинки и за целокупната заедница. Препорачуваме вклучување на сите градинки во националната мрежа на ПРЕЦЕДЕ за да можат да го споделат позитвното искуство на нашата детска градинка и нашата општина од спроведување на програмата.

**Маја Ашкилова, Марија Цонова Попова**
Општина Штип

## Позитивните искуства и резултати произлезени од проектот на мрежата ПРЕЦЕДЕ

### Воведен дел

Учењето во текот на раното детство е основа за успех во текот на целото понатамошно живеење, вклучувајќи го и образованието како важен сегмент на животот и затоа на сите деца треба да им се даде еднаква можност за успешен старт во животот. Од голема важност во развојот на учењето на малите деца е да се обезбеди навремено започнување на процесот на учење, притоа земајќи ги во предвид индивидуалните потреби на секое дете и разликите на средината од којашто потекнуваат.

Голема улога во оваа област има проектот на мрежата ПРЕЦЕДЕ којашто го поддржува индивидуалниот развој на секое дете без разлика на способностите, етничката, културолошката и социоекономската припадност.

Воспитувањето на децата и формирањето на нивната личност, нивните ставови и нивното гледање на работите започнува уште од најраната возраст, започнува од семејството, а продолжува во детската градинка, центрите за ран детски развој како и разни неформални облици на згрижување и воспитување на децата.

Токму затоа во секој проект и програма која се реализира во детските градинки, а кој има за цел да влијае на дечињата, на воведување на некое гледиште кај децата и почитување на различностите и повеќе од потребен е еден сеопфатен пристап, пристап во кој ќе бидат опфатени не само градинките, воспитувачите и децата туку и родителите.

Родителите се првата и најважната алка во градењето и развивањето на личноста на децата во најраното детство, со не помало влијание и во повозрасното детство. А пак негативните или позитивните ставови, однесувања, перцепирања стекнати во најраното детство ќе бидат „камен на сопнување" и ќе се проткајуваат во понатамошните нивни постапки.

### КОЈ променил, ШТО сменил? - однесување, односи, активности

Од особено значење за воведување на која било промена е сеопфатноста, вклучувањето на сите чинители на процесот, меѓусебното поврзување, но и одржливоста и позитивниот пристап.

Со ваквиот пристап на проектот ПРЕЦЕДЕ се покажува дека успешноста на еден проект е во регионален пристап во работата и поврзување на сите институции за развивање на стратешките цели - министерство, локалните заедници, градинките, невладините организации, децата и родителите.

Како локална самоуправа во чија надлежност се детскте градинки и детската заштита, а секогаш инволвирани во работата на градинките, но повеќе и како надворешни набљудувачи на целиот процес од воспитно–образовната и згрижувачка работа на детските градинки, можеме да истакнеме дека од особено значење е промената да започне прво од семејството. Ако одредена промена во случајот почитување на различностите и градење на култура на мир, па сè до ситуација на воведување на мировно образование започне од семејството, сметаме дека ќе има доста добри резултати.

Како локална самоуправа, кои како поддржувачи бевме дел од Прецеде програмата, сметаме дека од оваа програма во нашата работа можеме да добиеме многу добри искуства и практики.

## Оваа промена е од особено значење

Промената е од особено значење за работата на градинките, воспитувачите, а особено за дечињата кои уште од мали ќе се научат на почитување на различностите и градење на мирот, преку запознавање на традициите, обичаите на нивните другарчиња и начинот на живот на останатите националности.

# ПРЕДНОСТИ ОД ВОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Даниел Митковски** – Коалиција „Сите за правично судење“

## Секоја организација треба да се стреми кон подобро и поквалитетно работење и управување

Коалицијата на здруженија на граѓани Сите за правично судење, како формална мрежа во своето секојдневно работење активно комуницира со разни тела, институции како и со членовите и конституентите на истата. Тоа подразбира пишана и електронска комуникација како основно средство за информирање во редовната работа. Потребата од структуирање и евиденција како и стандарди и правила за формата, содржината и начинот на комуникација внатре и надвор од Коалицијата е она што го препознавме и е една од главните причини за нашето активно учество во ПРЕЦЕДЕ програмата, особено во делот на менаџментот на квалитет во организацијата и воведувањето на стандарди за квалитет во работата на организацијата, односно примената на ИСО 9001 стандардите. Иако во Коалицијата не постоеле пишани правила и процедури за комуникација, известување и контрола на квалитет, истите се применувале во голема мера онака како што е предвидено со ИСО 9001 стандарите, но истите никогаш не биле ставени на хартија.

Чекор по чекор со самото запознавање со стандардите увидовме дека потребно е истите да ги структуираме и да ги воведеме како дел од секојдневната работа со цел за поефикасно менаџирање на процесите, следење и оцена на работата како и оцена на квалитетот на услугите кои ги даваме. Она што е најважно за Коалицијата е процедурата која го уредува начинот на управување со проекти. Со тоа се овозможи јасен увид на начинот на кој се управува со проекти, кој за што е одговорен и кој пред кого одговара. Тоа понатаму многу ја олеснува евалуацијата на персоналот кој работел на истите.

Ова е од особено значење бидејќи самиот стандард значи дека организацијата следи одредени правила, стандарди и принципи на работа што оддава слика на транспарентност и отчетност во работата. Тоа пак самото по себе влева и доверба кај донаторите кои најчесто се единствениот извор на финансирање на Коалицијата и во целост на граѓанските организации.

Во рамките на оваа програма има посебна компонента која се однесува на јакнење на граѓанските организации во насока на подобрување на управувањето односно подобрување на менаџментот на квалитет во организациите. Во оваа насока, Детската амбасада „Меѓаши“ одржа неколку обуки за граѓански организации каде што се акцентираше предноста од воведување на стандарди за квалитет во работата на организацијата и остварувањето на нејзината мисија. Со оглед на тоа дека секоја една организација треба да се стреми кон подобро и поквалитетно работење и управување, како дел од кодексот на Коалицијата е токму тоа транспарентно, отчетно и квалитетно работење и постепено усогласување со ИСО 9001 стандардите за менаџмент на квалитет како и минимум критериуми кои треба да ги исполни организацијата, сè со цел во иднина да може да се стекне со сертификатот.

# PRECEDE

*Partnership for Reconciliation through Early Childhood Education and Development in Europe*

**Ние сме:** неформална национална мрежа составена од граѓански здруженија и организации, јавни и приватни установи, професионалци и експерти во предучилишното образование и развој, родители, истражувачи, креатори на политики, даватели на услуги, застапувачи на детските и човековите права, како и сите останати личности и организации заинтересирани за унапредување на македонското општество преку развивање на прифаќањето и соработката уште од најраната детска возраст.

**Наши партнери се:** Pomoc deci[21] од Србија, Centar za Civilne Inicijative[22] од Хрватска, Partnerë për Fëmijët[23] од Албанија, Balkan Sunflowers Kosovo[24] од Косово*, Deca prije svega[25] од Црна Гора, Early Years[26] од Северна Ирска и Прва детска амбасада во светот „Меѓаши"[27] од Република Македонија.

**Наши вредности се:**

Членовите на мрежата се решени заедно да работат, следејќи ги следните вредности и кодекси на однесување:

- Децата се во центарот, еколошки пристап;
- Почитување на детските права;
- Објективност и непристрасност;
- Професионалност.

**Нашиот фокус:**

Мали деца (0-8 години), нивните семејства, предучилишните установи, јавни и приватни установи, професионалци и експерти во предучилишното образование и развој, истражувачи, креатори на политики, даватели на услуги, застапувачи на детските и човековите права, граѓански здруженија и организации, како и сите останати личности и организации заинтересирани за унапредување на македонското општество преку развивање на прифаќањето и соработката уште од најраната детска возраст.

Наша и цел на програмата е: Да го поддржи влијанието на граѓанското општество врз процесот на помирување и кохезија преку образованието и развојот на децата од предучилишна возраст на Балканот и во Европа. Имено, насилството кон децата претставува кршење на нивните права и претставува сигурна прогноза за преживување насилство и во подоцнежните години од животот, било да е тоа во улога на жртва или пак во улога на насилник. Ова е причината заради која настојуваме да изградиме инклузивно општество во кое децата и возрасните ќе ги почитуваат различностите. Тоа подразбира развој на способ-

21) www.pomocdeci.org/sr
22) www.cci.hr
23) www.partnereperfemijet.org
24) www.balkansunflowers.org
25) www.djecaps.me/index.php/mne
26) www.early-years.org
27) www.childrensembassy.org.mk

ности за учење, емпатија и искоренување на предрасудите, со што би се зајакнала родовата еднаквост и би се промовирало еднакво вклучување на лица со различна вероисповед, различни можности и различна етничка, социјална, општествена и друга припадност. Исто така, ќе развиваме и тестираме методи, инструменти, едукативни модули и програми, со што ќе ги развиеме сопствените капацитети и ќе ги зајакнеме локалните заедници во македонското општество за подобрување на развојните и образовните политики и практики во Македонија, на Балканот и во Европа.

**Наша задача е:**

- Да развиеме одржлива регионална балканска мрежа на НВО-и која се занимава со активности за децата од предучилишна возраст, промовира прифаќање на другите и почитување на различностите;
- Да развиеме одржлива национална мрежа на НВО-и која промовира прифаќање на другите и почитување на различностите преку предучилишното воспитување и образование во земјите на Западниот Балкан;
- Да создадеме врска помеѓу националните НВО-и мрежи и ПРЕЦЕДЕ мрежите со меѓународните мрежи за децата од предучилишна возраст во конфликтни и постконфликтни земји.

**Очекувани резултати и постигнувања:**

1. Регионална ПРЕЦЕДЕ мрежа;
2. Национални мрежи во партнерските и другите земји на Западниот Балкан;
3. Програми, насоки и материјали за вклучување на теми поврзани со почитување на различностите, спречување на предрасудите и дискриминација во работата со децата од предучилишна возраст.

**Следни чекори:**

1. Јакнење на капацитетите на НВО-ите да спроведуваат истражувања;
2. Јакнење на НВО-ите да го следат спроведувањето на законите, меѓународните инструменти и останатите документи;
3. Јакнење на НВО-ите за промоција на целите;
4. Развивање на регионални програмски водичи за НВО-и на теми поврзани со градењето на мирот.

**Можности за заедничка работа:**

- Учествување на партнерските НВО-и од различни проекти во заеднички тренинзи за истражување, мониторинг, договарање, засилување на НВО-секторот во партнерските земји;
- Партнерските НВО-и од различни проекти стануваат членови на други национални мрежи на НВО-и;
- Размена на искуства и заклучоци од разни проекти низ заеднички листи на контакти, билтени, соопштувања, најави на случувања...;
- Очекуваните резултати ќе бидат видливи преку компонентите на програмата.

## Компоненти на ПРЕЦЕДЕ програмата

### Компонента 1:

Регионалната мрежа и најмалку седум национални мрежи на невладини организации имаат знаење и вештини да истражуваат и анализираат меѓународни и локални политики, програми и проекти во однос на спречување конфликти, градење на мир и помирување.

### Компонента 2:

Регионалната и најмалку седум национални НВО мрежи имаат знаење и вештини да го следат спроведувањето на политики, програми и проекти поврзани со спречување на конфликти, градење на мир и помирување низ воспитување и образование.

### Компонента 3:

Регионалната и најмалку седум национални НВО мрежи имаат знаење и вештини да промовираат вклучување на модули и теми важни за спречување на конфликти, градење на мир и помирување во националните планови и програми во предучилишното воспитување и образование.

### Компонента 4:

Изработка на регионални насоки и материјали карактеристични за секоја земја, корисни за реализација на активностите поврзани со помирување, градење на мир и спречување конфликти во предучилишното воспитување и образование.

### Компонента 5:

Организациско и директно засилување на локалните организации на граѓанското општество за да можат да добијат европски сертификати за остварените организациски и управни стандарди на квалитет.

### Како се станува член на мрежата?

Членството во мрежата е доброволно и отворено за сите заинтересирани поединци, организации и институции. Секој член одлучува за своите интереси и мотиви за членство, па во пракса придонесува кон развојот и угледот на мрежата, во согласност со своите можности.

Согласно нашите активности, основани се работни групи во рамките на мрежата кои се занимаваат со следните подрачја:

- Стекнување знаење и вештини во правењето истражувања, мониторинг и евалуација;
- Развој на капацитетите за промена на јавните политики во областа на предучилишното образование и развој;
- Развивање на помошни материјали кои промовираат прифаќање и соработка во предучилишна возраст;
- Развој на организациските капацитети: самоследење, евалуација и обезбедување на квалитет во пружањето услуги.

Членовите на работните групи ќе се стекнат со специфични знаења, ќе ги зајакнат сопствените капацитети и ќе придонесат кон напредокот на своите локални заедници, како и македонското граѓанско општество. Членовите на мрежата врз основа на сопствените интереси и сферата на делување, можат да се определат дали ќе се вклучат во активностите на некоја од работните групи на мрежата. Сите членови кои сакаат да станат членови на мрежата, ќе потпишат пристапница и дополнително ќе се определат дали и во која од групите ќе се приклучат.

## Организација на националната ПРЕЦЕЦЕ мрежа

1. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши" делува како секретаријат на неформалната ПРЕЦЕДЕ мрежа. Во тоа својство ги свикува, ги организира и ги следи сите активности и средби во врска со работењето на мрежата, вклучувајќи идентификување на други потенцијални извори на финансирање на мрежата.
2. Членството во ПРЕЦЕДЕ мрежата за градење на мирот со мали деца е отворено за сите кои се мотивирани и имаат интерес да учествуваат и да помогнат во спроведувањето на предвидените активности.
3. Членовите редовно добиваат информации и се охрабруваат да учествуваат во активности и настани организирани од страна на мрежата. Тоа се прави преку: директни средби и состаноци, преку електорнска комуникација, телефон, фејсбук-профил на ПРЕЦЕДЕ мрежата и други форми на комуникација.
4. Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" обезбедува стратешка и програмска поддршка на мрежата и истата ја претставува пред регионалната неформална ПРЕЦЕДЕ мрежа.
5. ПРЕЦЕДЕ мрежата има идентификувано тематски работни групи составени од членови на мрежата кои се фокусирани на активности од области идентификувани од страна на мрежата според компонентите на програмата. Тие вклучуваат: истражување, мониторирање, застапување и лобирање, програмски прирачници за работа со деца од областа на почитување на разликите и мировното образование и организациско јакнење на граѓанските организации. Секоја компонента има национален координатор и истиот е задолжен за помош и поддршка на работните групи, ги следи и спроведува активностите, подготвува извештај во име на компонентата и го доставува до Детска амбасада „Меѓаши".

Членките на ПРЕЦЕДЕ мрежата, исто така, се поттикнуваат да споделуваат информации, искуства, идеи и програми со Детската амбасада „Меѓаши" и со членовите на мрежата кои се однесуваат на активности поврзани со раниот детски развој, мировното образование и почитување на различностите. Сите членови на мрежата заедно со Детската амбасада „Меѓаши", како секретаријат на мрежата, се грижат и работат во насока на обезбедување на одржливост на истата.

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија.
Содржината на публикацијата е единствена одговорност на
**Прва детска амбасада во светот**
**МЕЃАШИ**
и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува
гледиштата на Европската Унија.


PRECEDE
Partnership for Reconciliation through Early Childhood Education
and Development in Europe
POMOĆ DECI
early years
the organisation for young children
CCI
CENTAR ZA
CIVILNE
INICIJATIVE
Partnerë
për Fëmijët
MEGJASHI
Balkan Sunflowers
NVO DJECA
PRIJE
SVEGA